**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија одржана на 29 јануари 2004 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓата Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дами и господа пратеници, ја отворам 52-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елеонора Петрова Митевска, Љупчо Георгиевски, Петар Наумовски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Никола Груевски, Џевдет Насуфи, Али Ахмети, Ванчо Георгиев и Фазли Велиу, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците: Спиро Мавровски, Иван Анастасовски, Силвана Бонева, Гајуп Сарач, Стојан Андов, Коце Трајановски, Трифун Костовски, Весна Борозан, Никола Апостоловски, Коста Прешоски, Фатим Сулејмановски, Слободан Даневски, Ѓорѓе Паљошовски, Емилија Костадинова, Јордан Михајловски, Драго Шајноски, Ангел Димитров, Ана Андова, Томе Тромбев, Лилјана Ивановска, Кире Дојчиновски, Рафиз Алити, Борче Петковски и Љубисав Иванов Ѕинго.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците, Невзат Бејта, Цветанка Иванова, Ѓорѓи Трендафилов, Зоран Шапуриќ и Јордан Михајловски.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Љубисав Иванов Ѕинго, Ванчо Стаменков и Лилјана Ивановска.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците: Љупчо Мешков, Ристана Лалчевска и Аднан Ќахил.

Министерот за труд и социјална политика достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Слободан Најдовски.

Министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците: Владо Паунков, Ѓорѓе Паљошковски и Славица Грковска.

Министерот за животна средина и просторно планирање достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците: Ана Андова и Ефтим Манев.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратниците Рафит Муминовиќ, Зоран Шапуриќ, Коста Прешоски и Слободан Најдовски.

Министерот за одбрана достави одговор на праеничкото прашање поставено од пратеникот Тито Петковски.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците, Фатмир Асани, Абдулаким Адеми и Цветанка Гашевска.

Министерот за внатрешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставнео од пратеникот Драго Шајноски.

Министерот за внатрешни работи достави одговори од доверлив карактер на пратеничките прашања поставени од пратениците Жарко Караџоски, Талат Џафери и Владо Паунков.

Бидејќи одговорите на министерот за внатрешни работи за прашањата поставени од пратениците Жарко Караџоски, Талат Џафери и Владо Паунков содржат податоци од доверлив карактер, ги молам пратениците Жарко Караџоски, Талат Џафери и Владо Паунков, доколку сакаат да постават дополнителни прашања, со тоа што тоа ќе го сторат без изнесување на податоците од доверлив карактер.

Доколку при поставувањето на дополнителните прашања пратениците имаат намера да изнесат податоци од доверлив карактер, претходно Собранието треба да одлучи да работи без присуство на јавноста. Согласно со Уставот на Република Македонија за исклужување на јавноста, Собранието одлучува без претрес со

двотретинско мнозинство на гласови, по предлог на претседателот на Собранието, Владата, или најмалку 20 пратеници.

Го молам министерот за внатрешни работи ова да го има предвид при давањето на одговорите на дополнителните прашања.

Меѓутоа, колку што можам да забележам, министерот за внатрешни работи во моментов не е присутен дали ќе дојде или ќе дојде некој негов заменик. (за 10-тина минути ќе дојде).

Дали тогаш колеги да ги оставиме овие прашања за подоцна кога ќе дојде министерот (да).

Има прашања од пратеникот Спиро Мавровски. (Не е тука).

Пратеникот Иван Анастасовски, го молам да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Се извинувам, бидејќи јас сега во моментов добив уште еден одговор на поставено прашање до Владата дали да се произнесам и за двата одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да. За двата одговора.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Во моментов добив уште еден одговор од Владата.

Што се однесува до првиот одговор околу спортско-рекреативниот центар “Стрелиште” во Куманово во населбата “Средорек”, прво овде на почетокот има една техничка грешка, Никола Апостолоски е колега кој седи од мојата лева страна. Овде пишува Никола Апостолоски, а се мисли најверојатно, на мене Иван Анастасовски. Тоа е техничка грешка.

Јас го ценам одговорот на Владата, меѓутоа, она што сакав дополнително да го кажам, бидејќи е навистина искрен и доста обемен, дополнително да прашам како и под кои услови и дали е ревидиран договорот каде што фудбалскиот стадион во Куманово е издаден под закуп на некое претпријатие, “Канада” Ацо ДОЕЛ договор 031427 од 15.08.2002 година, за период од 25 години, со месечна закупнина од 150 евра. А да напоменам на почетокот од одговорот стои дека Градскиот стадион е со површина во делот на соблекувалните 401 м2 и игралиште со површина од 20166 м2. Значи, дали е направена ревизија на овој договор околу фудбалскиот договор кој

е издаден на 25 години на некоја фирма за само 150 евра месечна закупнина. Тоа е моето дополнително прашање, во делот на она што е одговорено од Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Имате и за следното прашање.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Во писмена форма да ми се одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ги молам почитуваните претставници од Владата дали ќе може само да се следи пратениот да се види кој ќе може дополнително да одговори.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Во врска со вториот одговор што сега стигна во врска со асфалтирање на пат во Агино село, го ценам одговорот на Владата, бидејќи таа што кажува дека таа законски не е надлежна за изградба на локални патишта и улици, за тоа се надлежни општините, тогаш само ова би било апел до Фондот за магистсрани и регионални патишта, бидејќи тие издвојуваат средства и ги упатуваат до општините, да се притисне до општина Куманово, да се обезбедат дел од средствата за оваа делница која не е голема.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на пратеникот, одиме понатаму.

Ја молам пратеничката Силвана Бонева да се произнесе, дали е задоволна од одговорите добиени од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнителни прашања.

Повелете г-ѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, не ве разбрав за кој одговор на пратеничкото прашање се однесува, бидејќи имам три пратенички прашања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За сите.

СИЛВАНА БОНЕВА:

За првото пратеничко прашање кое писмено го доставив до Владата на Република Македонија, кое се однесуваше на пионерските домови за нивните објекти и за статусот на вработените, сум задоволна од она што е напишано и се надевам дека овој став што го има Владата во однос на просторот, кој што го отстапува има предлог кој што треба да се отстапи на користење од 30 годни на пионерските домови, логика би била и сите други институции кои се занимаваат со

аква дејност, односот на Владата и кон нив да биде ист во однос на просторот, значи да им се отстапи на користење за одреден период, без да бидат подложени на притисок за иселување и да се оневозможува на тој начин нивната работа. Овде пред се, мислам за работничките универзиети.

За другите две пратенички прашања, повторно ќе апелирам до Владата, малку повеќе да го почитува институтот пратенички прашања, бидејќи почитувана потпретседателке, токму сега го добив одговорот и само имам поминато една страница од одговорот. Навистина мислам дека посериозно треба да се почитуваат роковите кои се дадени во Деловникот и навреме да добиваме одговор од Владата, со цел да прочитаме барем пред седницата што е тоа што ни одговараат, а камо ли да се подготвиме. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Томе Тромбев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Повелете г-дине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам, јас сум задоволен од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Трифун Костовски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

За жал, јас тој одговор го немам пред себе и не можам да кажам ништо.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тогаш ги молам службите да проверат да го достават, па потоа ќе ви дадам основ да одговорите.

Пратеникот Гајур Сарач, не го гледам да е присутен.

Го молам пратеникот Стојан Андов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Повелете г-дине Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитувана г-ѓо потпретседателке, одговорот до мене не е дојден уште. Така да нека ми се достави одговорот, како што се доставува до сите да можам да го прочитам и ќе кажам нешто. Дали сум задоволен или не сум задоволен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам во името на службите ќе проверам во што е проблемот.

Го молам пратеникот Коце Трајановски, да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата, или има дополнителни прашања.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ја молам пратеничката Весна Борозан, да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од Владата,.

Повелете.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Благодарам.

До Владата поставив две пратенички прашања. Едното се однесуваше на процесот на фискализација. Одговорот е задоволителен, меѓутоа, потполно ќе бидам задоволна оној момент кога ќе биде фискализацијата спроведена во потполност во Македонија.

Во таа насока сметам дека би било корисно да се воведе дежурен телефон на кој што граѓаните ќе можат да известуваат во случај на неиздавање на фискални сметки.

Второто прашање се однесеува на процесот по комплетната процедура за издавање на дозволи за изградба на објекти за искористување на обновливите извори на енергија. Тука владата очигледно направи голем напор за да ја комплетира оваа процедура. Тоа е еден солиден документ кој што е направен и можам да кажам дека сум задоволна и да препорачам на Владата овој одговор на пратеничкото прашање да се доуреди и да се објави во форма на некоја брошура, која што може да биеде корисна за потенцијалните корисници, или потенцијалните инвеститори во оваа област.

Меѓутоа, сакам да укажам и на нешто друго. Ова пратеничко прашање јас го поставив во септември, а сега е јануари, и мене од позиција на пратеник ни требаат 4-5 месеци за да добијам одговор за ова прашање. Замислете колку време ќе му

треба на еден потенцијален ивеститор за да ја дознае целата процедура за добивање на решение за инвестиција во оваа област.

Во таа насока сакам да укажам дека самата процедура веројатно има недостатоци и дека Владата треба понатаму да поработи на оваа процедура, да ги воочи недостатоците и да ја направи целата оваа постапка по достапна за потенцијалните инвеститори.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Никола Апостолоски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Коста Прешоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Благодарам, иако е задоцнет, задоволен сум од одговорот на Владата и истовремено ја користам можноста во името на моите сограѓани да му се заблагодрам на г-динот Трифун Костовски за разбирањето и финансиската поддршка во реализацијата на Проектот водоснабдување на локалитетот Мечкин Камен.

Немам дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Асим Сулејмановски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата на Република Македонија или ќе постави дополнително прашање.

АСИМ СУЛЕЈМАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа пратеници, министри и претставници на Влада

Од двете прашања сум задоволен, а на третото имам доолнително прашање. Се однесеува за водоводот во село Скудриње. Дали до март ќе заврши изградбата на водоводот во Скудриње. Усмено да ми се одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Заменик министерот за транспорт и врски е тука дали би можеле вие да одговорите повелете.

ДЕАН КОШУТИЌ:

Сепак, писмено ќе му одговориме на пратеникот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен?

АСИМ СУЛЕЈМАНОВСКИ:

Благодарам, бидејќи нема друг избор. Инаку не сум задоволен од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам пратеникот Слободан Даневски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата на Република Македонија, или ќе постави дополнителни прашања.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, дами и господа пратеници, господа министри.

Јас поставив две пратенички прашања,

Првото пратеничко прашање е она со старо ново прашање, тоа е водоснабдувањето на градот Свети Николе со вода за пиење. Имено, како и многуте одговори кои ги добивав во изминатиот период и овој одговор кажува за тоа дека е даден одговор со фактографска ситуација што има преземено Владата за да се надмине проблемот.

За ваше информирање, и за информирање на целата јавност и ден денеска во градот Свети Николе, се носат цистерни за снабдување со вода, се работи за град од 15000 жители. Ова што е дадено како одговор од Министерството за екологија и кажани се активностите и дека се потрошени многу пари, а што е направено до ден денес нема ефекти, затоа што се зборува дека таму ќе се дотера и донатор и колагулатор и прочистителна станица и дека има активности. Сето тоа што е направено за предмет на ревизија, може да се и злоупотребени средствата, тоа е друго прашање, но ова што е дадено како активност не го решава проблемот на градот Свети Николе, затоа што нема да се реши и да се надмине проблемот.

Имено, станува збор за тоа што градот Свети Николе се снабдува со вода за пиење од браната Мавровица каде што било што да направат не постои таква техника дадена во моментот да се поправи петтата категорија на вода од браната Мавровица. Што значи ова што се прави е за втора фаза.Што значи, кога ќе биде водата чиста уште токлу да се дотера.

И ова што стои на крајот како одговор, варијанта или она што стои како времено решение, а се упатува на тоа дека крајното решение ќе биде во преспектива со ставање во функција на системот Злетовица што оваа година треба да отпочне , значи ни престои период од околу 15 години, што значи период од 10 до 15 години, како ќе живее, како мисли да се реши овој проблем од страна на Владата и ресорните министерства? Станува збор дека Владата изготвува проекти и Министерството за транспорт и врски како надлежно во делот на водите каде што стои за употреба на средства дека треба да постои иницијатива, дека треба да се направи барање, Буџетот е завршен, такви средства има-нема, не е дефинирано во самиот одговор и Владата упатува дека варијантата за водоснабдување со алтернативно решение, со шест бунари, како такво треба да се преиспита и дека треба да се стави во фаза на програма или перспективно решавање.

Мојата забелешка, упатување, молба до Владата да се земе приоритет, да се направи, иако сме на почетокот, таман сме на почетокот на годината каде што ресорните министерства што имаат во делот на своите, посебно Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделие, за животна средина, каде се издвојуваат средства за решавање на акутните проблеми со водоснабдување ширум Република Македонија, да се земе во приоритет ова решавање на шест алтерантивни бунари. Тоа, дека не постои студија, не постои елаборат, не е вистина. Дури, заинтересирани се многу наши куќи кои се бават со оваа дејснот.

Би било добро, еве, додатно прашање до Владата, да не ја оптоваруваме и јавноста и Владата со тоа што додатно да направи напори за додатен писмен одговор да каже што е направено за овој месец-два затоа што овде се даваат бројки и она што требало да се случи 2003 година, а ние веќе сме 2004 година и градот Свети Николе и ден денеска нема чиста вода за пиење. Оваа техника што ќе се употребува неможе да се направи водата да биде за употреба за граѓаните. Затоа што она што ќе се случи во идниот период, затоа што никој не сака да потпише дека водата и после овие зафаќања и со озонатот и со коагулатор и со прочистителни и со дотерување на филтер станицата, нема да биде она што значи носење на трихлор метаните, со мешање, со дотерување на водата, со делто на хлорот и органските материи и создавање реакција кога ќе ствара трихлорметани, а со тоа ќе создава потенцијални карцино-заболувања на граѓаните во Свети Николе, мислам дека стои како отворено прашање и ова Владата треба да го свати сериозно. Цела година град од 15 илјади жители со една цистерна, во овие зимски услови на -10, на -15 степени и на +40, не знам, да видите, тоа е жална ситуација.

Другите кажувања кажуваат дека водите во дадениот момент не само што не се за пиење, туку е толку загадена, контаминирана што не е ниту за техничка употреба. Моето прашање, одговорот на моево додатно прашање што ќе го поставам го барам во писмена форма, да се произнесе Владата што мисли да направи Владата за следниот месец дена, до седните пратенички прашања?

Благодарам за ова прашање.

За второто прашање, тоа е од Министерството за транспорт и врски, имено ние пратениците од сите политички партии кои живееме и гравитираме во источниот дел на Македонија, направивме една информација со дел на иницијатива на Владата на Република Македонија  за да се актуелизира прашањето на магистралниот пат Скопје-Свети Николе, Свети Николе - Штип, Штип - Делчево и Штип Струмица. Ова што е дадено како одговор од ресорното Мнистерство за транспорт и врски кажува за ниекои активности што произлегуваат од активноста на минатата Влада со средствата од Телекомот, од каде што се обезбедени средства за патниот правец Штиоп-Радовиш-Струмица, во износ од 76 милиони денари и на патниот правец Штип-Кочани за 39 милиони денари. Тоа се фактички средства за тековно одржување и дотерување на оние правци односно делот од каде што имаше оштетување од временските услови. Значи ништо не кажува Владата, почнувајќи од магистралниот пат делницата М-5 Штип-Кочани што предвидува дека се планирани некои активности во следната година, за оваа тековна 2004 година, каде што стои дека ќе се предвидат некои 23 милиони денари за подобрување, рехабилитација на делници на патниот правец до Пробиштип, на магистралинот пат М-6 Штип-Радовиш-Струмица, Василево-Струмица што во суштина не е одговор на пратеничкото прашање.

Одговор на пратеничкото прашање гласи што Владата мисли да направи во текот на 2004 година како иницијатива на Информацијата што ја приложивме некаде 30-тина пратеници и повеќе за да се реши овој проблем. Да не правиме паралела што во изминатиот период има направено државата за западниот дел на Македонија. Да не правиме сега запад-исток, но ако погледаме дека таму се пласирани големи средства, дека се дадени големи пари и добро што е направено и патниот правец што е направен Тетово-Скопје и Скопје-Гостивар и Гостивар-Охрид, во ред Кичево, се е во ред, во источниот дел на Македонија не е инвестиран ниту денар во овие 50 години.

Знаеме во какви услови се, сообраќајките се секојдневни, патната делница или овој регионален патен правец, почнуваќи од Велес до Свети Николе, до Штип е

застарен, правен е повеќе од 50 години, знаеме како е правен, да не кажам во едно друго време. Има завои , семпертини. Во зимски услови е тежок за одржување.

Барем од Владата , бидејќи имаме информации, посебно од Министерството за транспорт и врски, тука е заменикот кој ќе одговори, знам како ќе одговори, во писмена форма, го знаеме и одговорот, не треба да ми кажува како ќе одговори, туку да одговори што мисли Владата да направи во 2004 година за патниот правец Свети Николе-Миладиновци-Скопје, патниот правец Свети Николе-Штип-Делчево, патниот правец Штип-Струмица? Мислам дека е битно ова да влезе во Програмата зартоа што се најавени инвестиции од ЕЗ. Се зборува некаде за 150 милиони евра. Знаеме дека се друго е во втора фаза но кога се зборува за инфраструктура, посебно за патни правци , се одобруваат кредити. Мислам дека залужува Источна Македонија да добие еден патен правец, затоа што со ставање во функција во овој пратен правец се скратува делницата за некаде 36 км. во едне правец, а во двата правца се работи за некаде 72 км. Заслужуваат и тие граѓани во источниот дел на Македонија затоа што и тие плаќаат даноци и тие се граѓани на оваа држава, дали треба ние праксата што ја воведовме во оваа држава дека било што да бараме треба да бараме по пат на сила? Ако треба по пат на сила, со граѓанска непослушност, ако тоа е тренд во Македонија, затоа што трендот во Македонија е оној кој сака нешто да направи треба по пат на сила. Подготвени се нашите граѓани во источна Македонија, ако треба додатно ќе ги мотивираме да ја ибориме оваа иницијатива. Затоа што во оваа држава секоја граѓанска иницијатива поминува.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Двете дополнителни прашање беа за заменикот министер за транспорт и врски.

Господине Кошутиќ, повелете.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Господинот Даневски сепак не знае како ќе одговори замникот министер .Заменикот министер ќе му одговори усно, а доколку инсистира ќе добие и писмен договор.

На првото поставено прашање:

Во буџетската распределба на Министерството за транспорт и врски за 2003 година, за озонаторот за Свети Николе беа предвидени 3 милиони денари. Меѓутоа, бидејќи Министерството во соработка со локалната самоуправа проблемот за

водоснабдување на Свети Николе го стави како еден од примарните проекти на кои што треба да се посвети внимание, Министерството за транспорт и врски од средствата што не беа реализирани од Буџетот а беа предвидени за водоснабудање на локалната самоуправа 6.800.000 беа префрлени во Локалната самоуправа и со тоа се исполни заокружувањето на финансиската конструкција за озонаторот во Свети Николе.

Министерството за транспорт и врски меможе да прави проекти за локална самоуправа, значи единствено што може, може да одговори на проектите што се аплицирани до самото министерство. Значи, она што е за 2003 година аплицираше општината Свети Николе Министерството ја исполни финансиската конструкција што беше барана. Тоа е одговор на првото прашање.

На второто прашање делницата Штип-Кочани е целосно, согласно на временските услови, фондот за патишта максимални активности за ревилатизација на таа делница, секако согласно временските услови и делот Струмица-Штип.

Што се однесува до патот Свети Николе - Куманово за што пратеникот упорно инсистира да се постави како предмет на разгледување, нашиот одговор ќе биде повторно дека таа делница Свети Николе-Куманово останува како спорна делница и што е всушност дискутабилна. Ќе треба во иднина да се разгледува.

Меѓутоа, за останатите делници за кои што имаше иницијатива од пратеникот Штип-Кочани, Струмица-Штип и Штип-Велес што и според Просторниот план е предлог како приоритет се во целосна активност и ние сметаме дека во 2004 година тие активности ќе се довршат.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Даневски, повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине заменик министер,

Сигурно дека министерот нема да дојде во Свети Николе. Би било добро вие да дојдете во Свети Николе, да слушнете што ќе ве прашаат граѓаните, а ви препорачувам да не дојдете, затоа што не знам како ќе ве пречекаат граѓаните.

Во градот не интересира, ние сакаме да пиеме здрава вода за пиење. Тоа е прашањето. А овие прикаски коагулатор, озоноатор, луѓето не ги интересира. Та е работа на институциите. Граѓаните бараат - ние сакаме чиста вода за пиење. Ако

плаќаме, а плаќаат најскапа вода во државата, апсолутно најскапа, сакаат чиста вода за пиење. Тоа е одговорот.

За второт прашање, не се работи за патот Куманово и тоа што вие го нарекувате инвестиции, во народот, т.н. пластично е крпење дупки. Така го нарекуваат граѓаните. Во зимски период крпење  дупки. Ако е тоа одговор крпење дуПки, правење магистрала, незнам од каде се овие терминологии. Внесовте некоја свежина во терминологиите. Која делница е направена, со кои пари? Со 3 милиони денар? Со толку ќе направите делница? Источна магистрала? Се рцаботи за некаде 50 милиони евра г. заменик министре. Да не ги бркате вие бројките. 50 милиони евра најмалку. А не крпење дупки. Што правите ви е во источна  Македонија? Ништо не сте направиле. што, ќе ми одговорите вака, ќе ја смачкате работата, ништо не сте направиле. Што е направено за источна Македонија? Апсолутно ништо не е направено. И натаму гинат луѓето како крушки.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Информирана сум дека во меѓувреме г. Трипун Костовски и г. Андов ги добиле одговорите на прашањата кои што и претходно биле доставени. Од службите имам таква информација.

Г молам прво г. Трифун Костовски да се произнесе дали е задоволен од одговорите на Владата.

Повелете.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Да, задоволен сум од одговорот и морам да кажам дека во меѓувреме веќе се чувствуваат позитивни трендови барем во тој дел од користење на салите за спортските екипи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Го молам г. Стојан Андов да се произнесе.

Повелете.

СТОЈАН АНДОВ:

Од одговорот на моето прашање што го достави Владата не сум задоволен.

Прашањето беше во која фаза се активностите за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија  и Република Грција и подигање на досегашните претставништва кои се канцеларии за врски во ранг на амбасади.

Овде ми се одговара дека во системот на привремени претставништва какви што се канцелраиите за врски уште сега се преговара и се договара, ако е канцеларија за врски, да се воспостави и за конзуларни и комерцијални прашања во Битола и во Солун.

Всушност, ние денеска, еве ќе биде уште малку 9 години од потпишувањето на Времената спогодба, немаме воспоставено дипломатски односи со Грција. Тоа е фактот. Од Информацијата не се гледа зошто не се воспоставени дипломатски односи со Грција. Дали грчката страна одбива или ние не сме барале да воспоставиме дипломатски односи? Се разбира, канцелариите за врски се форма на времена поврзаност и за претставување таму каде што уште не се воспоставени дипломатски односи.

Сакам да истакнам дека во Времената спогодба веќе во првиот член меѓу другото стои одредба во која двете страни, првата и другата страна, се обврзува дека во најскоро време ќе воспостават дипломатски односи и тоа во ранг на амбасади. Таа одредба во Времената спогодба не е условена со ниту една спогодба. И, бедејќи нашата Времена спогодба е направена со подсредство со претседателот на САД, тогашниот претседател Бил Клинтон, Треба да се испитаат можностите да се даде една информација зошто е така, зошто двете страни и првата и втората не се изјасниле и не воспоставиле во најскоро време дипломатски односи, а нема никаква пречка во Времената спогодба, ниту е поврзано со било како друг услов, да се забрза оваа работа.

Сакам да ви кажам дека нашето напредување и кон НАТО, полноправно членство и кон ЕУ како кандидат а потоа и полноправен член е поврзано и со тоа какви ни се односите не само со соседите туку пред се со соседите членки на ЕУ. Ова може да биде огромна кочница во механизмот на ЕУ дури и формално, ако го задржува овој статус со нас Грција, формално да не подржи јавно, нема да може да оди процесот на апликација и добивање статус на кандидат и преговори за полноправно членство од фактот што ние, со една од членките на ЕУ немаме воспоставено дипломатски односи.

Можеби ова некому звучи како неважна работа, но ова е алармантен факт и нема никаква основа во односите зошто така да биде.

Не сум задоволен од одговорот. Напротив, Владата треба да излезе со програма на мерки и активности со што ќе не убеде и нас, ќе ги убеди и европјаните дека ова прашање во најскоро време, ќе биде решено така како што стои во

Времената спогодба заклучена на 13 септември 1995 година меѓу Република Македонија и Република Грција.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дополнително прашање немате.

Одиме понатаму со прашањата што беа поставени до министерот за внатрешни работи кој е присутен.

Го молам пратеникот Талат Џафери да се произнесе дали е задоволен од одговорот.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Претходно сакам да нагласам дека ќе имам дополнително прашање што се однесува на овој одговор, но бидејќи материјалите ми се испратени како строго доверливи, јас мислам дека во моето прашање нема податоци кои се некоја државна тајна, од причина што на таксативен начин побарав вкупен број на оние кои аплицирале од 1 јануари 2003 до 1 октомври 2003 година и се надевам дека ниту еден од тие податоци не е тајна за која не треба да се разговара тука. Доколку може вака да се прифати мојата сугестија, тогаш можам да поставам дополнително прашање, за да можам да дадам и една потврда што значи тоа кршење на процедура во давање одговор или пак донесување одлука за доделување државјанство на сите оние граѓани кои престојуваат во Македонија и аплицирале за државјанство на Република Македонија.

Уште еднаш ќе нагласам, доколку се потенцира дека податоците во одговорот на моето прашање не се државна тајна, би сакал да поставам дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Го молам министерот за внатрешни работи да се произнесе во врска со тоа.

ХАРИ КОСТОВ:

Се согласувам да се симне ознаката за доверливоста на материјалот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Џафери, повелете.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам.

Бидејќи констатиравме дека податоците што се дадени во одговорот на моето прашање не се тајна, моето дополнително прашање во овој правец до министерот за внатрешни работи се однесува на следново.

Ме инересира со име и презиме, според регионални единици кои се 14,19, албанци кои од второстепената комисија се одбиени во периодот 1.01.2003 - 1.10.2003 година и колку апликации има од првостепено значење со денешен ден односно до 29 јануари 2004 година.

Значи, вториот дел од дополнителното прашање е: колку апликации има со првостепено значење во однос на државјанството.

Сакам во продолжение да дадам образложение на прашањето до министерот за внатрешни работи, а особено да нагласам дека еден добар дел од овие работи не се однесуваат на мандатот на актуелнот министер. Ова сакам да го потврдам со документите што ги имаме за едно лице во Гостивар, што се соочува со рашомонијада во врска со апликацијата за државјанство од 1999 година до денес. Сакам да го спомнам името на лицетот и накусо тоа да го презентирам на министерот за која процедура станува збор. Кога ќе имаме можност за време на паузата ќе му дадам една копија на документите, бидејќи верувам дека вакви причини и случаи има навистина многу.

Имајќи предвид дека во меѓувреме ги усвоивме измените и дополнвуањата на Законот за државјанство, ние мислиме како нов парламентарен состав, како нов владин состав имаме обврска сите овие проблеми пред граѓаните да ги решиме на еден навистина добар начин. Затоа, дозволете ми да го прочитам името на лицето за кое станува збор и да кажам со што се соочува од 1999 година до сега ова лице.

Станува бор за Шпреса Горомани со живеалиште во Гостивар, ул."29 Ноември", која 1999 година аплицираше за државјанство, беше одбиена во 2000 година на второстепена комисија, на седницата на Владата одржана на 7 ферввруари 2002 година, нејзината жалба е прифатена, потпишана од потпретседателот на Комисијата Ќемал Муслиу, по што во повторното разгледување овој предмет повторно негативно се враќа од соодветниот орган односно од првостепената комисија, за што лицето за кое станува збор обжалува до Врховнот суд на Република Македонија, кој донесува одлука со која ја одбива претходната одлука на соодветниот орган со сугестија условот за кој се одвива, односно член 7 алинеја 1, точка 7 "опасен - на за безбедноста на државата", за што како судска одлука не се зема предвид и повторно странката се враќа на првостепениот орган, од каде што исто така добива негативна одлука, одлука која на второстепена комисија ја

потврдува негативно комисијата, второстепената владина комисија и на седницата на Владата од 2003 година, потпретседателот на Комисијата Миле Зечевиќ барањето на странката се одбива, за што Министерството со ниту еден факт не ја потврдува оправданоста на тоа што подрзбира член 7 алинеја 1 точка 7 од Законот за државјанство, сега веќе стар закон.

Се надеваме дека врз основа на оваа иницијатива и реагирање во Парламентот министерот и соодветните органи во Министерството на ова прашање ќе пријдат во една поинаква форма, а јас како пратеник додека не се реши конечно ова прашање секогаш, доколку има причина, еден по еден случај ќе ги поставувам со една цел еднаш засекогаш да се решат овие прашања и дека тие прашања врз основа на закон ќе се решат. Значи барам листа од 419 албанци кои се одбиени според регионални единици на Министерството за внатрешни работи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали министерот Хари Костов ќе одговори на дополнителното прашање?

ХАРИ КОСТОВ:

Не ќе можам поединечно 419 имиња сега да ги најдам, па според тоа на поставеното прашање ќе одговориме во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

На поставеното прашање од пратеникот Жарко Караџоски, добиен е одговор од Министерството за внатрешни работи, па го молам пратеникот да се произнесе дали е задоволен од добиениот одговор или сака да постави дополнително прашање.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, тој одговор го немам добиено и неможам да кажам дали сум задоволен или не, но во секој случај, со оглед дека е во писмена форма, верувам дека министерот за внатрешни работи одговорил на она што го барав.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Инаку, доверливите пршања по посебна пошта одат и лично се предаваат.

Информирана сум дека и тие прашања, за кои пред малку беше кажано дека не биле доставени, се доставени пред еден месец отприлика, така што нема одговор на прашање што е на дневен ред што не е доставен. Јас ве молам да побарате во сопствената пошта.

Дали пратеникот Владо Паунков, може да се произнесе во врска со одговор добиен од Министерството на внатрешни работи, дали е задоволен од одговорот, или ќе постави дополнително прашање.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Благодарам, од одговорот сум задоволен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пратеникот Драги Шајновски, дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

ДРАГИ ШАЈНОВСКИ:

Од добиениот одговор не сум задоволен бидејќи не е точна информацијата што му е доставена на министерот дека во Фабриката на ЕМО во село Лешани е спроведена судска одлука. Тоа е дезинформација за јавноста со однапред пресметани цели и ефекти. Денес, господине министре, можете да дојдете таму и да се уверите дека сите влезови се затворени и недостапни како за управителите и пописните..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Само господине Шајновски, водете сметка за тоа дали се податоците од двоерлив карактер.

ДРАГИ ШАЈНОВСКИ:

И денес го поканувам министерот да дојде таму и да се увери дека оваа информација што му е дадена не е точна и дека сите влезови на фабриката сеуште се затворени веќе десет месеци и се недостапни како за легалните управители и пописните комисии, така и за работните кои сакаат да работат. Напротив, со поддршка од началникот на МВР - Охрид, чија сопруга и шура се активни штрајкувачи, полицијата не само што вистински не асистира при спроведувањето на судската одлука туку рамо до рамо со штрајкувачите и неколкуте локални моќници од СДСМ ги заплашува и малтретира работниците кои не штрајкуваат.

Покрај тоа, веќе десет месеци полицијата секојдневно ги внесува штрајкувачите и други невработени лиц во кругот на ЕМО, ги чува и по 2-3 часа стоење во кругот заедно со нив полицијата заминува, наместо да го чува приватниот имот и легално избраното раководство од овие натрапници.

Тврдам дека ова е класичен случај на злоупотреба на полицијата за политички цели, каде што полицијата поддржана од Македонската телевизија и А-1 телевизија насилно и со дезинформации се обидува да го руши легално избраното раководство на ЕМО, а со континуиран притисок од десет месеци со сите сили настојува да ја

уништи фирмата ЕМО за да исполни желби на поранешни директори и членови на СДСМ.

Пред два дена, после десетмесечни истраги, претседателот на Антикорупциската комисија јавно изјави дека приватизацијата е спроведена исправно. После тоа нека објасни полицијата кого во суштина штит и во ЕМО и зошто.

Затоа, повторно барам писмен одговор од ценетиот министер на поставеното прашање. Притоа не би требало да пишува три страници за работи кои не се докажани, за кои јас и не прашав, со кои тенденциозно се маниулира, се замајува јавноста, со што на ЕМО му се нанесуваат штети во бизнизот, за кои штети некој ќе мора да одговара наскоро како пред судовите, така и пред оние 3000 вработени во ЕМО.

Почитуван министре, “не колете го волот за да му го извадите оглавникот, пресечете му го оглавникот”.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Беше побаран одговор во писмена форма на дополнителното прашање.

Дали евентуално би сакале нешто да коментирате?

ХАРИ КОСТОВ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Јас ќе одговорам на оваа седница, а не во писмена форма, затоа што очигледно пратеникот наместо конкретното прашање што го има поставено се обидува некои политички тензии и инсинуации да прави, а очигледно нема видено што значи судски налог и што значи барање за асистенција на полиција. Судскиот налог со кој се бара асистениција на полицијата има утврдено точно конкетен датум и време во кој таа асистенција треба да се даде и тоа што е напишано во одговорот на Министерството за внатрешни работи и точно и извршено.

Она што Министерството за внатрешни работи прави: настанот со Лешани, конкретен датум е 28 јули 2003 година, полицијата го изврши судскиот налог и тие не се бланко налози за секој ден, за постојано. Судот оценува ако има потреба да се даде асистенција, ќе даде налог во кој повторно ќе има конкретен ден и конкретен час во кој судијата ја бара таа асистенција од Министерството за внатрешни работи.

Уште еднаш сакам да демантирам дека воопшто не е постапено. Постапено е и е извршено, што може да се види и по списите во судовите.

Полицијата кога е присутна во еден или друг објект, таму е присутна само за да обезбеди ненарушување на јавниот ред и мир. Полицијата не е на тоа место за

да одлучува кој е сопственик а кој не е сопственик, туку тоа е резултат на соодветни судски постапки кои треба да се водат.

Според тоа, полицијата во ниту еден случај до сега, иако како што кажа и пратеникот постои подолго време штрајк во разни објекти во ЕМО, никого не воведувала и заштитувала, туку напротив, го заштитуваше она што некои приватни агенции за обезбедување напаѓаа луѓе и за беа поднесени пријави.

На крајот, очигледно дека пратеникот или не го гледал или не го дослушал ставот на Антикорупциската комисија иако не е моја работа да го коментирам, но би го упатил уште еднаш да ги побара видео касетите и извештаите во весниците, па да види каков став и извештај имаше антикорупциската комисија во врска со приватизацијата со ЕМО.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Сега го молам пратеникот Спиро Мавровски, да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од Владата на Република Македонија или сака да постави допололнителни пашања.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас имам тука два одговори. Едниот се однесува на ТАТ. Одговорот го добив од Централниот депозитар, од него беше побаран во однос на конвертабилните сертификати, за кој што добив информација дека најмалата вредност била 23,51 проценти од номинаната вредност. Ова се податоци добиени од Македонската берза, но бидејќи веќе имаме закон за ТАТ кој скоро треба да дојде на Собрание, би поставил дополнителн прашање:

Колкава е моменталната вредност на конвертибилите сертификати.

Ако може на ова прашање да добијам одговор што побрзо, или ако некој има инфромација во моментот тоа да го пренесе. Тоа е едното прашање што се однесува на ТАТ.

А другото прашање беше поставено на 24.04.2003 година и прашањето беше во врска со Олимписките игри во Грција, Железничката пруга Битола - Лерин и што Владата мислела да преземе за југозападниот дел на Република Македонија по однос на спортските и туристичките објекти и се она останато, за да можеме да искористиме дел од овие подготовки за Олимписките игри. Сега сме 2004 година и во одговорот на Владата добивам информација дека Буџетот за 2003 година на Министерството за транспорт и врски нема планирано средства за изградба на

железничка пруга.Таа мислам дека е изградена, само треба да се реновира или репарира, но без разлика на се, за 2003 година не беа предвидени средства.

Дополнителното прашање е дали за 2004 година се предвидени некакви средства.

Другото прашање беше во однос на сите оние тополи што се исечени на патниот правец Битола - Кременица до грчката граница, претпоставував дека тоа е дел од некој пат што во моментот ќе го градат за Олимписките игри, но добив информација дека тоа е извршено врз основа на барае на ЗИК "Пелагонија, АД Битола, за да се направел одводниот канал по патот за Битола-Кременица. Сега тополите биле стари. Колку што знам, тополите се насадени пред 10-15 години. На вакво исто барање на Градскиот стадион во Битола, каде што тополите се насадени 1956 година и кога некои од нив веќе паѓаат, таква дозвола неможеше да се добие да се сечат тополите. Не знам што е проблемот.

Дополнителното прашање би било: колку тополи се исечени и колку метри кубни дрва од овие тополи се добиени и каде се однесени тие тополи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ги молам претставниците на Владата за првото дополнително прашање за ТАТ да се произнесат.

Има збор господинот Димко Кокароски, заменик министер за финансии.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Колку што го разбрав господинот Мавровски тој се повика на една информација од Централниот депозитар од хартии од вредност, каде што вредноста на конвертибилните сертификати беше 23,51. Меѓутоа, факт е тоа дека колку рокот изминува, сертификатите се со ограничена вредност, толку нивната вредност перманентно паѓа. Тоа се секјдневни промени. Денеска немам погледнато точно, но тој износ односно тој процент е некаде под 20%, помеѓу 15 и 20%. Така што, вредноста на сертификатите е значително падната.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

На второто потпрашање, дополнително прашање за Олимписките игри, кој би можел да одговори, дали господинот Кошутиќ?

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

На кој дел, за Олимписки игри, или за тополи?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За Олимписките игри.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

За Олимписките игри ќе добие написмено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, благодарам, а за тополите дали би можел некој да даде одговор на дополнителното прашање?

За тополите, дали ќе може да добие одговор на дополнителното прашање? Веројатно Владата и на тоа писмено, дополнително ќе одговори. Во ред.

Одиме понатаму.

Го молам пратеникот Ѓорѓе Паљошковски да се произнесе. Господине Паљошковки ве молам да се произнесете за одговорот добиен од Владата на Република Македонија и дали имате дополнително прашање. Повелете.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке,

Од одговорот на моето прашање од Владата на Република Македонија делимично сум задоволен. А што се однесува од одговорот на второто мое пратеничко прашање од министерот за образование не сум задоволен од одговорот на прашањето од министерот, затоа што и во повторниот одговор се избегнува суштината на проблемот. Затоа, конкретизирам и барам, одговорот од самио министер, а не од училиштето во кое на разрешената директорка Мирјана Зекирова и престана работниот однос, само со неговото решение за разрешување и со ниту еден друг документ, седум месеци по нејзиниот избор  на редовен конкурс, со мандат од четири години.

Дополнителното мое прашање го поставувам до министерот. Дали може на разрешениот директор Мирјана Зекирова да и престане работниот однос само со неговото решение за разрешување и зошто не е распоредена во исто или во други училишта во кои меѓувреме, и додека чекаше распоред се примаа нови кадри со исто образование.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Министерот за образование не е присутен, така што ова ќе биде пренесено до него и писмено ќе го добиете одговорот на дополнителното прашање, а сега ја молам пратеничката Емилија Костадинова да се произнесе дали е задоволна  од одговорот добиен од Владата на Република Македонија. Повелете.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

На прашањето кое е од доверлив карактер или на она другото?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На прашањето што го имате пред вас добиено од Владата.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Да, имам два одговори, затоа прашувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За двата можете да се произнесете.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам што најпосле добив одговор на моето пратеничко прашање упатено до Владата на Република Македонија на ден 10 јули 2003 година, а кое се однесуваше на невремето што го зафати дел од Виничка општина на ден 3 јуни 2003 година, поготово најповеќе населените места село Лески и село Градец.

Одговорот ми беше битен од аспект на тоа што локалната валст ја префрла одговорноста на централно ниво. Од одговорот произлегува дека сите ингеренции за утврдување на висината на штетата и извештајот задолжение на општинската комисија. Од тоа произлегува дека општинската комисија целосно не ја завршила работата односно не доставила извештај до Републичката комисија за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, па со тоа изостанала и можноста тој проблем да се разгледува на републичко ниво и да се изврши согледување дали висината на штетата има елементи на штета предизвикана од елементарна непогода. Но, единствено жалам дека сето тоа е слаба утеха за жителите од населените места, што претрпеа штета од невремето. Благодарам.

За вториот одговор на моето пратеничко прашање упатено до Владата на Република Македонија на ден 25 септември 2003 година, сум задоволна, бидејќи одговорот хронолошки ги содржи сите преземени активности од надлежните институции.

Единствено ја користам можноста да упатам критика до Агенцијата за приватизација, која на две закажани рочишта, едното во ноември, а другото во декември, не упати свој претставник во Основниот суд, со што придонесува спорот што се води пред овој суд непотребно да се одолголекува и да нема правна разрешница.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ја молам пратеничката Ана Андова да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од Владата на Република Македонија.

АНА АНДОВА:

Благодарам госпоѓо потпреседател,

Јас имав упатено две прашања до Владата на Република Македонија.

Првото прашање се однесуваше на граничниот премин Пулевец. Се заблагодарувам на одговорот, меѓутоа, од одговорот доаѓам до констатација дека сега е на потег Министерството за надворешни работи и ние понатаму ќе го потсетуваме ова Министерство да го актуелизира прашањето кај нашите соседи, надлежните институции во Република Грција, за да биде одредена пресечната точка на оската на патот кај граничната линија, за да може да се премине на изработка на урбанистички проект за граничен премин. Бидејќи, во одоговорот добив одговор дека за тоа има предвидено средства за изработка на урбанистички планови. Благодарам за одговорот.

Другото прашање се однесуваше на статусот кој произлегува од работни односи за вработените од работна единица Макарија од Хидросистемот “Лозар”. Бидејќи сега го добив одговорот на моето прашање кое беше поставено во пишана форма, истиот е обемен и имам дополнително прашање, за кое сега во моментот претпоставувам дека треба да го упатам преку Министерството за труд и социјална политика до Државниот инспекторат за труд. И, бидејќи, ми требаат дополнителни констатации, моето прашање ќе го упатам во пишана форма. Благодара.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Ја молам пратеничката Лилјана Ивановска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Владата на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам потпретседателке,

Моето прашање се однесуваше за изградбата на кракот од Медицински центар Струмица, во делот на информирањето околу постапката и сегашната состојба која е од изградбата сум задоволна. Меѓутоа, не сум задоволна од одговорот, во одговорот на прашањето не содржи која сума е исплатена на изведувачот, а со оглед на тоа дека во постојната ситуација е многу мал делот од градежните работи изведени и во делот на спроведувањето на Одлуката на Владата на Република Македонија во вршење на ревизија на сите проекти финансирани од продажбата на Телеком.

Затоа, апелирам до Владата на Република Македонија да изврши ревизија на проектот за изградба на Телеком и износот на сумата која што е исплатена на

изведувачот, затоа што постои голема разлика во тоа што е изведено и во тоа што е договорено.

Благодарам

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Го молам пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија .

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Одговорот на ова обемно, сложено и многу важно и карактеристично прашање го добив само пред неколку минути, а тоа предизвика голем интерес, гледам и кај пратениците и кај јавноста. Јас успеав да го прочитам до половина. Според тоа, ќе молам да дадам свој коментар во врска со овој одговор на наредната седница. Благодарам. Да се запише таму.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Во ред, ќе се пријавите во рамките на опозиционата листа, нема проблем.

Го молам пратеникот Борче Петковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Благодарам.

Во одговорот на прашањето во врска со приватизацијата на битолски “Лозар”, практично е и лоцирано местото каде што е направено злосторството, а тоа е Агенцијата за приватизација и управниот одбор. На ваквиот одговор следи и дополнително прашање, кое би било упатено до Министерството за внатрешни работи.

Прашањето е, дали Министерството за внатрешни работи има поведен истрага против претседателот на тогашниот Управен одбор, познатиот Ламбе Арнаудов, и тогашниот директор на Агенцијата за приватизација. Доколку е поведена истрага, до каде е стигнато со истрагата, а доколку не е пвоедена истрага, прашувам зошто тоа не е направено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали би можел некој од Владата на Република Македонија да одговори на дополнителното прашање?

ХАРИ КОСТОВ:

Потпреседателке, писмено ќе одговориме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Го молам пратеникот Рафис Алити да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам госпоѓобразование потпреседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Добро е што оваа Влада се ангажира да го спаси тоа што може а се спаси во врска со изградбата на 30 спортски сали, што беше предвидено да се изградат од минатата Влада. Оваа иницијатива од минатата Влада за изградба на 30-те сали се чекаше, се дочека и се поздрави од страна на населението. Меѓутоа, одговорот што го добив, според добиената информација, во Буџетот на Република Македонија, ставката предвидена за изградба на спортски објекти поделени се 300 милиони денари, додека во Буџетот на Агенцијата за млади и спорт се лоцирани 88 милиони денари.

Мене ме интересира зошто се случи ова, каде се другите средства?

Дополнително прашање, од оваа Влада се предвидува во Западна Македонија да се изгради некој објект предвиден од минатата Влада, се разбира, од тие 30 сали, кои што беа предвидени. Ќе беше добро одговорот да биде во писмена форма. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Значи, за сите прашања ќе се добие одговор во писмена форма.

Го молам пратеникот Драго Шајноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Од одговорот на министерот за економија сум задоволен. Одговорот е професионален, без никакви други странични прикаски околу него, околу одговорот.

Имам само уште една молба или барање ако е расположен да ја посети нашата фирма или пак да ги прими извршниот директор и бордот на директори на еден разговор кај нив од 15-тина минути.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Шајноски.

Министерот Јакимовски?

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Ако сте задоволен требаше и да објасните, зошто сте и незадоволен од одговорот. Инаку, што се однесува до приемот нема зошто да не бидат примени, напротив, јас веќе еднаш и разговарав со вашиот директор, меѓутоа, доколку има потреба, секако и сум спремен да дојдам во Охрид да ја посетам вашата фабрика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам, да не настане недоразбирање, пратеникот рече дека е задоволен од одговорот.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Тогаш извинете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, се разбравме.

Го молам пратеникот Ангел Димитров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Јас и благодарам на Владата што навистина најде време да ми одговори на ова прашање, кое е од многу голем интерес за поранешните вработени на Текстилната фабрика "Снитес" од Свети Николе. Но, со одговорот на прашањето воопшто не сум задоволен, затоа што во суштина Владата на Република Македонија само ја повторува постапката која била спроведена. Потврдува дека државниот капитал бил пријавен во Централниот депозитар. Потврдува дека надлежна била Агенција на Република Македонија за приватизација за продажба на овој имот и ги потврдува бројките т.е. процентот, висината на овој капитал што бил продаден. Но, воопшто не ми дава одговор на прашањето, која е постапката понатаму и кој државен орган треба да ги уплати придонесите на Фондот на ПИОМ, што е навистина важно за луѓето кои биле поранешни работници на "Ситес" и тоа е моето дополнително прашање. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

До кого го упатувате директо прашањето?

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

До Владата на Република Македонија или Министерството за труд и социјална политика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас би го замолила министерот за труд и социјална политика ако е тука, ако може да одговори на дополнителното прашање или ќе одиме сега понатаму и доколку министерот се врати, ќе го потсетиме.

Го молам пратеникот Киро Дојчиновски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Благодарам.

На 30 октомври 2003 година упатив пратеничко прашање до Владата на Република Македонија , чија што суштина, главно, излегува вака.

Во многу стечајни постапки, одредени стечајни управници во постапката извршиле отуѓување на дел од имотите или целите имоти на одредени фирми изградени на таканаречено по дива постапка на државно земјиште, за кое што не постоел детален урбанистички план. Бидејќи сега, новите газди сакаат да извршат трансформација на она што го купиле, тие се соочуваат со голем број на проблеми. Исто така, во ова прашање беше и тоа дека е извршено отуѓување и на фирми за кои што подоцна се јавиле веќе претходни сопственици. Сето тоа доведе до една огромна процедура, би рекол судска на новите газди и не можеа да си ги решат прашањата.

Владата на Република Македонија по ова прашање доста аналитички пристаспила во неговата разработка. Мислам дека нуди соодветни решенија, кои ќе помогнат на новите газди. Јас сум благодарам од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Не ве разбрав, се работи за прашањето до Министерството за финансии или до Владата на Република Македонија?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Овде стои дека е тоа прашање до Владата на Република Македонија.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Што се однесува до прашањето за Владата на Република Македонија сум задоволен од одговорот.

Сега, второто прашање до Министерството за финансии.

Моето прашање до Министерството за финансии беше мотивирано од една ситуација што подолг период на граничниот премин Деве Баир, царинската испостава Деве Баир не се врши царинење на стоки, освен царинење на стоки во транзит и на репроматеријали. Со оглед на тоа дека граничниот премин Деве Баир е еден од приоритетните царински премини, кој е опремен со сите можни стандарди, царинска служба, магацини, санитарна инспекција, пазарна инспекција, ветеринарна инспекција, фитопатолошка инспекциа, како и осум шпедиции, со ваквата ситуација на некој начин е доведено во прашање рентабилното работење на терминалот, значењето на вкупниот граничен премин, а исто така и е доведено во прашање функционирањето на осум шпедиции каде што имаме вработено луѓе.

Одговорот што го добивам преку Министерството за финансии стои дека, со оглед на значењето на овој граничен премин е согледана оваа сотојба и Царинската управа на Република Македонија во изминатиот период извршила техничко доекипирање на Отсекот комјутеризација, како и стручно усовршување на вработните на Деве Баир, за да можат да вршат стоково царинење. Во одговорот понатаму стои дека во наредниот период ова ќе се овозможи. Со оглед дека има подготвено со Министерството за финансии, оваа состојба да биде надмината, јас сум задоволен од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Пратеникот Невзат Бејта не е присутен.

Ја молам пратеничката Цветанка Иванова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам госпоѓо потпреседателке.

Јас сум задволна од почеток да го искажам задоволството дека Министерството за финансии со експресна брзина одговори на моето поставено прашање, а исто така сум задоволна и со одговорот и со заложбата на Министерството за финансии дека во иднина ќе ја преиспита основаноста на постоењето на воведената царинска давачка од 19 евра по извозна царинска декларација. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму, пратеникот Ѓорѓи Трендафилов не го гледам тука.

Пратениците Зоран Шапуриќ не е тука, пратеникот Љубисав Иванов -Ѕинго ако може да се произнесе.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

На кое прашање?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за економија, или сака да постави дополнително прашање.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Немам добиено одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам службите да го достават тој одговор, ќе се вратиме после.

Ви треба време или можете веднаш да одговорите?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Ми треба време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро.

Го молам г-динот Ванчо Стаменков, не е присутен.

Ја молам пратеничката Лилјана Ивановска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од минситерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеничката Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе.

Прашањето се однесуваше за контролата на квалитетот на течните горива во функција на заштита на потрошувачите во РМ и задоволна сум од одговорот дека такви лабаратории постојат во Окта во фаза на акредитација на лабараторијата на Окта и на Макпетрол, меѓутоа и одговорот дека на Владата и се потребни 500 илјади евра за воспоставување на независна лабараторија за контрола на течните горива.

Лично сметам дека независната лабараторија е важна од аспект на контрола и заштита на потрошувачите и Владата да вложи повеќе напори за побрза акредитација на таквата лабараторија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Љупчо Мешков да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнителни прашања.

Има збор г-динот Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Јас имам поставено две прашања до минситерот за земјоделие и одговорите и на двете прашања се сеопфатни, меѓутоа сакам едно укажување на едното прашање, а тоа е во врска со развојот на една од гранките на сточарството, а тоа е одгледувањето на ноеви односно нојарството.

Одговорот е навистина сеопфатен и Министерството укажува дека постојат реални претпоставки за развој на оваа гранка со оглед на фактот дека има расположение и законски основи за доделување на земјиште на кое би се отворале овие фарми и кредитна линијаод странство која овозможува финансиска поткрепа на ваквата идеја.

Значи, останува само овие луѓе кои што се заинтересирани да се занимаваат со оваа гранка односно да отворат фарми да наидат на добар прием во Министерството и да им биде овозможено да се создадат и финансиски и услови во поглед на доделување на земјиште за да можат да се занимаваат со оваа гранка со оглед дека во РМ постојат сите предуслови за развојот на оваа гранка , која е од особено значење за здравјето на луѓето, консумирањето на месото од овие птици е од особено значење за здравјето на луѓето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Ристана Лалчевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака д апостави дополнително прашање.

Има збор пратеничката Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Писмениот дел на одговорот што го добив од минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство некако не ми кореспондира со она што на минатата седница минситерот како усмен одговор ми го даде односно со поголемиот дел од моето прашање не кореспондира.

Имено, прашањето беше што ќе направи Минситерството за да се заштити и обнови рибниот фонд во Оридското езеро со посебен акцент на охридската пастрмка.

Во писмениот одговор кој го добив е проследена законската регулатива како се доделува концесија, кои се обврските на концесионерот и само е наведено дека постои можност за измена на наредбата за видовите на риболовни средства кои можат да се употребуваат за вршење на спортски и стопански риболов и дека Државниот инспекторјат ја следи состојбата на ловното подрачје на Охридското езеро и превзема активности. Меѓутоа, ни кои ни какви активности, ни дали е нешто сторено во правец на атакот на рибниот фонд на езерото не е ништо кажано, а минситерот во неговиот усмен одговор потврди дека состојбите се онакви какви што јас ги изнесов, односно дека фактички имаме атак на рибниот фонд на Охридското езеро и уништување на пастрмката.

Господинот минситер проблемите ги лоцираШе во три дела. Проблем со забрана на дозволениот риболов, проблем на криволовството, кое секако не е во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, туку е во надлежност на Минситерството за внатреШни работи односно прогонот на оние што ловат и обнова на матичниот фонд на пастрмката. Овие два проблеми се во надлежност на Минситерството за земјоделство, шуматство и водостопанство и јас не добив одговор што минситерот прави во овие два сегменти од проблемот за да го заштитиме рибниот фонд.

Инаку, законската регулатива за доделување на концесија, Законот за рибарство и наредбата за користење на ловните алати совршено ми се познати, меѓутоа совршено добро ми е позната и состојбата што на теренот ја имаме, така да не  сум во целост задоволна од она што го добив како писмен одговор и не гледам како ќе го решиме овој проблем.

Исто така би сакала да напоменам , и минситерот кажа дека проблемот не е само од макеоднска страна бидјеки едне дел од езерото е во  албанска територија во Република Албанија, тоа е точно и таму постои овој проблем и затоа би апелирала минситерот во рамктие на ингеренциите што ги има во билатералните односи со Албанија барем да се иницира овој проблем и да се бараат патишта и начини за решавање.

Исто така би сакала да слушнам нешто пвоеќе од минситерот за обнова на рибниот фонд, поконкретно за мрестот на рибниот фонд, зато ашто концесионерот ги крши сите обврски што ги има земено со потпишаната концесија и не го обновува рибниот фонд во Езерото онака како што е пропишано и како што во Законот за рибарство и Наредбата за користење  на риболовни алати и обнова на рибниот

фонд, туку ги крши овие превземени обврски и затоа имаме големо опаѓање на рибниот фонд во Езерото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлагам ова да го сметаме како дополнително прашање.

Повелете г-дине минситер.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Ќе зборувам само за она што е во надлежност на Министерството, не надвор од тоа затоа што не сакам да навлегувамв о ресорите кои што не ги покривам.

Точно е тврдењето дека во тек е постапка за испитување на начинот на користењето на концесијата како една од мерките на контрола која што треба да го спази рибниот фонд. Во овој момент не можам да зборувам за фазата во која што е таа постапка бидјеки по испитување и утврдување на фактите што се во надлежност на определени органи следува евентуален предлог до Валдата на РМ за одземање на концесијата. Дали и какви факти ќе утврдиме околу тоа прашање и дали врз основа на тие факти ќе се поднесе предлог за одземање на концесијата и каква ќе биде одлуката на Владата навистина не можам однапред да кажам. Меѓутоа, она што е наша должност го правиме.

Второ, што се однесува до прашањето за порибувањето односно заштитата на фондот преку одредени мерки коишто треба да овозможат репродукција на пастрмката во Охридското езеро можам да кажам дека тој дел се разгледува во рамките на целокупната програма што ја носи земјоделството за поттикнување на земјоделството, во која што влегува и рибарството.

Кои, и какви средства ќе бидат определени зависи од состојбите што во изминатиот период, одлучува Минситерството во рамкит ена рокот определен со Законот за извршување на Буџетот и донесување на програмата во која што се определвуаат средствата од вкупниот износ одобрени буџетски средства. И за тој дел во овој момент не можам да кажам кој износ ќе биде одреден за та анамена, но фактот на сосотјбите околу кои што изгледа дека се согласуваме во потполност, а тоа е рибократството и потребата од обновата на Фондот на пстрмката во Охридското езеро сигурно е дека нема да пропуштиме во програмата да определиме определни средства.

Значи, во тек се две постапки. Донесување на програма за поттикнвуање на земјоделството во која што влегува и рибарството со определвуање на средства за обнова на фондот на рибите и контрола на користењето на концесијата да даена од

страна на Владата на РМ во надлежност на Министерството, утврдување на фактите и ставње предлог на Владата за понатамошната судбина на концесијата.

Тие две обврски Министерството ги работи и јас се надевам дека наскоро ќе има резултатиод тоа што го правиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Аднан Ќахил не е тука.

Го молам пратеникот Слободан најдовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот од минситерот за труд и социјална политика или сака да псотави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Прашањето се однесување дали секој граѓанин на РМ со самото заминвување во пензија е должен да плаќа за Фондот за солидарнсот, или тоа е решено врз основа на дадена изјава од страна на корисникот на пензијата.

Во одговорот е сеопфатно и опирно изнесено. Погодностите кои што ги дава Фондот за солидарност е добро и добро е тоа што сега Министерството почна, како и Фондот за пензиско инвалидско осигурување да применвуа ситуација пред заминување во пензија граѓанинот да дава изјава дали сака да плаќа во Фондот за солидарнсот, а не откога ќе почне да ја зема пензијата да дава изјава дали не сака.

Целосно сум задоволен и се надевам дека ова ќе се спроведува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Благоја Паунков да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за образование и наука, или сака да постави дополнително прашање.

Министерот за образование и наука не е тука, значи кога ќе се појави ќе го повториме прашањето.

Го молам пратеникот Ѓорѓе Паљошкоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за образование и наука или сака д апостави дополнително прашање.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОСКИ:

Јас господине претседателе го добив одговорот на прашањето, но би поставилдополнително прашање затоа кога беше претседавач госпоѓата Поповска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е завршено.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Тогаш нема потреба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја молам пратеничката Славица Грковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од минситерот за образование инаука или сака да постави дополнително прашање, иако не е присутен тука но ако имате дополнително прашање може писмено да гопратиме.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Кога ќе дојде минситерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро.

Ја молам пратеничката Ана Андова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од минситерот за животна средина и просторно планирање или сака да постави дополнително прашање.

АНА АНДОВА:

Благодарам за одговорот на минситерот, немам коментар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Ефтим Манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од  минситерот за животна средина и просторно планирање или сака да постави дополнително прашање.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Задоволен сум од одговорот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Коста Прешоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за транспорт и врски или сака д апостави дополнително прашање.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе задоволен сум од одговорот, но мислам деказадоволни ќе бидат уште повеќе и жителите на  Крушевските планински села бидјеки со развојните проекти на Телеком е предвидено во периодот од 2006 година и тие да добијат телефонски приклучок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Слободан Најдовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање, без оглед овде што немаме претставник.

СЛОБОДАН НАЈДВОСКИ:

Ако дојде претставник, инаку на  кого ќе поставам дополнително прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Шапуриќ не го гледам во салата.

Еве го претставникот на Министерството за транспорт и врски, повелете г-дине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ;

Моето пратеничко прашање писмено е упатено до Министерството за транспорт и врски и се однесуваше на активностите за изградба на улицата Железничка во Битола, која иако носи име улица Железничка таа претставува еден вид заобиколен пат на поврзување на патниот правец Прилеп-Битола-Ресен со патниот правец Битола-Граничен премин со Република Грција.

Во делот од одговорот што го дадоа од Министерството за транспорт и врски сум задоволен, но не сум задоволен со тоа што крајниот епилог е тоа што таа улица или тој заобиколен пат нема во догледно време да се изгради со оглед на нерешени некои имотно-правниодноси на тој потег. Од  одговорот не можам да видам дали се обезбедени финансиски средства од страна на Министерството за изградба на таа улица и затоа би поставил дополнително прашање-

Дали оваа година ќе се обезбедат средства за изградба на улицата Железничка  или заобиколниот пат од Битола за границата со Република Грција?

Би замолил во Министерството за транспорт ив рски, со оглед на тоа што знаеме колкави се буџетите на општините и тие што не можат да обезбедат средства за решавање на имотно-правните односи да се преземат одредени активности бидјеки навистина во одредени периоди Центарот на Битола е буквално пребукиран од тешки моторни возила кои што сообраќајат од патниот правец Прилеп -Битола-Ресен спрема Република Грција. Тие минуваат буквално низ Центарот на Битола.

Тоа е моето дополнително прашање и се надевам дека оваа година ќе се разреши овој проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дин заменик минситер да одговорите на дополнителното прашање.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Пратеникот ќе добие писмен одговор за тоа кои се можностите и каде се правците за изнаоѓање на затворањето на финансиската конструкција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Зоран Шапуриќ не е тука.

Господинот Рафет Муминовиќ,не е присутен.

Го молам пратеникот Фатмир Асани да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање?

ФАТМИР АСАНИ:

Благодарам господине претседател. На прашањето до министерот за здравство, не сум воопшто задоволен, иако министерот не е тука. Делумно сум задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство, бидејќи моето прашање е поставено пред една година и благодарам што дури по една година ми дава еден половичен одговор, затоа што тоа беа труења. Дали имаше труења во Куманово и што се направи со отруените во Куманово? Бидејќи министерот во неговиот одговор дава еден дневно политички одговор и никаде досега не кажува што се случи со учениците во Куманово во 2002 година.

И повторно го поставувам прашањето, дали беа тоа труења, или не беа труења?

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Во одговорот што тогаш го доби пратеникот Фатмир Асани во врска со ова прашање и тогаш кажавме дека со сите испитувања и клинички и лабораториски и тогаш Министерството за здравство и нашите здравствени институции не можеа да тврдат дека се работи за некој инфективен, или токсичен агенс кој би бил како причина за појавувањето на овие здравствени проблеми кај учениците од средните училишта. Заради тоа ние тогаш побаравме помош и од Светска здравствена организација и формиравме стручна комисија од експерти од сите области од медицината и тогаш беа направени освен испитувањата тука што беа направени кај нас, во нашите здравствени институции, тогаш беа преземени мерки и од стручната екипа од Светската здравствена организација за земање на примероци од крв и урина и тие беа испратени во референтни лаборатории во Светската здравствена организација, значи до токсиколошките лаборатории. И тогаш и сега одговорот е приближно ист, финален извештај од Светска здравствена организација во врска со резултатите од земените анализи не е доставен сеуште до Министерството за здравство, иако ние направивме напори тоа да се направи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја молам пратеничката Цветанка Гашоска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Ова мое прашање беше поставено на седницата одржана на 27.03.2003 година. И тогаш добив усмен одговор од заменикот министер. А сега благодарам за писмениот одговор кој претставува потврда дека ласерот на Очната клиника при Клиничкиот центар Скопје е во функција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега ќе се вратиме на оние прашања кои што останаа неодговорени, затоа што не беа присутни претставниците на Владата.

Би сакал само да го прашам пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго, дали го прочитал прашањето и сака да одговори?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Задоволен сум. Меѓутоа во одговорот на прашањето, не добив одговор дали ќе се формира Геолошки завод, затоа што тоа добро го кажува Министерството дека е предвидено со Законот за минерални суровини број 18 од 1999 година. Потребата од ваков завод е од огромно значење заради фундаменталните и основни истражувања на една земја. Тоа не можат да го прават други субјекти, не можат тоа да го прават работни организации, поединци итн. Секоја држава како што вели и самото Министерство располага со такви геолошки заводи и сите земји во транзиција и покрај тоа што размислуваат како да ги организираат и постават тие заводи, сепак тие функционираат и во земјите во транзиција и во развиените земји. Рудното богатство на една земја е основата за развојот на таа земја. Сите развиени земји се развиле на основа на своето минерално богатство со кое што располагале, да појдеме од Шведска, па да завршиме со Америка. И денеска сите војни и сите процеси се усмерени кон овладување со минерални суровини било да се тоа течни, било да се тоа цврсти, било да се метални и неметални итн.

Според тоа, моето дополнително прашање е, кога ќе пристапи Министерството за економија, имајќи го во предвид огромното значење на една ваква установа за формирање на геолошки завод во Македонија кој е од витално значење за развојот на македонската економија.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Апсолутно е точно дека оваа материја со минералните богатства е многу битна и мислам дека досега сосема неодговорно се однесуваме во овој дел. И основната наша заложба е, ги преиспитуваме сите можности за измените на Законот токму во овој дел, како и многу повеќе да посветиме внимание токму на менаџирањето со минералните богатства, имајќи во предвид што многу мала количина на средства се влеваат во Буџетот на Република Македонија од експлоатацијата на овие наши богатства, како и начинот на тоа кој ги добива, кој може да управува, односно да менаџира со нив. А секако дека тука спаѓа и прашањето околу геолошките истражувања кои што апсолутно се сложувам дека недозволиво и неодговорно е тие истражувања да се дадат на несоодветни лица, на фирми со еден, или двајца вработени итн. А вакви институции има, како што е во конкретниот случај геолошкиот завод кој што има огромно искуство како и потребен материјал кој што и натаму може да служи и да користи во Република Македонија да го ставаме на милост и на немилост во конкретниот случај на пазарните механизми. Мислам дека сериозно ќе размислиме што ќе направиме натаму со геолошкиот завод. Во секој случај она што најпрво ќе стори Министерството за економија, нема ни случајно да дозволиме нелојалната конкуренција и натаму да нанесува сериозни удари на геолошкиот завод, туку напротив во интерес на она стручно и квалитетно што треба да биде изработено, она што во моментов ќе го направиме, е техничките бонитети да бидат тие пред сé први кои што ќе ги цениме при давањето особено на геолошките истражувања, а секако дека и во натамошната фаза ќе се потрудиме да најдеме соодветно решение за геолошкиот завод.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господа пратеници, преминуваме на поставување директни пратенички прашања од договорениот список.

ФАТМИР АСАНИ:

До Министерството за правда. Пред мене имам одговор и од Министерството за правда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За кое прашање станува збор, затоа што овде го немаме ние. Дополнително?

ФАТМИР АСАНИ:

Јас не сум задоволен од одговорот на министерот за правда, затоа што и овој пат тој го избегнува моето конкретно прашање. Затоа прашањето, дали има

монтирани политички процеси во Македонија, го упатувам до Републичкиот судски совет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали министерот за правда има нешто да додаде?

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Прво, сметам дека е добро еднаш Собранието навистина да заземе став во однос на тоа што значи Деловник за работа на Собранието и принципиелно да го расчисти ова прашање. Дали Деловникот дозволува поставување на пратенички прашања на институции на државата? Според мое мислење не, туку пратеничките прашања се поставуваат до носителите на јавните функции. Тоа е работа на Собранието, сепак сметам дека треба пратеничките прашања да се поставуваат така како што налагаат одредбите на Деловникот за работа на Собранието. Тоа е прво. Ако се очекува, јас два пати одговарам на ова прашање и надвор од тоа нема што да кажам. Меѓутоа, ако се работи за само пред јавноста да се покажеме дека еве, постои одреден интерес од страна на пратеникот, заради јавноста, еве јас користам прилика на јавноста да и соопштам дека пратеникот откога го поставува пратеничкото прашање, од споредната врата доаѓа кај мене да ми се извинува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Инаку, пратеничките прашања се поставуваат по Деловникот.

Преминуваме на поставување на директни пратенички прашања.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, јас само пред да почнам со поставувањето на пратеничкото прашање, би ве замолил во иднина како претседател на Собранието да не известувате дали кога ќе поставуваме пратенички прашања ќе биде присутен и премиерот. Значи, ќе биде ли присутен, не е присутен, за да знаеме кога можеме фактички на премиерот да му поставиме прашање лично до премиерот. Подолг е периодот како премиерот не присуствува. Бидете искрени дека имаме прашања кои сакаме да ги упатиме до премиерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие можете да поставите пратеничко прашање до Владата, а кој ќе одговори тоа е веќе прашање на Владата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Имаме право да поставиме пратеничко прашање и до премиерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате право, но премиерот е уредно поканет.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Затоа барам да не известите.

Инаку моето прво прашање почитуван претседателе ќе го поставам до Министерството за финансии, или до Владата во целина. Ќе оценат претставниците кој може да одговори. Познато е дека Клиниката за кардиологија последниот месец доби статус на самостојна пилот институција во рамките на Клиничкиот центар. Дали таа недефинирана состојба е наметната за остварување на нечии интереси кои интерферираат со претходната смена на директорот на Фондот за здравствено осигурување Рубинчо Заревски претходно оправдана со некаков семеен непотизам. Само да потсетам, вработување на сопруга, стоматолог, инаку студент на генерацијата невработена подолго време. Добрите познавачи на состојбата упатуваат на фактот дека таа смена беше наметната од некои моќници во македонското здравство кои не губат време и веднаш се појавуваат во јавноста со нивните активности. Значи, веднаш по добивањето  на тој статус почнаа многу чудни состојби во делот на јавните набавки во оваа клиника. Така за неполн месец по добивањето на тој статус, за кое нешто зборуваат индиции кои што ги имаме добиено за нелегални набавки без запазување на законските постапки со непосредни договарања со одредени доставувачи многу блиски со актуелната власт. Ќе наведам пример, фирмата “Пановски” и посебно еклатантен пример е фирмата “Данфил” во сопственост на близок роднина, братучед на премиерот г. Црвенковски, господинот Домазетовски. Дали овој статус на пилот клиника кардиологијата го доби за остварување на нечии матни цели? Инаку, во овие испорачани материјали во вредност над пола милион евра се порачани и примени лично од актуелниот в.д. директор на кардиологија д-р Борче Петревски. Само за потсетување на јавноста, инаку бивш кандидат за пратеник од редот на СДСМ и тоа без задоволување на најосновните законски норми. Тука имам и одредени испратници кои ова го докажуваат, ако треба и ќе ги доставиме. Сето ова се прави во време кога тендерот за кардиологија од Фондот за здравствено осигурување претходно потпишан од тогашниот директор Рубинчо Заревски е ставен во мирување, бидејќи на него не добиле двата стратешки партнери фирмите “Пановски” и “Данфил”.

Прашањето до министерот, односно Министерството за финансии, дали со овие набавки е почитуван Законот за јавни набавки? Доколку не е почитуван тој закон, кој закон е почитуван? И дали воопшто Министерството за финансии е запознато со ваквите набавки, бидејќи кога имаме непосредна спогодба, Министерството треба да даде согласност.

И прашање до Владата, или до премиерот, како ја образложува инволвираноста во овие незаконски активности на свој близок роднина, господинот Домазетовски?

Второто прашање би го поставил до министерот за економија господинот Стевче Јакимовки.

Почитуван министер, минатиот месец Министерството за економија требаше да обезбеди интервентен увоз на 80 илјади тони зрнеста сточна храна од Унгарија. Потребата за обезбедување на ваква храна е итна, затоа што и самото Министерство даде цврсто ветување на одгледувачите на добиток и живина во Република Македонија дека истата храна ќе биде брзо обезбедена. За жал, ваквата храна сеуште не е обезбедена и одгледувачите на добиток и живина се оставени сами на себе да се снаоѓаат како знаат и умеат, набавувајќи храна со слаб квалитет која е екстремно скапа. Резервите на пченка, пченица и јачмен се потрошија и веќе трет месец добитокот и живината пцовисуваат, бидејќи не е обезбедена соодветна храна. Одгледувачите на добиток и живина поединечно набавуваат храна, но не можат да се справат со секојдневниот помор на добитокот и живината. Најавата на Министерството за економија беше дека од одобрените 80 илјади тони зрнеста сточна храна во земјава интервентно треба да се увезат 20 илјади тони пченка, 10 илјади тони јачмен и 50 илјади тони пченица. Но, од тоа остануваат само празни ветувања.

Прашањето гласи, што конкретно превзема Министерството за економија за набавка на ветените 80 илјади тони сточна храна за да го спречи изумирањето на добитокот и живината и да им помогне на одгледувачите на добиток и живина да излезат од катастрофално лошата состојба битна како за нивната социјална егзистенција, така и за опстанокот и развојот на сточарството како стопанска гранка во Република Македонија.

Третото прашање го поставувам до министерот за одбрана.

Почитуван министре прашањето е можеби од локален карактер, а можеби и не е. Вие како министер за одбрана сигурно ја знаете состојбата во фирмата ЕУРО КОМПОЗИТ во Прилеп. Јас само да ве потсетам дека тоа е претпријатие на кое што основна дејност му е наменско производство, производство за потребите на АРМ и полицијата. Фирмата е со голем и огромен процент на државен капитал. Откако се смени власта во Република Македонија во тоа претпријатие е извршена промена на владиниот повереник, па сега имаме владин повереник поставен од Владата кој е воедно и генерален директор кое нешто е доста вака суптилно. Меѓутоа,

претходната Влада донесе еден закон со кој што беше регулирана оваа област, беше регулирано и наменското производство. Меѓутоа, факт е дека ова претпријатие мака мачи за опстанок, таму има преку 900 вработени, не се знае кога земаат плата, дали воопшто земаат плата и најлошо е она што воопшто не се знае која е иднината и перспективата на ова претпријатие.

Моето прашање до вас како министер евентуално и како претставник на Владата со оглед дека не е само проблемот во Министерството, веројатно и во Владата, е дали воопшто и Владата, но и Министерството имаат некаква стратегија, некаков план и програма со која што на ова претпријатие би му помогнало во рамките на нивната основна дејност, или пак Владата, или Министерството апсолутно не планира ништо во тој правец што значи дека и ова претпријатие би требало да ја доживее судбината на многу други, да оди во стечај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски. Првото прашање беше упатено до Министерството за финансии.

Дали господинот Кокароски ќе даде одговор?

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Јас не знам за податоците кои што господинот Караџоски ги преземтира тука, бидејќи ние не сме во таква истражна функција. Фондот за здравство сигурно дека постапува во обавувањето на својата дејност и распишувањата на тендерите и реализирањето на тендерите според единствениот закон за јавни набавки. Она што можеме да направиме ние како Министерство за финансии да можеме да ја имаме контролната функција, централната, внатрешна ревизија некои работи да ги провери и ако може господинот Караџоски бидејќи има документација да ни ја презентира. А за се она останатото што е, мораме да направиме проверка, испитување и да му дадеме писмен одговор на неговото прашање. Инаку не е спорно дека јавните набавки се спроведуваат според Законот за јавни набавки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали господинот пратеник е задоволен од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван заменик министре, не станува збор за Фондот за здравство. Овде станува збор за Клиниката за кардиологија која според таа Пилот програма што ја кажав, директно врши јавни набавки. Јас  само ќе ви презентирам. Тука имам испратници, фактури каде директно е потпишан директорот на Кардиолошкиот центар кој врши набавки во износ од пола милион евра. Значи ниту е Фондот за

здравство во прашање, ниту пак е почитуван Законот за јавни набавки, што значи вршени се со директна спогодба. Затоа упатив прашање до вас како Министерство, знаете, според Законот, кога е во прашање непосредна спогодба, Министерството за финансии мора да даде согласност. Од друга страна пак, кога е вака висок износ на некоја набавка, се знае дека се почитува отворен повик и тендерска постапка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали тоа значи дека не сте задоволен од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не сум задоволен. Затоа поставувам дополнително прашање.

Дополнителното прашање би било, еве јас би се согласил да ви ги доставам овие материјали. Вие, нормално, како Министерство тоа да го проверите и веројатно во еден писмен одговор, доколку не сте спремни сега усно да ми одговорите, да видите што таму се случува, за да не ни се случуваат некои набавки, што се трудиме, согласно и новиот закон што го предлагате, да ги укинеме тие аномалии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Јас ќе ги примам документите од господинот Караџоски, меѓутоа, тој инсистира на нешто, што веројатно не ги знае процедурите, како јавните здравствени организации набавуваат. Но, во секој случај ќе му дадеме писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање е упатено до министерот за економија.

Повелете господине Јакимовски.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Му благодарам на пратеникот за поставеното прашање, меѓутоа мислам дека не е во ред, при поставувањето на прашањата, да се прават конструкции и да се измислуваат бројки, исто така да се прават инсинуации, од причина што јас никогаш не сум дал ветување дека ќе набавам 80 илјади тона ченка, јачмен и тн., од едноставна причина, прво затоа што такво овластување немам, и второ што такви пари и немам.

Следната работа е, увозот на пченката е слободен, без царини. За увозот на јачменот постои царинска стапка, меѓутоа, исто така е ослободен и може да се

увезува слободно. Така што стопанските субјекти на пазарот односно поголемите трговски куќи треба да се групираат и да вршат увоз на пченка, јачмен и евентуално трици.

Она што сакам јасно да го кажам е дека во изминатиот временски период користена е можноста такви набавки да прави државата, или да интервенира од стоковите резерви, за што никогаш потоа и не добила пари од оние кои ги земале тие количини, било да се работи за жито или пак за пченка. Така што, во конкретниот случај сметам дека тоа е инсинуација. Ниту јас ниту јавноста знае дека добитокот умира затоа што нема храна на подрачјето на Република Македонија. Значи стопанските субјекти и производителите, одгледувачите на фарми, исто така треба слободно да набавуваат на пазарот исто како и сите останати стопански субјекти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Одговорот значи дека тие стопански субјекти треба сами да се снаоѓаат. Тоа е краток одговор, без некој поголем увод. Затоа јас и го поставив прашањето, дали вие како Министерство планирате нешто да помогнете во тој правец, или едноставно да ги оставите субјектите сами да се снаоѓаат.

Одговорот беше јасен, субјектите зами ќе се снаоѓаат. Оваа Влада најверојатно се откажува од интервенции преку Бирото за стокови резерви и тоа не само за ова туку и пошироко. Не е во ред стоката да изумира и не е во ред субјектите да се остават сами. Вие како Влада, сепак би требало нешто да преземете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е упатено до Министерството за одбрана.

Повелете господине Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Иако не сум сигурен дека е најсоодветно местото од каде треба да се даде одговор за статусот и проблемите кои ги има ЕУРОКОМПОЗИТ, како дел од наменската индустрија, бидејќи во државата постои посебна дирекција за наменска индустрија.

Доволно сум инволвиран во проблемите кои ги има ЕУРОКОМПОЗИТ, да дадам првичен одговор, а би го замолил пратеникот Караџоски да прифати да добие и целосна писмена информација, бидејќи не е розова состојбата со наменската индустрија во Република Македонија. И ако пред една година ми го поставеше

сличното прашање пратеникот Караџоски, не ќе бев оптимист дали ќе можеше да издржи до крајот на минатата година ЕУРОКОМПОЗИТ. Но, мислам дека таму со исклучително големи напори на менаџерскиот тим, предводен од директорот Маркушевски, се направија планови кои успеаа да го излвечат претпријатието од најлошото, а тоа е таму да биде воведена претстечајна постапка и да се загрози судбината на близу 900 вработени. Јас верувам дека најлошото мина и дека со плановите што ги има претпријатието, кои не се засноваат само на потребите кои ги има Министерството за одбрана и МВР, бидејќи за јавноста веројатно е познато, ЕУРОКОМПОЗИТ е веројатно најперспективното претпријатие или компанија во делот на наменската индустрија, кое има капацитет што неколку пати ги надминува потребите на МВР и Министерството за одбрана.

Напорите кои ги правиме во контактите со нашите партнери е да најдеме можност, преку делот на воено техничката соработка што ја има Република Македонија да се отворат нови пазари за ЕУРОКОМПОЗИТ што веројатно ќе биде единствениот начин да се покрене еден нов инвестиционен циклус. Во оваа прилика само толку.

Би побарал уште еднаш, пратеникот да има разбирање. Сите детали околу наследената катастрофална финансиска состојба, сето она што изминатиот период се направи, проблемите кои ги има сега ЕУРОКОМПОЗИТ со Царинската управа и низа други информации, ќе ги дадеме во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски дали сте задоволен од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине министре, во секој случај имам разбирање и прифаќам да ми се достави писмена информација. Само би сакал да го искористам тоа како дополнително прашање.

Пред една година, верувајте и не можев да ви поставам прашање, бидејќи не бевте вие министер за да ви поставам прашање. Меѓутоа, не е ни тоа толку битно.

Од друга страна не треба сега да се фали новото раководство со господинот Маркушевски, а да се заборави дека и претходно имало некое раководство кое исто така правело напори и обиди да се извади оваа фирма од таму каде што никој не сака да биде. Значи да не се китиме само себеси. Треба да имаме малку пошироки сваќања. Во секој случај на нас ни е јасно дека таа фирма има перспектива и дека не може да го задоволи производството, повисоко од она што на Македонија и треба. Затоа вие како Влада и како Министерство се надевам ќе најдете излезни решенија,

во секој случај како перспективна дејност, а и за самите вработени таму да се најде некој излез.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Замир Дика вие имате право да поставите три прашања.

Повелете 10 минути.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседател.

Првото прашање ќе го поставам до министерот за локална самоуправа или министерот за финансии, ако може да ми одговори, верувам дека се запознаени.

Се работи за објектот на општина Дебар. Уште малку ќе биде година откако оваа општина изгоре и кога премиерот, господинот Бранко Црвенковски беше во Дебар заедно со господинот Али Ахмети и пред медиумите ветија деа Владата ќе помогне во изградба на објектот на општина Дебар, за да може граѓаните да ги извршуваат секојдневните работи, односно своите потреби.

Секогаш кога сум поставувал прашања сум добивал позитивни ветувања од Владата и локалната самоуправа, меѓутоа, за жал, досега нема ништо. Граѓаните продолжуваат по провизирани објекти да ги вршат нивните обврски, исто така и вработените во објектот на општина Дебар, додека Владата продолжува со добрата волја.

Јас повторно поставувам конкретно прашање, било до министерот за локална самоуправа или министерот за финансии.

Со конструкција на новиот буџет, имајќи предвид дека општина Дебар ги направила сите потребни подготовки, значи ревидираниот проект што вие го побаравте, конкретно, дали се предвидени средства за изградба на објектот на општина Дебар, со актуелниот буџет, колкави се тие средства и со каква динамика или кога ќе се испратат на жиро сметката на Општинскиот совет.

Второто прашање е прашање што ние како парламентарна група планираме да го поставиме и како барање за информација од Владата а е во врска со едно сериозно прашање во градот Тетово.

Градот Тетово години наназад се соочува со проблемот на вода за пиење.

Во 2001 година со одлука на Владата на Република Македонија, од средствата од продажбата на ТЕЛЕКОМ се доделија 2.650.000 евра за реализирање на проектот Тетово да има питка вода, бидејќи се соочува со ужасни проблеми во оваа сфера.

Во 2001 година, со една постапка за избор на тоа кој ќе ги направи овие работи, како најпогодна понуда даде компанијата “Иднина Инженеринг” и тогаш е склучен договор со Министерството за локална самоуправа. До 15.08.2002 година Министерството за локална самоуправа, или Владата, на инвеститорот ги има испратено сите пари. Значи уплатени се сите пари, додека градот Тетово продолжува да нема вода за пиење. Мислам тоа прашање е многу значајно и за господинот Прчевски, кој постојано излегува на телевизија. Значи фирмата ги добила парите, градот Тетово продолжува да нема вода за пиење. Реагирал Општинскиот совет во Тетово во сите потребни инстанци. Мислам дека Министерството за локална самоуправа и Владата се информирани за активностите што ги презема Општинскиот совет. Исто има формирано и комисија и после анализите е утврдено дека само 34% од работите се извршени, а компанијата ги добила сите средства. Се работи за голема злоупотреба на средствата. Значи фирмата е избрана, ги добила парите, вода нема.

Според информациите што јас ги имам, за потребната документација информирани се и локалната самоуправа и Владата и незнам кои други инстанци. Од контролата, според досегашните информации, утврдени се многу аномалии, почнувајќи од самиот избор на фирмата “Иднина Инжненеринг” од Скопје, имајќи предвид дека во истиот тендер конкурирале и фирми, реномирани, како “Маврово”, “Гранит”, а избрана е “Иднина Инженеринг”. И во текот на изборот на надзорниот орган и ред други работи, има една опширна информација и мислам дека тоа е прашање за Јавното обвинителство.

Пред да покренеме иницијатива за информација од Владата, јас уште еднаш би го замолил министерот за локална самоуправа да даде писмен одговор за тоа, дали е информирано, какви мерки ќе превземе, Тетово да добие питка вода за пиење и овој проект да се рализира до крај.

Трето прашање, ние како пратеници, кога доаѓаме на парламентарни седници, поминуваме на патарините. Веќе месец ипол луѓето кои работат таму со страв, бидејќи се работи за човечки судбини, секогаш кога поминуваме ни се обраќаат и велат, мислиме дека ќе не отстранат од работа, а посебно тие што се со договор на дело.

Последните денови кога поминав на овие патарини, ми потврдија дека околу 15, можеби тој број не е точен, но ме информираа дека се отстранети од работа и сите се албанци.

Го прашувам министерот за транспорт и врски, бидејќи Фондот за патишта спаѓа под тоа Министерство, дали така сака Владата да ја имплементира една од најважните точки од Рамковниот договор, за постигање на рамноправност во вработувањето односно правична застапеност во државните органи, или е политика која ја прави Владата, значи отпушта албанци кои се вработени во време на ДПА и да вработи албанци во времето на ДУИ.

Ве молам да ми одговорите затоа што се работи за човечки судбини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Дика.

Првото прашање беше до Министерството за локална самоуправа.

Повелете господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, би сакал да одговорам на првото прашање од почитуваниот пратеник.

Во Биџетот за 2004 година се обезбедени дел на средства за изградба на објектот на локалната самоуправа во Дебар и на дел на објектот за сместување на подрачните единици на шест или седум министерства.

Точно е, како што истакна пратеникот, Владата на неколку пати расправаше и се договараше со локалната самоуправа околу измена на проектот во смисла на намалување на финансиската конструкција. Врз основа на таа измена, благовремено во Буџетот за 2004 година се обезбедени средства, тоа сигурно го утврдија и пратениците кои го донесоа тој Буџет. Владата со заклучок ги задолжи министрите кои имаат свои подрачни единици, за дополнителниот дел на потребните средства за целосно заокружување на административната зграда во општина Дебар, како што истакнав и за сместување на општинската администрација и подрачните единици, од своите буџети да ги обезбедат и определат дополнителните средства. Сметам дека во најскоро време, врз основа на одлуката и договорот со градоначалникот на локалната самоуправа, ќе се распише тендер за избор на изведувач за изградба на наведената зграда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Дика дали сте задоволни од одоговорот?

ЗАМИР ДИКА:

Можам да речам дека делумно сум задоволен од одговорот.

Јас би ве замолил, ако се согласи господинот министер, ако има можност на писмено да ги претстави во бројки, колкави средства се предвидени во Буџетот и ако

има можност на некој начин да ни претстави една динамика како замислува Министерството да го реализира овој проект, било за средствата кои се поделени за дел од објектот, било за регионалните единици. Значи ако може написмено да добијам одговор, динамика со бројки и со едно предвидување, како што замислува Владата. Ако има можност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали министерот ќе одговори на дополнителното прашање?

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Да, само доколку Парламентот би сакал да не задолжи, заедно со Министерството за финансии и Министерството за локална самоуправа, ќе го известам пратеникот за висината на обезбедените средства и со динамиката која, согласно Буџетот ќе се одвива, што сигурно зависи од договорот и динамиката за изградба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање беше поставено до Владата, спомнато беше и Министерството за локална самоуправа.

Кој ќе одговори?

Повелете господине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуваниот пратеник покрена едно прашање кое предизвикува интерес кај поголемиот дел или кај целото население во една општина, општината Тетово. Тоа е многу важно прашање, прашањето за водоснабдување.

Податоците кои ги истакна почитуваниот пратеник потполно се точни, дека од средствата од продажбата на Македонски телекомуникации се издвоени средства во износ од 144.840.228 илјади денари, или соодветно на оној износ кој го искажа пратеникот во евра.

Точно е дека на 10.12.2001 година, од страна на претходната Влада, врз основа на распишан оглас е избрана фирмата “Иднина Инженеринг”, како изведувач.

Дали фирмата била залог на Владата или Владата била залог на фирмата, тоа сигурно пратеникот кој го постави прашањето, тогаш беше во позиција да одлучува и сигурно да ги разделува средствата. Врз основа на нашата контрола и во делот на извор на изведувач, сметаме дека и констатиравме дека изведувачот е избран врз основа на законот за јавни набавки и сигурно и во вториот дел, Министерството за локална самоуправа, во тогашниот состав избран и надзор, кој

требаше да го врши изведувањето на овој објект. Точна е констатацијата дека од страна на Министерството за локална самоуправа, согласно постапката за исплаќање на средствата, во соработка со Министерството за финансии, сите средства во износ од 144 милиони денари се изплатени на изведувачот врз основа на заверени ситуации од страна на надзорот. Врз основа на одредени укажувања и од страна за степенот на изграденост на објектите од Телеком, кој беа финансирани од претходната Влада, менанџирани од претходната Влада. Со преземање на власта од новата влада, Владат ги задолжи сите министерства да извршат надзор над степенот на изградба на објектите. За овој објект посебна беше реакцијата од грашаните од Тетово и од Советот на општина Тетово. Врз основа на тој заклучок Министерството ја ангажира единствената овластена од Владата институција за вршење на надзор на овие објекти, а тоа беше јавното претпријатие за станбен и деловен простор кој изврши надзор во делот на процентот на физичката реализација за навистина извршените работи по дговорот и констатира дека на лице место, врз основа на проектот се изведени работите во износ од 34%.

Би сакал да укажам дека и со наведениот проект и врз основа на определените средства, целосно не се задоволуваше водоснабдувањето на општина Тетово, бидејќи ова беше прва фаза, требаше накнадно да продолжи.

Врз основа на расправа на советот на општината со известување до Министерството од страна на Советот на општина Тетово е покрената кривична постапка до Основното јавно обвинителство во Тетово на 14.07.2003 година. И таа постапка тече. Целокупната документација врз основа дали има евентуални на делот на злоупотребите во тој дел или во делот на физичката реализација, постапките се во истражно дејство и во тој дел јас не би можел да кажам, сигурно во делот доколку бара почитуваниот пратеник во која фаза е тој дел, сигурно ќе треба и другите министерства и Министерството за внатрешни работи, кое сигурно е запознато врз основа на сознанијата од основното јавно обвинителство, да ги доставиме тие податоци.

Најважно е во интерес на граѓаните и оваа Влада расправаше неколку пати, проектот да биде реализиран, граѓаните за овие средства да го добијат тоа што требаше да биде изградено и да продолжиме понатаму да го реализираме овој проект. Има и одредени недоразбирања, спорења во делот на предвидените извршени задачи, со проектот и врз основа на накнадни работи, кои сигурно врз основа на стручни анализи ќе се утврдат.

Постапката со водоснабдувањето на Тетово, како што истакна пратеникот, е цел и на оваа Влада, правилно да се искористат определените средства од претходната Влада и да направиме напори да го завршиме во втора фаза тој проект.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот г-дине Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Му благодарам на министерот. Покажа дека е информиран со одговорот и за одредени мерки кои се преземени. Мислам дека овие појави треба без пардон да се бориме против нив. Да потсетам дека ова беше направено и во текот на изминатата Влада, меѓутоа, таму имаше проширена коалиција, а со одговорностите треба да се оди до крај, а само на овој начин може да се надмине корупцијата.

Вие истакнавте дека ова е многу значајно прашање. Доколку се согласувате би сакал да имам писмена информација околу мерките кои ги презема Владата и со каква динамика и со какви механизми планира Владата да го реши ова прашање. Доколку може писмено да го добијам тоа, за да можеме да имаме појасна слика и да може да се држиме до вашиот збор при идните седници за пратенички прашања.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ве молам да не ги формулирате прашањата доколку може. Поставете прашање а Владата мора да одговори дали ќе биде тоа тајна или нема да биде тајна,  тоа е друго прашање. Доколку може или доколку сака.

Третото прашање е поставенодо Министерството за транспорт и врски. Јас не гледам ни еден претставник тука. Дали Владата сака да одговори.

Повелете г-дине Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Влдата како што им е познато на пратениците води една интензивна политика на контрола на службите и на преземање соодветни мерки. Познато е дека состојбите на патарините низа години наназад беа катастрофални. Како резултат на зголемените активности во таа сфера, оваа година имаме рекордна наплата во историјата на наплати на патарините. Јавното претпријатие  одговорно за тоа презеде механизми на контрола засновани на меѓународни искуства и имплементирани со помош на меѓународни стручњаци, така што како резултат на тие засилени контроли, нормално има и засилени констатации на прекршоци.

Пратеникот бидејќи бараше и конкретни податоци, Владата ќе му достави и конкретни одговори за степенот на извршени контроли, за начинот на организација на контролата и за преземените мерки и бројот на луѓе со кои се преземени тие мерки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот г-дине Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Со жалење можам да констатирам дека несум задоволен од одговорот. Господине претседател, затоа што може би г-динот министер погрешно го разбра прашањето. Тука врз основа на информациите кои ги имаме не се работи за отпуштање од работа врз основа на контролите кои вие сте ги правиле за нарушување на дисциплината туку се работи за отпуштања кои се направени на работници кои се со договор на дело. Значи, сите договори на дело што истекле се отпуштени од работа. Чудно е дека се работи само за албанци. Исто така ви честитам за собирањето на парите односно за успехот на собирањетона парите. Успешно ги собирате од народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали имате коментар г-дине Манасиевски,

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Благодарам пратенику. Автопатиштата што постојат и тие што ќе се градат се финансираат во најголем дел од наплатата. Обврската да се плаќа на патарина е една нормална граѓанска обврска и оваа Влада ако може нешто да и честитате е што воведува ред во извршувањето на нормалните граѓански обврски и ние тие комплименти со задоволство ги примаме.

Инаку, што се работи до вашето дообјаснување, вие знаете дека според Законот за работни односи институт договор за дело не постои, тоа е според законот за облигациони односи и тој се користи за извршување нан специфични активности, кои што се потребни во многу краток временски период. Бидејќи во текот на изминатите години беше констатирано едно метастазирано користење на овој институт таму каде што не му е место, сите јавни институции добија задачи во рамките на своите можности и реалните потреби овие договори за дело или ги трансформираат со Закон за работни односи признаени институти, тоа се договори за определено или неопределено време, или пак доколку нема потреба од тие луѓе, тие луѓе да се отпуштаат.

Како што ви кажав, во делот на информацијата што ви ја ветив писмено ќе се осврнеме посебно и на овој дел што вас ве интересира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги.

Би сакал денеска да покренам една иницијатива и да поставам две пратенички прашања.

Најпрвин би сакал да покренам иницијатива за формирање на парламентарна комисија, во која сум уверен ќе пристапат пратеници од сите политички партии, и структури во Собранието, а чија задача би била анализа на причините за настаните во Република Македонија во 2001 година. Анализата би била проследена со препорака и заклучоци од Собранието на Република Македонија.

Ја покренувам ваквата иницијатива не само од прагматични политичкипричини, туку дозволете ми да се искажам и од историски стратешки причини. Прагматично политички пред се заради фактот, заради немање одговор на прашањето што ни се случи во 2001 година. И ден денеска се исврпуваме со дискусии за државјанство, тетовски универзитет, локална самоуправа, правото на употреба на јазици и веројатно и во иднина на секое друго прашање од историски и стратешки аспект, прашањето битно не само заради политичката и Европската инидна на оваа земја, туку и заради нотарниот факт во кој дух ќе ги воспитуваме идните поколенија. Со двојна историја, не сум за тоа. Со две вистини, не сум за тоа. Со дупли политички и етички стандарди, не сум за тоа. Инсистирам на ова прашање, заради тоа што сум убеден дека тоа ќе го симне превезот на замаглување на настаните во 2001 година. И со тоа можноста за големи политички манифестации со граѓаните на Република Македонија, не зависно од нивната етничка припадност.Да не ми се случи да имаме идентична ситуација, како и со одговорот на прашањето, зошто и како ни се случи атентатот врз претседателот Киро Глигоров. Дали имаме и каква е истрагата и резултатите од неа и кои беа последиците во политичкиот и безбедносниот развој на Република Македонија после овој настан.

Апелирам до колегите по оваа дискусија да отпочнеме процес за формирање навистина на една комисија по ова моја иницијатива.

Второто прашање би го упатил до министрот за надворешни работи.

Би скал да упатам прашање до Владата на Република Македонија, дали Владата на Република Македонија ги разгледа и оцени последните укажувања од

Брисел и од Европскиот парламент, во врска со нашата апликација и дали Владата планира сепак, повторно повторувам Министерство за евро интеграции.

Третото прашање, пред да го поставам би сакал да се навратам на пратеничкото прашање на г-динот Трендафилов од 25.12.минатата година на кој е добиен одговор од Министерството за финансии, на 21.01. 2004 година. Најпрвин сакам искрено да му се заблагодарам на г-динот. Трендафилов што го покрена прашањето и тоа заради две основни причини.

Прво, што уште еднаш покажа дека може да биде гласноговорник на одредени криминализирани структури. И

второ, дека тоа го прави од чисто политички причини, неосмелувајќи се да ми го изговори името, а препознавајќи ме како цитирам: потенцијален претседателски кандидат. А за неговото тврдење цитирам: според одреденисознанија и претпоставки од типот, повторно цитирам: ако не се лажам, не сакам воопшто да коментирам. Случајот "Порцеланка", инаку како што и е познато на јавноста доби судска разрешница за која и неговите наредбодавачи се добро известени. Затоа него како на гласноговорник му простувам за неинформираност. Инаку, одговорот на министерството за жал, не се однесува на постаеното така наречено прашање на г-динот гласноговорник.Фактичкиот одговор е пресудата на надлежниот суд. Во секој случај благодарам за покажаната нервоза и нетрпение кое уште еднаш ги покажа политичките мотиви на тн., ангажирана група околу "Порцеланка".

А сега прашање до министерот за внатрешни работи г-динот Хари Костов.

Дали има епилог по криминалната приватизација на "Порцеланка" која беше направена 2001 година, бидејќи се утврдија многу криминални дејствија внатре и какви се понатамошните акции и кога можеме да очкуваме резултат, посебно што се однесува од австриската фирма "Ексклузива", која што ја носите на целиот процес на приватизација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање претпоставувам дека е до Собранието, односно до претседателот на Собранието. Вие го знаете деловникот, може да се постави точка на дневен ред ии тука ќе се дискутира за да се дефинира тоа што се случило во 2001 година. Тоа би ви бил одговорот. Постои Деловник за тоа.

Сега можам да ве прашам дали сте задоволни од одговорот.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе. Јас знам постапката и така ќе постапиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање е упатено до Владата, претпоставувам до Министерството на надворешни работи. Ќе одговори министерката Илинка Митрева.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Благодрам г-дине претседателе, сондажата на мислењата што доаѓаат од Брисел, но и од земјите членки на Европската унија, уште повеќе не зацврснуваат во уверението дека сме ја донеле вистинската одлука, Република Македонија да поднесе апликација за полноправно членство во ЕУ, кон крајот на овој месец. Веќе е дефинирана и датата на која апликацијата ќе се поднесе. Таа е 26 февруари во Даблин.

Мислам дека г-динот пратеник Трифун Костовски е доволно информиран за тоа во колку позитивна смисла се одвива поддршката што доаѓа од членките на ЕУ. Во таа насока сакам да ја цитирам последната средба на премиерот Црвенковски со највисокото раководство на Франција, претседателот на Франција и премиерот на Француската Влада во која што отворено и сосема експлицитно застанаа на страната на Македонија во нејзината одлука.

На второто прашање г-дине пратеник би сакала да ви одговорам во следнава насока. Владата ги разгледува сите елементи кои што се врзании за можно креирање на министерство за евроинтеграци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот г-дине Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Јас морам да кажам дека би сакал да верувам во зборовите кои ги кажа министерката Илинка Митрева и во посетата која што е направена во Франција, меѓутоа, истовремено ги анализиравме и изјавите на Европарламентот на Европската Унија. Оптимизмот е убава работа, меѓутоа, мораме да бидеме повеќе фрагматични и реални во целата ситуација. Јас сум со двете раце и со двете нозе да аплицираме.Меѓутоа, тоа значи огромна работа после тоа.Апликацијата е првиот момент. Сакам да кажам уште еднаш благодарам на одговорот, ја поддржувам иницијативата за побрзо да аплицираме и побрзо да влеземе, меѓутоа, после апликацијата тек отпочнуваат работите, кои што ние мораме како домашна задача сами да си ги направиме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање беше упатено до министерот за внатрешни работи.

Повелете г-дине министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Во договорот околу наводната купопродажба на “Порцеланка” од тогашна “Ексклузива”, очиглендо е дека договорот кој што поранешната Влада го потпиша со “Ексклузива” не беше исполнет, односно средствата што поранешната Влада ги исплати на ж-ро сметките кои “Ексклузива” во тој период ги побара беа злоупотребени и не беа исплатени за оние намени кои беа содржани во самиот договор, а тоа е спрема одредени доверители и спрема вработените. Од една страна значи државата парите ги упати, меѓутоа, тие не беа исплатени за намените за кои беа предвидени и второто е дека “Ексклузива” никогаш не ги уплати обврските кои што по тој договор ги имаше од тие 300 илјади марки, односно беа упатени само 150 илјади и тоа од некои извори од кои што знаеме, меѓутоа, значи ни целокупната купопродажба по тој основ наводниот купувач не си ја извршил својата обврска. Според тоа, Владата покрена тогаш и тој договор е раскинат, а од друга страна е покрената кривична пријава поднесена е против две лица, одредена е мерка притвор. За жал едниот е недостапен и од тој период од поднесувањето на кривичната пријава не е влезен во Република Македонија, така што во тек е сега пред надлежните судски органи покренуват иницијативи за распишување на меѓународна потерница за тоа лице.

Инаку, околу целокупните нерегуларности во приватизацијата на “Порцеланка” освен по тој Договор поднесена е и друга кривична пријава што се однесува повторно од прилика со истата трансакција на незаконски пренесени 17 милиони денари на сметка на еден самостоен или приватен адвокат, ако можеме да кажеме. Меѓутоа, за жал и покрај тоа што последниве денови во јавноста се покренува некое прашање и оценување одколу ефикасноста на некои судски псотапки итн. прашањето во овој моент беше упатено до Министерството за внатрешни работи. МВР, во делот на својот домен овие активности ги заврши. Понатамошните активности останувааат фактички во рамките на судските органи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот г. Костовски?

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Да, благодарам г. министре, меѓутоа би молел сепак и во писмена форма ако може ова да ми го дадете. Ако не ви пречи, би сакал да го имам написмено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа сепак ќе одлучи и самиот министер бидејќи веќе усмено е даден. Но, ако не му пречи.

ХАРИ КОСТОВ:

Може да види од стенографксите белешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вели да го симнете од стенограмот.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Добро.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи имаме уште 5 минути до крај, тука ќе прекинеме.

Ќе ги прочитам следните четворица што се на ред да псотават прашање. Тоа е г-динот Абдулаким Адеми, Сашо Дохчев, Емилија Костадинова и Спиро Мавровски.

Пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата започна со работа во 15,10 часот)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Можеме да продолжиме.

Почитуваниот колеги Абдулаќим Адеми е на ред за поставување пратеничко прашање.

Повелете.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Ви благодарам г-ѓо потпретседател.

Првото прашање е до министерот за економија.

Врз основа на Договорот за продажба на бившиот "Југохром", сега веќе "Силмак" , и врз основа на разговорите што бившиот министер за економија ги имаше со работниците од "Југохром" требаше сите идни работници што ќе се ангажираат со работа во "Силмак" да бидат во прв ред работници кои имаат поголемо работно искуство и дека истите ќе работат на истите работни места на кои работеле претходно. Но, во праксата се случи нешто сосема друго.

Со почетокот на работа на "Силмак" овој принцип се почитуваше. Професионалните работници или постарите се ангажираа на старите работни места. Додека во другите фази овој принцип не е почитуван воопшто. На работа се ангажирани работници со помало работно искуство, значи непрофесионалци. Значи,

врз основа на бившите работници што досега не се ангажирани со работа, додека од друга страна ги исполнуваат сите критериуми, имаат искуство во работата и се професионалци, значи врз на ова , главните критериуми во “Силмак” се пријателските врски, партиските врски, можеби и етничките врски.

Прашањето е следно - кои се мерките што ги презема Владата, односно Министерството за економија за да ги убеди раководителите во “Силмак” да се почитува Договорот за продажба на “Југохром” и дали може никој во Владата да објасни или Министерството за економија што се случува со акциите со кои што располагаат вработените во бившиот “Југохром”, а сега “Силмак”? Бидејќи врз основа на неофицијални сознанија акциите се околу 2,5 милиони евра.

Второто прашање е до министерот за финансии, во текот на увоз и експорт на стоки правните субјекти се принудени, меѓу другите, да плаќаат и една такса што се нарекува царинска такса од 19 евра. Одлука за плаќање на оваа такса донел бившиот директор на царина. Треба да се нагласи дека ова плаќање влијае во додатните исплати на трошоците.

Кое е оценката на министерот за финансии за овој вид на такса и дали може на правните субјекти кои се занимаваат со увоз и извоз на стоки, во една блиска иднина да очекуваат да се отстрани овој вид на такса.

Третото прашање е до министерот за внатрешни работи-граѓаните на Република Македонија кои купуваат возила од други земји, одкако ќе ги платат сите давачки што се бараат со закон и ги испонат сите барања од страна на органите, доаѓа до постапка за земање на таблички за возилото. Но, овде се појавуваат проблеми, бидејќи истите треба да чекаат повеќе од 30 дена за да ги земат овие таблички.

Прашањето е следно, зошто се јавуваат овие задоцнувања и кои ќе бидат понатамошните чекори што ќе се превземат од МВР за да ги отстранат овие задоцнувања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање е упатеон до министерот за економија.

Одговор ќе даде г. Стевчо Јакомовски.

Повелете.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Јас, како министер немам сознание дека има одредени неправилности во спроведување на Договорот скулучен со “Силмак”. Тоа што знам е дека има одредени проблеми, односно имаше и во расчистување се околу имотно-правните

односи и околу добивање имотни листи за да може “Силмак” и конкретните објекти ги упише во Катастарот на свое име.

Прашањето околу вработувањето, кој се вработува, по етничка структура, по квалификациона, по години на стаж итн. искрен да бидам не сум запознат. Целиот случај ќе го испитаме, ќе го провериме и Договорот што е склучен со “Силмак”. До колку постои било каква можност за легална форма на притисок врз ова претпријатие да ги исполни обврските од Договорот, сигурно дека од наша страна ќе бидат сторени. Почитуван пратеник ќе ве известиме до наредната седница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали почитуваниот пратеник е задоволен од одговорот.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Можам да додадам дека чекам писмен одговор на наредната седница за понатамошното ангажирање на Министерството.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше упатено до Министерството за финансии, ќе одговори заменикот министер г. Кокаровски.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Пратеникот што го постави прашањето за надоместокот од 19 евра, што се наплаќа, тоа е во согласност со Спогодбата за царина и трговија и вообичаено се пропишува од повеќе земји, во врска со сторени услуги за царински постапки.

Можам да му соопштам на пратеникот дека на база на оваа одлука што ја има и што се практикува кај нас, покрај препораката за изедначување на увозно-извозната постапка, наплаќањето на 19 евра се врши по Декларација, без разлика колку наименувања на стоки има во истата, што претставува и соодветно олеснвуање за учесниците во царинската постапка. Претходно се наплаќаше по наименување за декларација. На пример, во една декларација ако има повеќе стоки со различно наименвуање, за сите посебно се наплаќаше по 19 евра. Ова, според извршените анализи придонесе да од 10 септември 2002 година до декември 2003 година приходите во Буџетот на Република Македонија по овој основ да покажат тенденција на намалување.

Поради сето ова, укажуваме дека во иднина на овој вид надоместок и понатаму ќе подлежи на соодветни анализи на примената на овој надоместок, но во овој момент сеуште ќе остане во примена.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Адеми е задоволен од одговорот.

Одговор на третото прашање ќе даде министерот за внатрешни работи г. Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Не разбрав за кој град се однесува, меѓутоа досега на ниво на МВР не е пријавен некој проблем дека постои недостиг на регистарски таблички, дека има потреба од чекање повеќе од 30 дена. Меѓутоа, ако е некаде појавеон како проблем, веројатно се работи за неефикасност на секторот. Меѓутоа, мора да видиме за кој град и точно да провериме што е со тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Пратеникот е задоволен.

Следното прашање го поставува колегата Сашо Дохчев.

Процедурално збор бара г. Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Благодарам г-ѓо потпретседател.

Претходно, моето прашање што го поставив до министерот за правда, не беше тука, затоа моето прашање дали има политички процеси и корумпирани судии го поставив на Судскиот совет. Така што министерот сакаше Деловникот да го злоупотреби. Наместо претседателот на Парламентот во овој случај да ме заштити затоа што во членот 35 од Деловникот се вели дека пратеник освен на член на Влада може да псотави прашање и на сите функционери што ги избира Парламентот на Република Македонија .

Затоа моето прашање го упатувам на Републичкиот судски совет. А, на министерот сакам да му кажам да не се меша во работата на пратеникот, затоа што мене ме избрал народот а министерот го назначил Бранко Црвенковски и многу е подобро да го чита за да научи повеќе. Подобро тој да го чита Деловникот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван колега Асани, со сета почит кон вас и вашето прашање, меѓутоа ја неможам точно да инпретирам што станало, бидејќи протокорално отсатна. Меѓутоа, колку што успеав да разберам од вашата забелешка сега, сте поставиле прашање на Судскиот совет, претставник на Републички судски совет. За тоа е потребно да се најави за да можат да бидат повикани. Ако точно ве разбрав.

Дали точно ве разбрав?

ФАТМИР АСАНИ:

Со оглед на фактот дека министерот не ми даде одговор јас побарав на писмено на идната седница за пратенички прашања, моето прашање да се достави до Републичкиот судски совет. И јас знам дека треба претходно треба да се најави таквото прашање, затоа побарав писмено за идната седница да добијам одговор од РСС. Тоа е предвидено со Деловникот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Верувам дека според Деловникот и процедурите тоа ќе биде спроведено.

Продолжува со пратенички прашања.

Има збор пратеникот Сашо Дохчев.

САШО ДОХЧЕВ:

Благодарам г-ѓо потпретседателке.

Почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Ќе поставам три прашања од кои две ќе бидат поставени до Владата и до Јавниот обвинител на Република Македонија , кого за жал не го гледам меѓу нас присутен иако беше уредно поканет, меѓутоа сигурно има некои поважни работи што го спречиле да присуствова на оваа седница. Затоа, ако има можност Владата да одговори на овие две прашања.

Според моите сознанија МВР до јавното обвиниелство во овој период има поднесено над 6.200 кривични пријави од кои што значителен дел се однесуваат на кривични дела од областа на корупцијата и организираниот криминал. Вакви кривични пријави, односно иницијативи има поднесено од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Моето прашање е - со која ефикасност се постапувало кон овие кривични пријави, колку од нив, особено оние од корупцијата и организираниот криминал се процесуирани, колку отфрлени и каков е ефектот од гонење на сторителите на кривични дела од областа на корупцијата и организираниот криминал. Прашањето особено се однесува за периодот на претходната и сегашната власт.

Кон ова прашање го поднесувам следното образложение:

Во изминатиот период, преку медиумите и различни видови на списанија имавме прилика да дознаеме за вршење различни кривични дела од страна на минатата власт. Од сомневање, индиции до докази за криминал во здравството, во електростопанството, трансфер на средства преку фирми-мајки, формирање сестрински фирми итн. Ваквите појави беа распространети во Скопје, Белимбегово, Владимирово итн. Во јавноста се добива впчаток дека постапката е запрена. Како да

не преземаат одредени дејствија, а извршителите на овие кривични дела со астрономски износи не само што не се наоѓаат таму каде им е местото, туку и се осоколуваат, критикуваат, напаѓаат.

Затоа ме интересира улогата и работата пред се на Јавното правобранителство, а и на Владата во овие постапки за да дознаеме кој треба да ги забрза овие постапки, односно кои се тие органи што ја прикочуваат работата, а ги избира Собранието на Република Македонија . Тоа е првото прашање.

Второто прашање е упатено исто до Владата, особеон за јавниот обвинител, но еве бидејќи го нема него нека биде упатено до Владата.

Во последно време, во медиумите во Владата зачестија најразновидни написи во кои се спомнува Народната банка на Република Македонија  и гувернерот Љубе Трпески како можни учесници или подпомагачи на разни криминални активности. Такви се случаите на купување 33,93% од каптиалот на Радо банка, од страна “Јака-80” и нејзинот газда Јовица Стефановиќ, познат како Газда  Нини. Потоа, продажба на акциите од Македонска банка од страна на партиските фирми на ВМРО-ДПМНЕ и издадените гаранции од страна на ВМРО-ДПМНЕ во корист на Експорт-Импорт банката, што е во сопстеонст на сомнителниот Методија Смиленски, за кого Јавното обвинителство веќе поднесе кривична пријава.

Прашањето е дали Владата и Јавното обвинителство веќе имаат некое сознание зам ожната одговорност на гувернерот Љубе Трпески во овие или во други слични случаи?

Третото прашање го поставувам до министерот за надворешни работи и гласи:

- Со оглед на информациите што беа присутни во јавноста во последниве средби меѓу претставниците на МНР на Република Грција и Република Македонија ме интересира кога ќе бидат отворени конзуларните претставништва на Република Грција во Битола и на Република Македонија во Солун.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до министерот за внатрешни работи. Бидејќи беше до Владата, ќе одговори потпретседателката г-ѓа Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Владата нема да може да го субституира одговорот на ова прашање што во најголем дел се однесува на надлежностите во обвинителството. Можам само да кажам дека точно е дека Министерството за внатрешни работи до обвинителството

има поднесено над 5.000 пријави што се однесуваат на различни случаеви. Јас само би можела да кажам дека до тука ние можеме да ја информираме јавноста и пратеникот и македонското Собрание. Постои процедура во Собранието како ова прашање да се упати и да се добие одговор од Обвинителството.

Истото ќе се однесува генерално на сите случаеви , без да навлегуваме во тоа каде била корупцијата, каде бил криминалот, кои случаи имаат поголемо внимание од македонската јавност а кои можеби не се толку актуелни. Меѓутоа, Владата во овој дел неможе да инфомира.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Дохчев дали сте задоволни од одговорот.

САШО ДОХЧЕВ:

Јас и очекував ваков одговор од Владата, бидејќи реков дека моето прашање беше формулирано до јавниот обвинител, меѓутоа во негово отсуство сепак се решив да го поставам прашањето. Се надевам дека барем писмено ќе ме информира Јавниот обвинител за ова или да го поставам на наредната седница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Дохчев мислам дека тоа би било најкоректно и нацелисходно да побараме писмен одговор од Јавниот обвинител со оглед на тоа што беше уредно известен за денешната најава на прашањето.

Да, затоа реков дека е можеби спречен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тоа би се однесувало и за следното прашање на кое што писмено ќе биде одговорено а се однесуваше за гувернерот на Народната банка.

Третото прашање беше поставено до министерката за надворешни работи, -ѓа Митрева.

ИЛИНА МИТРЕВА:

Благодарам г-ѓо потпретседател,

Минатата недела или поточно на 22 овој месец во МНР на Република Македонија бреше потпишан Меморандум меѓу претставници на МНР на Република Македонија и Република Грција за взаемно воспоставување на канцеларии за конзуларно-економски и комерцијални работи во Битола, односно во Солун.

Целта на овој тип на репрезентации е да ги олесни конзуларните аспекти врзани за потребите на граѓаните и на тој начин деловите од Македонија што гравитираат или градовите што гравитираат кон Битола ќе имаат еден поскусен,

поефикасен пристап до издавање визи, до остварување на овој дел од нивните права.

Но, канцелариите, како своја агенда имаат и потикнвуање на двата други елементи што се спомнати овде, а тоа се економските релации и трговското комуницирање. Според Меморандумот овие две претставништва или канцеларии треба да бидат отворени најдоцна до јули оваа година.

Би сакала во врска со некои дезинформации што беа пласирани на претпладневниот дел од седницата до македонската јавност а се однесуваат на релациите Република Македонија -Република Грција, да кажам неколку појаснувања.

Морам да признам дека малку ми е неудобно што во својство на министер за надворешни работи морам на поранешни дипломати да им давам информации од елементарен тип - а колку што се сеќавам господинот Андов беше амбасадор на СФР Југославија во Ирак - а кои се врзани за познавање на некои дипломатски конвенции или спогодби склучени меѓу Република Македонија и Република Грција. Имено, апсолутно е погрешно тврдењето дека меѓу овие две земји не се воспоставени дипломатски односи, како што тоа беше кажано во утринската сесија. Имено, еден поглед, и тоа немора премногу задлабочен, врз Времената спогодба склучена меѓу Република Грација и Република Македонија во Њу Јорк 1995 година, значи, во првиот член на таа спогодба се укажува на фактот дека таа предвидува скорешно воспоставување на дипломатски односи и тоа е направено веднаш по потпишувањето на спогодбата. Формата на дипломатската репрезентација се канцеларии за врски кои се раководени од амбасадорите. Мислам дека нема никаква основа за фрлање сенка врз овие релации, кои покажуваат еден нагорен од, а тоа впрочем е манифестирано и низ взаемниот договор за отворање претставништва за конзуларни работи. Со една ваква интерпретација би сакала да верувам дека станува збор за непознавање на основните материјали, а не за злонамерно дезинформирање на македонската јавност од страна на господинот Андов.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Дохчев, дали сте задоволен од одговорот?

САШО ДОХЧЕВ:

Да, и повеќе од тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, одиме со следното прашање.

Госпоѓа Емилија Костадинова има право да постави три пратенички прашања, повелете.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Врз основа на член 35 и 36 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, за денешната седница го поставувам следното пратеничко прашање на кое барам устен одговор. Прашањето е упатено до Владата на Република Македонија.

Со конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија за 2002 година, констатирано е дека финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Владата на Република Македонија, делот буџетски средства на ден 31.12.2002 година и резултатот на финансиските активности за 2002 година во согласност со важечката законска регулатива, односно не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кај Владата на Република Македонија, кои претставуваат државни расходи. Ќе набројам само некои од тие наоди констатирани во извештајот.

1. Ставката патни и дневни трошоци, неосновано се исплатени средства во износ од 8.587.000 денари, од кои 5.161.000 денари за лица кои не се вработени во Владата на Република Македонија. Исплатени се трошоци за репрезентација во странство, купување парфеми, облека и обувки во износ од 1.040.000 денари. Исплатени 1.680.000 денари врз база на лична изјава, односно без постоечки документ. Извршено е изнајмување на авион во износ од 706.000 денари и исплата на авионски карти во износ од 1.059.000 денари без тендер.

Констатација: ревизијата се сомнева во реалноста и објективноста на патните и дневни трошоци за вкупен износ од 11.341.000 денари.

2. Ставката материјали е преценета во вкупен износ од 3.006.000 денари.

3. Ставката договорни услуги е преценета за вкупен износ од 9.881.000 денари. Премногу е се да се наброи, но ќе ги спомнам уметничките слики, рачно сликаните марами, изработката на посребрени орнаменти и слични “бисери”.

4. Ставката - други оперативни трошоци е преценета за вкупен износ од 8.165.000 денари поради следното: Платени се фактури на АД “Илинден” - Делчево и “Метс Плус” - Делчево за извршени за извршени угостителски услуги во вкупен износ од 2.286.000 денари. Извршени се набавки на луксузни производи како парфеми, очила за сонце, вратоврски, ташни и слично. Исплатени се средства во износ од

1.097.000 денари за скапи и луксузни часовници, 37 парчиња на број. Исплатени се 752.000 денари за уметнички слики, орнаменти, филиграни и слично, без документ за испорака и без документ за прием. И да не набројувам понатаму зошто е премногу, односно прашањето гласи:

По добивањето на извештајот од Државниот завод за ревизија, што превзеде Владата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство по наодите од извештајот за Државниот завод за ревизија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Го замолувам претставникот на Владата - значи писмено ќе ви биде одговорено на прашањето.

Според списокот што го остави претседателот госпдинот Спиро Мавровски сега е на ред да постави прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не разбрав за одговорот, но во секој случај го слушнавме извештајот на ревизорската комисија.

Јас би го поставил првото прашање до министерот за економија.

На последната седница кога расправавме за АД ЕСМ и бркањето на вработените, поминаа веќе 8 месеци, но некое соопштение или извештај на работењето на Електростопанство на Македонија во Парламентот барем до сега немаме добиено, и покрај заложбата на моите колеги од позицијата дека најмалку барем два пати годишно ќе ги имаме тие извештаи таков извештај од 15.09.2002 година до сега сеуште немаме. Затоа, би сакал да дадам некои насоки за таков извештај и, се разбира, после тоа една расправа во Парламентот за едно јавно претпријатие кое претставува столб на македонското стопанство, се што досега слушаме или читаме е од новинарски записи, па би бил конкретен во прашањето.

Прашањето се однесува до Електростопанство на Македонија, но бидејќи министерот за економија е задолжен за тоа, би сакал да добијам одговор на следниве прашања.

- Колкава е официјално наплатата во Електростопанство на Македонија;

- Колку средства ќе влезат во Електростопанство на Македонија од долгот што Русија го има кон Република Македонија и кој е финансискиот план за нивна употреба, значи колку позиции и кое е чинењето на секоја од овие позиции;

- До каде е стигнато со работата на отворањето на Рудникот “Брод-Неготино”, колку средства се предвидени и колку се потрошени до сега;

- Дали Термоелектричната централа “Неготино” ќе биде пуштена да работи и по која цена на мазутот сето тоа е исплатливо;

- До каде е стигнато со либерализацијата во Електростопанство на Македонија, и

- Последното прашање колку хаварии и исклучувања на термоелектраните и хидроелектраните имало во 2003 година.

Се надевам дека овие прашања ќе предизвикаат интерес кај ценетите пратеници да поставиме точка на дневен ред и по истата да разговараме, а не да разговраме само за одобрување на некои кредити со кои ја задолжуваме Република Македонија и Електростопанство на Македонија.

**Второто прашање** го поставувам до министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов и директор на оваа Агенција.

Според Извештајот на Хелсиншкиот комитет, во Република Македонија биле извршени неправилни приведувања со прекршувања на човековите права. На исто такаво пратеничко прашање, сеуште немам одговор, колку луѓе се приведени по судски налог, без да се најде никаква причина за истотот. Тоа прашање беше поставено во првата половина на 2003 година, до сега сеуште нема одговор. Пред неполн месец-два беа приведени повторно луѓе на граничниот премин и за нив без никаков налог - беше поставено пратеничко прашање, но одговорот не го добивме. Дали сите овие неправилности и постапките што Министерството за внатрешни работи ги има направено до сега не беа доста, па еве денес се приведени уште две лица на граничниот премин во Гевгелија, повторно без судски налог и без никаков налог за да се изврши сето тоа. Значи, тоа е второто прашање за господинот Хари Костов.

И последното прашање: Нашите гласачи од Преспа, овоштарите, бараат Владата на Република Македонија да го спречи неконтролираниот увоз на јужно овошје, притоа користејќи ги сите оние средства и механизми кои и стојат на располагање. Ова од причини што неконтролираниот увоз предизвика пад на цената на јужното овошје, што од своја страна се јавува како нелојална конкуренција при пласманот на нашите јаболки.

Истовремено, овоштарите инсистираат да профункционираат договорите за слободна трговија со соседните земји, а нашата влада да изврши притосок, посебно кај ресорното министерство на Република Бугарија, истото да ги елиминира

царинските бариери кои се несоодветни со фактичката состојба. Во услови кога со Република Бугарија имаме дефицит во трговскиот биланс од 100 милиони долари, ова е еден од начините за минимално билансирање .

Предлозите кои деновиве ги даде Министерството за економија со соодветното министерство на Република Турција се вистински начини за решавање на проблемите на овоштарството во Република Македонија. Во услови на висока и несоодветна рестриктивна кредитна политика во земјоделството, а посебно во овоштарството несоодветна кредитна политика, отсуство на субвенции, регреси и премии Владата мора да обезбеди соодветен амбиент за работа на земјоделците. Овоштарите бараат  итно враќање на ДДВ од 18% на 5%, од Антимонополската комисија на Македонија бараме да се спречат монополите за вештачки ѓубрива и пестициди кои ја дигнаа цената до невидени граници. Доколку Владата не ги исполни овие барања, овоштарите ќе откажат граѓанска послушност и ќе организираат масовни протести. Дали не вреди Владата да се замисли за 50 илјади тони јаболка кои лежат во Преспа, а истовремено вредат околу 20 милиони евра.

Прашањето би било:

Зошто Владата на Република Македонија не превзема никакви мерки за стопирање на неконтролираниот увоз на јужно овошје а  што како директна последица го има огромниот застој во пласманот на јаболката од годинашнава реколта. Со ова би го завршил прашањето.

Но госпоѓо потпретседателке, дозволете една моја забелешка. Еве веќе е 16,00 часот, ние тука ги држиме министрите цело време. Од страна на опозицијата се поставени само овие 6 прашања и мислам дека ваквиот начин на работа на Парламентот предизвикува, незнам, беспредметно да се расправа за работи кои треба да ни ги објасни некој министер, а претходно се договорени. Мислам дека начинот на кој што така ги изведуваме работите не носи функционалност за граѓаните на Република Македонија и ќе треба да изнајдеме нешто подобро.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Мавровски, само за последната забелешка дозволете да кажам нешто. Колку што го гледам списокот што претходно бил договорен, 4 претставници од опозицијата веќе поставиле прашање. Денес да не заборавиме дека имаше голем пакет на писмени одговори, така што ова е сосема прецизно и може да се утврди. Мислам дека е коректно и е според она што е утврдено и договорено.

Ако може сега да преминеме на одговорите.

Првото прашање беше упатено до министерот за економија.

Го молам министерот Јакимовски да одговори.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Благодарам на господинот Мавровски. Јас можам да одговорам за тоа каква е структурата на наплатата на долгот спрема Русија и оној дел штооди спрема Електростопанство на Македонија, околу процентот на наплатата на Електростопанство, меѓутоа, за другите делови околу хавариите не сум во состојба во мементот да одговорам.

Затоа, мислам дека една целосна информација ќе добиете, а и наскоро ќе се најде на Парламент Законот за реструктуирање на Електростопанство на Македонија, така што поцелосно ќе можеме да разговараме околу севкупното работење.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски, дали сте задоволен од одговорот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам на министерот. Мислам дека многу брзо ќе ги добиеме овие одговори така што да бидеме подготвени за таа седница на Парламентот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Министерот за внатрешни работи ако може на второто прашање да одговори.

ХАРИ КОСТОВ:

Во првиот дел воопшто не е точна на господинот Мавровски дека има прашања поставено до Министерството за внатрешни работи што не е одговорено. Може од стручните служби на Собранието да побара евиденциа и ќе види дека било кое прашање што овде е поставено е одговорено и усмено и писмено, а друго прашање е дали на него одговорите му се допаѓаат или не. Меѓутоа факт е дека ниедно прашање што до сега е доставено до Министерството за внатрешни работи или поставено на Министерството за внатрешни работи нема неодговорено и се се наоѓа во архивите на Собранието.

Министерството за внатрешни работи, уште еднаш повторувам, ниту на едно место нема влезено и вршено претрес без судски налог. Дека има случаи кога и со влезен судски налог нема да се најде предмет, за кој имаме сомневање дека таму се наоѓа нелегално оружје, дрога и слично, тоа се случува, но се случува не само во Македонија туку секаде во светот. Еве, пред неколку дена во кочанско имавме информации за нелегално поседување оружје, полицијата си обезбеди судски налог,

влезе во куќата, но немаше најдетно такво оружје и никому ништо околу таа работа не може да му се случува. Немаше никаква поплака околу наводна злоупотреба и тоа е работа на полицијата, постапила законски, обезбедила судски налог и не значи дека во секој претрес нешто ќе мора да се најде. Меѓутоа, не е скршена никаква процедура во тој дел.

Исто така, и во случајот за денес сигурно пратеникот Мавровски не добил последни резултати, нема никакво приведување во Гевгелија. Ако мисли на возачи на товарни возила, полицијата има право да повика некого на разговор, што не значи дека некого приведува и да провери евентуално сомнителни товари и тн. Таа постапка кратко траеше, луѓето ниту се приведени, ниту се задржани. Тоа што полицијата мислеше да пребара, пребара и постапката заврши.

Околу тоа Хелсиншкиот комитет какви оценки дава и тн., кај Хелсиншкиот комитет во еден дел, меѓутоа, бидејќи многу брзо излегува со некои соопштенија и месечни извештаи, на Хелсиншкиот комитет Министерството за внатрешни работи вчера му одговори за сите неосновани елементи во извештајот со ноемврискиот дел што го имаше. Во секој случај ќе му одговори и на овој Годишен извештај.

Меѓутоа, она што можам да констатирам е дека за жал во Хелсиншкиот комитет очигледно, и покрај тоа што се барем по дипломите истакнати правници, доктори, асистенти и тн. во делот на регулативата која се однесува на полициското работење, законите, правилниците и тн, сеуште до крај не ги проучиле работите, па затоа излегуваат во јавноста со неточни толкувања на одлука на Уставен суд и тн. и со едно мешање на тоа што значи повикување на некого за обавување на разговор во станицата, што значи приведување, а што значи апсење и тн. Неможе без заедничко чекање оценка и на Министерството за внатрешни работи за соодветен настан, односно може, ете, Хелсиншкиот комитет така си ја користи приликата да излегува во јавноста само со својата страна на гледање на работите па така дури да го прикаже како кршење на човекови права тоа што во Прилеп еден човек возејќи се во возило со автоматска пушка се распукува низ цел град и сега кога полицијата го привела за нелегално поседување на оружје, кога му обезбедило присуство на адвокат, кога го задржала 24 часа, и поднело потоа кривична пријава, тоа да се претставува сега дека е кршење на човекови права. Неможе наводно да се покажува дека лажно и неточно во извештаите, дека син на некој поранешен полицаец бил приведуван во полициска станица во Струмица држен и тн. без притоа да се види дека ниту синот, 9 - годишно дете не било повикувано во полициска станица за да

синот биде испрашуван, туку напротив, да му се укаже на таткото дека неговиот син со полициски пендрек тепа други деца по Струмица.

Според тоа, повеќе останува на совеста на Хелсиншкиот комитет околу неговата желба навистина во случаите кои ги спомнува во извештаите да ја види и едната и другата страна и да ги види доказите и документите кои околу тоа постојат, а не само еднострано да се даваат извештаи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мене ми е жал што од Хелсиншкиот комитет немаме присутни. Можеби ќе беше интересен дијалогот.

Господине Мавровски, дали сте задоволен од исцрпниот одговор?

СПИРО МАВРОВСКИ:

По она што го искажа министерот, мислам дека и Хелсиншкиот комитет е на ред за кривична пријава. Како што добиле сите, можеби ќе се покаже дека се во право па ќе ги ослободи од кривичната прјава, но сигурно ќе треба тоа да го докаже во полициската станица дека е така.

Дека има прашање поставено до Министерството за внатрешни работи и заедно со Министерството за правда, а тоа се однесува посебно за Битола, колку луѓе - мислам дека можете да ми помогнете госпоѓо потпретседателке, ако го имате листингот на прашањата кои беа поставени, на кои во 2003 година немаме добиено одговор, многу брзо ќе го видите пред вас и да му помогнете на господинот министер. Значи, такво прашање е поставено, одговор уште немаме добиено, затоа што по вашето размислување и филозофија вие можете да добиете судски налог за било кој, да дојдете дома, да испретурите се и ќе кажете немало ништо и никому ништо. Тоа за вас не е малтретирање, тоа е се во ред. Ако вам ви се случи истото, дома да ви дојде некој да ви испретура, дека сте имале само судски налог, незнам тогаш во оваа држава дали постои некој ред и правила и закони по што може да се даде судски налог.

Тоа е прашањето и колку по тие судски налози се процесирани луѓето после тоа. Дали е најдено она за што се отпуштени луѓето, а не се пуштени за оружје, а разговараат за ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека тоа беше прашањето некаде во април или мај, а сега сме февруари. Значи, помина цела година од тоа немаме ништо.

Повикување на разговор, викате дека тоа е дел од работењето на Министерството за внатрешни работи, па сите 120 луѓе што беа избркани од РЕК Битола од работа, беа повикувани три или четири пати во Полициската станица во Битола и тоа без никаков документ. За тоа уште не постои документ дека се

повикувани. Повикувани се телефонски и ако е тоа за вас правилно и исправно и е кажувано дека ако се вознемири граѓанството во Република Македонија дека тие ќе бидат виновниците и ќе одговараат кривично. Таква работа дека тие биле во Министерството за внатрешни работи, посебно во Единицата во Битола, таков документ воопшто не постои. Вие, сега и пред Хелсиншкиот комитет и пред мене ќе кажете дека не е така. Пред малку кажувавте дека полицијата извршува судски налози и видовме дека во "Лозар" по 15-ти или 20-ти пат кажавте дека не може да се спроведе одлуката на судот. Значи, тука пак сте во право.

Ова што е за Гевгелија, пошто сега се информиравте, ќе треба да се информирате малку подобро, затоа што дали се работи за тие луѓе со товарно возило или за некои други, ќе ве известат малку подобро и тогаш ќе ми дадете писмен одговор, така што ќе продискутираме на другата седница.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали министерот има некаков коментар?

ХАРИ КОСТОВ:

Секако имам, затоа што сигурно сум повеќе информиран што се случило на гевгелискиот сектор денеска отколку пратеникот и кога овде одговарам, потоа дополнително немам намера да пишувам одговори.

Според тоа, еве уште еднаш и јас ве повикувам како собраниска служба, затоа што колку што сум јас запознат минатата недела имаше состанок во службите на Собранието, на кој е утврдено дека што се однесува до Министерството за внатрешни работи нема ниту еден одговор што не е одговорен.

Понатаму, на истото прашање кое сега вие го спомнувавте во март минатата година, одговорот ви беше даден на самата седница. Според тоа, од тоа непроизлезе никаква, ниту јас прифатив обврска за некој писмен одговор. Затоа, не можете да најдете.

Околу судските налози, не е ни тој Министерството за внатрешни работи што цени, ниту сте вие тој што цените дали судскиот налог е исправен или не. Ние одиме пред истражниот судија, му кажуваме кои се аргументите и доказите и ако тој оцени дека има оправданост да го издаде судскиот налог, тој го издава судскиот налог. Ниеден судски налог не сме го земале за такви небитни теми, на пример, некој од полицијата да оди да разговара со некои луѓе заради ВМРО-ДПМНЕ. Тоа за нас во Министерството за внатрешни работи е илеревантна тема и небитна тема, за да го трошиме времето околу таа работа.

На крајот, околу “Лозар”, не е МВР тој што, односно МВР само ја дава асистенцијата на истражниот судија, односно извршниот судија. Извршниот судија е тој на крај кој што добил одлука, дасли во моментот имало или немало услови или прзакажал за некој друг датум или за неодредено време.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Мавровски, заврши вашата дискусија, само би сакала да го потврдам апсолутно она што го кажа господинот министер, затоа што во меѓувреме додека вие говоревте, проверивме преку службите, сите прашања што сте ги поставиле во Министерството за внатрешни работи ви се одговорени, а има едно неодговорено прашање поставено до Министерството за правда. Така што, верувам до следниот пат ќе биде и тоа одговорено, за да расчистиме сосема.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Нема проблем. Јас мислам дека прашањето беше до Министерството за внатрешни работи и за судските налози и се работи за истото прашање. Така што, Министерството за правда беше задолжено да ги даде сите тие случаи, кои ги баравме за во Битола.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Третото прашање беше доставено до Владата на Република Македонија.

Кој би одговорил на ова прашање?

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Писмено ќе биде одговорено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Писмено ќе биде одговорено, во ред господине министре.

Одиме понатаму.

Прашање поставува пратеникот Никола Апостоловски.

Повелете колега.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани министри, колеги пратеници.

Имам три прашања и сите се упатени до Владата на Република Македонија, барам писмен одговор, може и усмен, но барам писмено да ми се одговори.

Првото прашање, во септември 2002 година на митингот на ВМРО-ДПМНЕ во Делчево тогашниот премиер Љубчо Гелоргиевски изјави дека Владата на ВМРО-

ДПМНЕ за периодот на своето четиригодишно работење во развојот на Општината Делчево вложила 40 милиони германски марки односно 20 милиони евра. Воопшто не се сомневам дека во периодот 1999 - 2002 година во Општината Делчево се вложени 20 милиони евра, но дека се вложени во развојот на стопанството и тоа како се сомневам, од причини за отворање на едно работно место во Текстилната индустрија, потребни се просечно 2.500 евра, што значи би се отвориле 8.000 работни местас. Па, испаѓа во Делчево би бил сите вработени и би морале да увеземе 4.000 работници надвор од општината. Но, реалноста е сосема друга. Во Општината Делчево во периодот на владеење на ВМРО-ДПМНЕ, бројот на невработените се дуплираше односно до 2.200 невработени во 1999 година, на крајот од 2002 година имаме 4.500.

Граѓаните прашуваат, каде тоа Владата на ВМРО-ДПМНЕ ги вложи фамозните 20 милиони евра во развојот на стопанството во Општината Делчево.

Второто прашање на досегашните сесии на Парламентот повеќе пати се поставуваат пратенички прашања за доделувањето на станови во таканаречената функционерска зграда, кај Железничката станица во Скопје и јас сакам да поставам прашање, односно барам список кој ќе ги содржи следниве рубрики:

Прво, име и презиме на функционерот на кој му е доделен стан.

Второ, функција која ја извршува.

Трето, од која општина потекнува.

Четврто, големна на доделениот стан.

Петто, начин на доделување на станот и тоа дали е под закуп со право на откуп во согласност со Законот за денационализација. Дали е продаден по комерцијални услови и висината на средствата кои се платени. Дали со право на откуп, иако тоа не било дозволено со ниту еден пропис. Дали е доделен под закуп со Законот за домување. Дали има диво вселени. Дали под закуп со право на откуп според Програмата за дополнување за иградба за продажба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија за 2002 година, донесена на 17 септември 2002 година.

Третото прашање, во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија, односно Буџетот на Владата за периодот од 1.01.2002 година до 28.11.2002 година, на овластениот државен ревизор во ставката 10, точка 3 и точка 5 и други оперативни трошоци, се наведуваат платени фактури на АД “Илинден” - Делчево и “Метплус” од Делчево за извршени угостителски услуги во вкупен износ од 2 милиони и 286 милиони денари

или тоа се 45.000 евра. Подетален опис на поднесените фактури за кои и какви услуги, за кои лица истите се направени и со која намена, нема. Ниту пак, ревизијата добила некакво образложени од одговорните лица на Владата. Знаејќи ги фирмите кои се спомнуваат во извештајот АД “Илинден” од Делчево чиј сопственик е фамозниот Кољо односно неговите ќерки - фирми Агроп и Анес, Орландо, Мирабела интернационал и други, сите регистрирани во Скопје, со седиште на ул. “Сава Ковачевиќ” број 5, чиј основач е општо познат на јавноста во Република Македонија и фирмата Метплус од Делчево, чиј сопственик е школски другар на екс премиерот Љубчо Георгиевски. Само може да се претпостави како биле изедени и испиени 45.000 евра сопственост на граѓаните на Република Македонија. Навистина сумата е минорна во однос на другите потрошени средства во 2002 година од страна на Владата, но за граѓаните на општината Делчево навистина се премногу. Претворено во обичен делчевски свадбарски ручек, кој најчесто се служи во Хотел ресторантот “Македонија” сопственост на фирмата “Агропијанец”, кој чини 7 евра по особа, со следното мени, 100 грама алкохол, ордевер, три парчиња скара со прилог и задолжително зелено луто пиперче, еклер и банана и задолжителниот бежести после ручек, излегува дека со средствата биле усложени 5.000 граѓани во Делчево. Или, екс премиерот за 11 месеци во Делчево организирал 15 свадебени свечености.

Прашањето до Владата и до Републичкиот јавен обвинител гласи, дали се запознати со извештајот на Државниот ревизор и што ќе преземат поради ненаменското трошење на буџетските средства.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сите три прашања беа поставени до Владата на Република Македонија.

Дали нешто може да се одговори.

Потпретседателката Шекеринска, повелете.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Го прифаќаме барањето или преферирањето на пратеникот да добие писмен одговор особено кај третото прашање само оној дел кој се однесува на Владата на Република Македонија, бидејќи тука повторно беше повикано Јавното обвинителство, со горе - доле слично прашање како и она што претходно беше поставено, а врзано со извештајот на државниот ревизор.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Пратеникот е задоволен.

Одиме понатаму. На ред е господинот Петар Апостолов.

Колега, повелете.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани министри и заменици министри, почитувани колеги пратеници.

Јас поставам две прашања и двете прашања се однесуваат до Владата на Република Македонија.

Првото прашање е во врска со Македонски телекомуникации, односно на 27 август 2002 година Владата на Република Македонија донесе одлука за доделување акции на вработените во АД Македонски телекомуникации. Со одлуката за доделување на акции на вработените во АД Македонски телекомуникации, кои од 15.01.2001 година биле во редовен работен однос, им се доделуваат акции во вкупен износ од 1 милион 916.775 акции, што претставува приближно 2% од вкупниот акционерски капитал на АД Македонски телекомуникации.

Според одлуката на Владата на Република Македонија, уписот на имателите на акции во акционерската книга на Македонски телекомуникации во Централниот депозитар за хартии од вредност, треба да го изврши АД Македонски телекомуникации. Иако е поминато повеќе од една или една и пол година, од кога е донесена одлуката на Владата на Република Македонија, истата не е спроведена, т.е. Македонски телекомуникации сеуште го немаат извршено уписот на акциите во Централниот депозитар на хартии од вредност, со што вработените не можат да располагаат со акциите кои им следуваат според Одлуката на Владата на Република Македонија и акционерскиот договор склучен помеѓу Република Македонија и стратешкиот партнер Матаф за продажба на АД Македонски телекомуникации. Тоа е првото прашање, односно прашањето гласи конкретно, кога се очекува вработените во АД Македонски телекомуникации да ги добијат акциите.

Второто прашање е доста кратко, но доста актуелно во електронските и пишаните медиуми, а тоа е која е вистината за повторно отворање на фришоповите. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Двете прашања беа упатени до Владата на Република Македонија, но едното прецизно се однесува до Министерството за транспорт и врски, па го молам заменик министерот господинот Кошутиќ, да одговори. Повелете.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Министерството ќе достави писмен одговор до пратеникот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Што се однесува до второто прашање, ќе одговори потпреседателката, госпоѓа Шекеринска.

Повелете.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Сакам да демантирам една информација која што проструи низ јавноста и стана многу актуелна, а тоа е дека Владата на Република Македонија наводно дискутирала, ја разгледувала можноста околу повторното отворање на фришопвите на некои од македонските граници.

Прво, Владата на Република Македонија во ниту една прилика до сега на своите своите седници не ја разгледувала оваа можност.

Второ, Владата на Република Македонија и понатаму ќе води политика, која што и до сега беше актуелна, а тоа е фришоповите на македонските граници да не бидат рестартирани и очигледно беше дека одредени лоби групи кои постојат, меѓутоа не во Владата, туку генерално во јавноста злоупотребија некои медиуми, за да ја пласираат оваа информација, која што е целосно неточна. Значи, без разлика на информациите околу промена на сопственичкиот однос на некои згради или на некои простории, политиката на Владата ќе продолжи да биде иста, а тоа е овие фришопови да не се отворат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали пратеникот е задоволен?

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Да.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме со пратенички прашања.

На ред е госпоѓа Ристана Лалчевска.

Повелете колешке.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓобразование потпретседателке.

Јас би имала две прашања.

Првото прашање до министерот за внатрешни работи, него не го гледам моментано во салата, но се надевам дека ќе го слушне прашањето и ќе ми даде одговор. Прашањето се однесува за вработувањето на воено полициските

обврзници пред се од СВР - Тетово, СВР - Охрид и Струга во Министерството за внатрешни работи. Кога и како ќе бидат вработени оваа група од 41 воено полициски обврзник, кои имаат добиено уверение од Центарот за образование на кадри во областа на безбедноста Скопје за завршен курс во периодите од 9-ти месец 2002 година до 10 месец 2002 година и биле ангажирани за време на воената криза. Сепак и после завршувњето на курсот до денешен ден и покрај остварените разговори, доставените претставки добиени ветувања од високи функционери на МВР, сеуште овие луѓе го немаат решено нивниот статус и нивното вработување.

Би сакала да кажам дека овие луѓе ги држи тензија и чувство на нивно селектирање односно на селективност при вработувањето, бидејќи тие сметаат дека имаат третман на партиски луѓе, затоа што биле ангажирани за владеењето на поранешната Влада и тоа е главна причина според нив, зошто не можат да ги ефектуираат добиените уверенија. Исто така, при вработувањата кои се вршени до сега, во досегашниот период во Министерството за внатрешни работи, според забелешките на овие воено полициски обврзници, има доста забелешки во смисла на непотизам при вработувањето, се вработуваат лица кои се постари со многу пократок стаж во резервниот состав, а некои од нив имаат и криминални досиеја. Тоа би било во врска со ова прашање.

Второто прашање би го поставила до Владата на Република Македонија. Познато ви е неколку пати поставував прашања до министерот за труд и социјална политика во врска со воените пензионери. Во ноември министерот тврдеше дека прашањето на воените пензионери, кои го загубија статусот на воени пензионери со распадот на поранешната ЈНА, е донесена одлука за нивно аконтативно пензионирање и истата е доставена до Владата на Република Македонија и дека Владата во текот на декември е во владина процедура и дека ваква одлука за аконтативно пензионирање, Владата на Република Македонија ќе донесе до крајот на декември односно дека некаде од 1.01.2004 година, овие луѓе ќе можат да си го решат својот статус, односно ќе можат да почнат да примаат пензии. Иако, веќе јануари истекува, немаме никакви информации дали Владата на Република Македонија ја разгледуваше вкавата одлука, каков е нејзиниот став, дали ја прифати или не оваа одлука, бидејќи добивме потврда од министерот дека е меѓу министерствата комуницирано и е констатирано дека треба да се донесе позитивна одлука за оваа категорија на пензионери. Затоа, би молела претставник од Владата да образложи повеќе околу донесувањето на оваа одлука.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Првото прашање беше поставено до министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов.

Повелете господине министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Ова е од прилика четврти или петти пат како слично прашање се поставува, па горе доле ќе биде сличен и одговорот.

Да потсетам уште еднаш. Пред стапување на функцијата на сеганата Влада од 1 ноември 2002 година во Министерството за внатрешни работи беше затекната следната состојба. Од јуни месец 2002 година имаше по ред 5 писма од Министерството за финансии и тогашниот министер за финансии Никола Груевски до Министерството за внатрешни работи дека вкупниот број на воено-полициските обврзници треба да се намалат. Дури во моментот кога го пишувал првото писмо во јуни од 2000 на крајот на декември 2002 година да се сведе бројката на нула. Меѓутоа и покрај тие 5-6 писма од Министерството за финансии до тогашното Министерството за внатрешни работи фактички имавме состојба дека на 1 ноември 2002 година имаше над 5 илјади воено-полициски резервен состав на полицијата ангажиран во Министерството за внатрешни работи, меутоа ангажиран со истовремено неплатени 4 плати и неплатени било какви трошоци околу хранарина, дневници и т.н. и т.н.

Според тоа не е работата само некој да се чува како воено-полициски обврзник и покрај тоа што имало јасна обврска и тогаш и во согласност со тогашниот Буџет дека тој број мора да се сведе на нула до крајот на 2002 година што не беше почитувано и беа створени огромни неизмирени обврски во износ од повеќе од 500 и нешто милиони денари. Владата тие обврски ги измири заклучно со јануари месец 2003 година, дури и по две плати во еден месец им беа исплатени на резервистите така да во јануари месец целокупните неизмирени обврски беа измирени.

Второ, уште еднаш да потенцирам. Резервниот состав на полицијата нема работен однос во полицијата. Постојат два методи на кои тие се повикуваат и се распуштаат по потреба. Значи, нема определено дека тие имаат работен однос и тоа е прецизно регулирано со законските прописи околу таа пробелматика. Се повикуваат по потреба и постојат две варијанти. Или е на неопределено време се додека не се распуштат со престанок на потреба, или пак се повикуваат на одреено

време во кое што постои договор на одредено време без разлика дали е тоа 3 месеци 6 месеци и т.н.

Во Буџетот на РМ и за минатата и за оваа година нема предвидено средства затоа што фактички нема потреба од ангажирање на резервниот полициски состав заради значително подобрената безбедносна состојба во РМ.

Во Буџетот исто така, не само во Министерството за внатрешни работи туку и на ниво на државата и во Буџетот кој што беше изгласан во ова Собрание е предвидено вкупнио тобем на плати кои што може да постои. Тоа е околу 22 милијарди за сите буџетски корисници содржани во Буџетот на РМ.

Според тоа досега можеби на пвоеќе состаноци кои сме ги имале со резервниот полициски состав им е укажано на законската регулатива и на законските права кои што тие ги имаат. Според тоа обврските спрема нив се измирени, не може Министерството за внатрешни работи да вработува ништо над оние износи кои што се предвидени во Буџетот на РМ како износ на плати за Министерството за внатрешни работи и како бројка на вкупен број вработени кој е содржан во Буџетот.

Резервниот состав на полицијата и припадниците исто така имаат право на предност при вработување во јавни претпријатија и т.н. Дури и во самите конкурси на Министерството за внатрешни работи, тие конкурси што беа во Министерството за внатрешни работи се однесуваа на прием на полицајци и во оспорувањето на одредбите од Рамковниот договор. Овој конкретен, последен конкурс што е во тек исто е фактички реализација на Рамковниот договор и обврска на полицијата до крајот на 2004 година генерално да го одразува составот на населението во РМ. И тука се законските услови околу годините и т.н. и т.н.

Според тоа сите воено-полициски обврзници кои ги исполнуваат тие услови, а тоа значи помлади од 25 годинисигурно дека ќе имаат приоритет, меѓутоа за жал фактички поголем број од нив не ги исполнуваат некои услови кои се предвидени во конкурсот.

Не можам да прифатам не само јас, туку може да се погледаат сите извештаи кои се однесуваат на начинот на спроведувањето на конкурсите и приемот на вработените во Министерството за внатрешни работи, во секоја конкурсна комисија која што беше и во изминатите два конкурса, па и во овој сега во самата конкурсна комисија се вклучени и претставници од ОБСЕ. Во конкурсот што се спроведува се вклучени претставници и од ОБСЕ и од ПРОКСИМА така да нема да постојат никакви, тоа се и последните два извештаи на ОБСЕ околу претходно спроведенит

еконкурси нема да постојат никакви можности за билокакви интервенции по било каков основ, туку она што на она штона самото здравствено тестирање, успех во школото и т.н. ќе биде најдобро избрано, најдобро рангираноспоред критериумите од конкурсот.

Според тоа, уште еднаш д аповторам Министерството за внатрешни работи ниту во делот на воено-полициските обврзници ниту во делот на поранешните припадници на лавовите нема намера да презема билокакви мерки кои што ќе го пробијат Буџетот и бројот на вработените кој што ни е одобрен и на тој начин да го доведе во опасност аранжманот на РМ со ММФ и целокупната друга донаторска помош врзана со аранжманот со ММФ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Лалчевска, дали сте задоволни од одговорот.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам на минситерот за една добро хронолошки изнесени работи околу ова прашање, меѓутоа овие 41 воено -полициски обврзник и понатаму остануваат без работа и понатаму очекуваат да им се исполнат барањата кои им се дадени токму од вашето министерство.

ЛИЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање беше упатено до Владата, а се однесуваше до Министерството за труд и социјална политика.

МАКСУТ АЛИ:

Во врска со прашањето на пратеничката можеме слободнод а кажеме после долго време, години исчеквување на военит епензионери проблемот е разреШен. Од наша страна се е во ред, само се очекув апотпишувањето на договорот од страна на Хрватска односно од претходните Југословенски републики.

После толку време упорност се исплати упорноста и Владата успеа да го реши овој проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Лалчевска дали сте задоволни од одговорот?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас се извинувам, но не го разбрав добро минситерот што беше за Хрватска. Јас знам дека Хрватска нема ратификувано сеуште и затоа е пречката за пензионирање на овие луѓе.  Дали Хрватска го ратификувала или ќе го ратификува тој договор, илипак ние се одлучивме конечно за аконтативно пензионирање.

МАКСУТ АЛИ:

Се очекув аод страна на Хрватска да се потпише.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашање поставува пратеничката Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Со оглед на голмиот број на поплаки на граѓните од општина Штип односно брзината односно спороста во одлучувањето и постапката за денационализацијата, како и големиот број на барања кои се поднесени од граѓаните, а кои Комисијата ги решава исклучиво со обврзници барам од Министерството за финансии да ми одговорат дали воопшто децентрализацијата се спроведува во РМ и до каде е стигнато во овој процес. Тоа е првото прашање.

Второто прашање го поставувам до Владата на РМ. Според сознанијата со кои располагам, а поткрепени со големиот број несоодветни кадри кои се поставуваат на раководни места со непроверен квалитет, директор на Стоматолошките клиники во Скопје г-динот Асан Мемети и директорот на Медицински центар -Гостивар Милеим Сејди покрај тоа што се наоѓаат на платните списоци на организациите каде се вработени, значи Стоматолошки клиники во Скопје и Медицински центар-Гостивар истите тие лица се наоѓаат на платните списоци на соодветните здравствени организации во покраината Косово. Моето прашање до Владата е дали овој податок е точен и доколку е точен што намерава Владата да направи во таа смисла, затоа што сепак се работи за кадри.

Третото прашање се однесува до претседателот на Владата на РМ и навистина незнам дали е предметно да го поставам затоа што г-динот претседател не е тука, меѓутоа ако некој смета од Владата, ако може да одговори на прашањето јае ќе го поставам.

Имено, кои беа причините претседателот на Владата на РМ при неговата посета на заедницата Србија и Црна Гора, поточно по средбата со претседателот на Црна Гора г-динот Булатовиќ, претседателто Црвенковски на ПРЕС-конференцијата по завршувањето на средбата да се обрати на српски јазик. Ако смета некој од претставницие на Владата дек аможе д ами одговори, би сакла да ми одговорат кои беа причините  и мотивите г-динот претседател на Владата на РМ  да се обрати на србски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатенодо Министерството за финансии.

Има збор г-динот заменик минситерот Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Марија направи еден лапсус, од утре ќе почнеме за децентрализацијата да расправаме. Пакетот закони е на дневен ред, прашањето е за денационализацијата.

Денационализацијата се спорведува , тоа е отворен процес и тече постапка по сите законски норми.

Во моментот имаме еден мал застој од аспект на поминато време на мандат на комисиите. Тие ќе бидат формирани овие денови и тој процес ќе продолжи да се одвива според законските норми кои ги имаме за процесот за денационализација.

Нештопо конкретно незнам што друго да и соопштам на госпоЃата пратеничка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали колешката е задоволна од одговорот?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

За да не се чувствува г-динот Кокароски дека не е искористена оваа седница јас сепак ќе му псотавам конкретно прашање.

Ме интересира бројот на предметите за кои е во тек жалбена постапка, а се однесува на решенијата на Комисијата која работи на денационализацијата.

Второ, барам да ми се достави преглед на решените барања за денационализација класицифиранису според Одлуката коај е доенсена. Значи содржината на Одлуката коај е донесена и врз основа на тоа барам да ми се достави преглед за период од 01.01.2003 година со 31.12.2003 година.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Мојот одговор би бил за целиот период кога е почнат целиот овој процес. Добро би било и компаративно да се дадат сите податоци. Тоа ќе го сториме , а во овојмомент не можам навистина затоа што за бројки се работи, меѓутоа на почетокот на овој процес многу селективно е пријдено кон реализирање на процесот на денационализација. Сега е оставен послoжениот, покомплицираниот дел и затоа има многу поплаки и жалби за второстепената комисија, но за наредната седница пратенички прашања ќе добиете компаративно за целиот период од кога тече процесот на денационализација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање беше уаптенодо Владата, а ќе одговори минситерот за здравство Реџеп Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Споменатите директори, директорот на Стоматолошкиот клинички центар и директорот на Медицински центар -Гостивар дали се на некој платен список на некое

друго место, за нас како Министерство битен фактор е дека тие се вработени и именувани директори во овие две институции и совесно и одговорно менаџираат со овие две институции.

Значи, за нас не е битен податокот, не гледаме потреба за такви податоци и такви списоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Којзеклиска повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Апсолутно не можам да бидам задоволна од одговорот на минситерот за здравство. Значи нив не ги интересира дали тие се на платен список на 48 земји или само се во РМ. Навистина не можам да разберам како Министерството за здравство не им е важно дали истите лица се на палтен список или не на други земји, соседни, несоседни земји не е важно.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Јас знам како пратеничката мисли. Човек кој е вработен и именвуан на таа функција и секој ден ги обавува своите задачи може да бид ена платен список на една или на 48 земји. Тоа како прво за мене не е сватливо и неодржливо.

Друго, двајцата именувани директори се граѓани и државјани на оваа земја. Значи тие живеат и работат тука и тие се на платен список во државата Македонија. Нивната функција ја обавуваат редовнои секој ден, така да не можат да бидат на некој платен список илина друго работно место.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На третото прашање ќе одговори потпретседателката Радмила Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Како инфорамција на пратеничките , премиерот на РМ ја даде својата изјава на споменатата средба на макеоднски јазик. На едно од поставените новинрски прашања кое што се однсуваше на односит ена Макеоднската православна црква и Српската православна црква и некоиод другите цркви премиерот го кажа следното - ќе одговри на српски јазик за да не биде грешно интерпретиран. Јас се надевам дека и пратеничката ќе се согласи дека тоа е паметна и оправдана политичка одлука.

За да ние дополнително не се фрустрираме дали е тоа добро или не за интересите на РМ да се потсетиме дека министерот на истата соседна држава г-динот Свилановиќ во една прилика во Скопје, дури и колку што се сеќавам целата своја изјава се обиде да ја даде на македонски јазик, така да навистина мислам дека во одредени прилики начинот на комуникација зависи се разбира од оној што се

обидува да искомуницира одредена вест илиодредена политичка порака дека влијае на тоа колку добро ќе бидеме сватени или не. За вакво политичко прашање, за политичко прашање кое што има влијание и врз билатерланите односи за жал помеѓу двете држави премиерот со право сметаше дека е ова вистинскиот начин да даде одговор на едно новинарско прашање и не мислам дека околу ова треба да се дига некоја политичка врева.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Којзеклиска, дали сте задоволни од одговорот?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ако било само за ова прашање, за да не биде погрешно протолкуван, затоа што сама бев сведок на тоа што го кажа премиерот дека ќе одговори на јазикот за да подобро го разберат новинарите, значи ли тоа дека премиерот нема доверба во неговиот преведувач?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Коментар од госпоѓица Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Можеме да бидеме цинични околу ова прашање, меѓутоа само потсетете се на приказната за Вавилонската кула, па ќе сватите дека тоа не е само македонска специфика. Доколку можеме да комуницираме на јазици кои што ги знаеме, тоа може само да биде плус за некој политичар, а не минус, особено кога се работи за прашања околу кои што некои од новинарите, или некој од политичарите намерно можат погрешно да ги интерпретираат зборовите. Значи, да не ја водиме понатаму дискусијата, се работеше за одговор на едно прашање. Изјавата, онаа официјална беше дадена на македонски јазик и мислам дека тоа беше плус за премиерот и за Република Македонија, а не минус, или недостиг.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално има господинот Џезаир Шаќири.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Навистина не е во ред јас како единствен пратеник на Националната демократска партија да чекам 5 часа за да земам збор и да поставам едно прашање, додека другите партии од позицијата и од опозицијата земаат збор по неколку пати, значи, дека не се почитува Деловникот. Би сакал едно објаснување во врска со ова и чекав неколку часа, цел ден и не можам да поставам прашање. Каде е проблемот? Иако малку претходно ми рековте дека ќе дојдам на ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Зборот ќе го одржам, затоа што нема да има проблем. Според пријавените сигурна сум дека ќе дојдете на ред господине Шаќири, едноставно денеска голем дел од денот помина во одговори на писмени прашања. Така што многу малку и од пратениците на другите и поголемите партии со повеќе пратеници досега се произнесоа со прашања и тоа е единствената причина. Инаку, еве, на ред чекаат и претставници од други партии кои што имаат по еден претставник, господинот Љубисав Иванов Ѕинго исто така е пријавен. Така што секако ќе бидете веднаш по господинот Иванов ќе бидете вие на ред.

Господинот Ружди Матоши поставува прашање.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас имам три прашања до Владата.

Првото прашање ќе биде до Министерството за надворешни работи на Република Македонија на госпоѓа Митрева која не е овде помеѓу другите министри и ќе биде добро доколку е овде да се покани и да биде овде и да го слушне прашањето.

Имам забелешки на начинот како се работи во Министерството за надворешни работи, како се прави сегрегацијата, или поделбата каде ние албанците во ова Министерство сме хендикепирани и не сме претставени на начин како треба да бидеме застапени. Имам забелешки во начинот како таа ги испраќа првите секретари на амбасадите и работниците во самите амбасади, администраторите, вторите секретари на амбасади, своите советници на министерствата кои не претставуваат во амбасадите. Од министерот за надворешни работи сеуште нема испратено ниту еден албанец во ова својство што го спомнав, значи, нема испратено ниту еден албанец.

Во Софија има еден прв секретар Миле Миленковски и еден административен работник и двајцата македонци, во Белград вториот секретар и еден советник на министерот и двајцата се македонци, во Загреб еден советник на министерот, значи македонец, во Будимпешта првиот секретар на амбасадата е македонец, во Виена советник министер, македонец, во Берлин вториот секретар е македонец, во Брисел еден советник на министерот при Европската унија и тој е македонец, во Рим административен работник, македонец, во Киев Украина првиот секретар македонец, во Атина советник на министерот, македонец, во Варшава советник на министерот, исто така македонец, во Вашингтон советник на министерот, исто така македонец. Сите овие се луѓе на Илинка Митрева која во ниеден момент не го

почитува националниот состав на Република Македонија и во Министерството за надворешни работи на Република Македонија. Се разбира, ова е една обврска во Уставот на Република Македонија.

Амбасадорите кои ги има именувано госпоѓа Митрева, во Атина македонец, во Лондон македонец, во Букурешт македонец, во Белград македонец, во Тирана македонец и Камбера Австралија исто така македонец. Значи, само во Загреб има испратено една албанска личност, а тоа е  Махи Несими кој е познат како послушен на СДСМ, а кој не врши никогаш балансирана политика и вистинска добра политика за албанците. Во овој сектор на Министерството нема ниту еден албанец. И вака продолжува во името на Охридскиот договор да вработува само македонци. Го има вработено Кире Илиевски, го има пренесено од Министерството за внатрешни работи и за една година е именуван за раководител на сектор. Значи, албанците со години не можат да стекнат ваков наслов. Игор Диковски исто така вработен без конкурс, за прв пат се вработува во Министерството за надворешни работи, Гоце Галев исто така, Иво Савиќ вработен исто така без конкурс, Денис Бошковски, Дејан Костадинов и синот на Елена Ќосева, Владо кој исто така се вработува без конкурс, Сашко Аврамовски исто така се вработува без конкурс и Маја која работи во протоколот на Министерството за надворешни работи. Значи, овие се фактите и живи аргументи што министерката за надворешни работи ни најмалку не го почитува Охридскиот договор и според сите нешта таа треба да биде на црната листа за неимплементација на Охридскиот договор, а што треба да го изготви Европската унија.

Второто прашање го поставувам до министерот за внатрешни работи. Значи, со министерот за внатрешни работи сме имале една реплика во врска со државјанствата,  во врска со граѓаните кои немаат државјанство и што е значајно тие во првиот степен поминуваат позитивно, додека администрацијата за внатрешни работи им дава негативен одговор. Тоа се овие лица: Емине Алилај, Бедри Амети, Љољоља Арифи, Мирена Бериша, Сузана Беадини, Ракипе Исљами, Амет Лика, Јашар Љоки, Седат Љума, Елиде Раими, Мимоза Сефери. Сите овие лица во првиот, вториот степен зедоа дозволи за да им се даде државјанство. Додека во администрацијата на господинот Хари Костов и Ерол Сали и други на овие лица им дава негативен одговор, како и обично што се случува.

Во Скопје Невзат Ука, Џемиле Мурати, Шукрие Џемаили, Пајазит Омеровиќ, Шефкет Рамука, Азис Муча, Мирадие Самакова, Ариф Красниќи, Бест Шаќири, Макфирет Елесковица, Рамадан Суља, Ислам Нухиу, сите овие се лица кои многу

брзо зедоа негативен одговор од Министерството за внатрешни работи. Интересно е да се види досието на ова лице кое бара државјанство Рагибе Хаџиќ, значи смешно е за едно Министерство за внарешни работи зошто оваа жена не стекнува државјанство. Зара Куртиши исто така нема одговор, а многу време МВР не и одговара зошто нема стекнато државјанство. Мимоза Нухие исто така нема одговор, еве една година и повеќе чека, зошто нема државјанство? Хајрис Зендели ги исполнува условите и неможе да стекне државјанство. Неџмие Асани, двата родители и се од Македонија, имаат пасоши, имаат куќа, имаат материјални добра, а државата не и дава државјанство. Сефедие Сејфули, родителите државјани на Република Македонија имаат пасоши, имаат материјални добра, а државата не и дава државјанство. Сузана Беадини, никако нема одговор зошто нема државјанство. Арифи Нерџеван ги исполнува сите услови, нејзиното досие ми е овде, а државата не и издава државјанство. Сејди Јонузи исто така. Имаме уште нешто да расправаме овде, господине министер. Со оглед на одговорите од вториот степен, вие во Министерството го променивте човекот кој работеше таму до средината на 2003 година, бидејќи има дадено, значи овој е Изет Ризаи кој одговорите ги има дадено на позитивен начин на вториот степен, додека вие, вашата администрација одговара негативно. Што презема Министерството за внатрешни работи за овој матичар Филиповски Тони кој на Ајше Бељули државјанка на Македонија од Доброшт и се зема правото на државјанство и и се вели да извади документи како странн државјанин. Треба веднаш да го запрете Ерол Сали да не смее да ги вработува администраторите во Министерството кои се во Тетово, зошто тие го спроведуваат Охридскиот договор, зошто истакнуваат ваков натпис на два јазика. Ова не треба да го направи и веднаш треба да превземете мерки во оваа насока и треба да се спречат тие дејствија кои Министерството за внатрешни работи ги диктираше уште во времето на комунизмот. Сега мислам дека не сме во комунизам. Треба веднаш да му се одземе дозволата што органите гледајќи како во Србија и на Косово се надлежни за документациите, за граѓаните албанци од Косово кои имаат брачни врски во Македонија.

Третото прашање е упатено до Министерството за финансии и Министерството за образование. Сакам уште еднаш да го полемизирам прашањето на средното училиште “Никола Штејн”, каде се средствата на ова училиште и зошто не продолжува со работата во средното медицинско училиште. Зошто не продолжува работата во средното училиште “Зеф Љуш Марку” каде се одвоени средствата од Телекомот. Јас мислам дека органите на државата треба да

дејствуваат и кој е внесен во корупцијата да ја земе казната. Министерствата не смеат да бидат залог на фирмите кои ги потпишуваа договорите, а работите не ги извршуваат, додека многу официјални лица предвреме ги даваат парите без да ги завршат работите. Значи, дека овде се внесени многу официјални лица во корупцијата на овој начин. Затоа барам веднаш да ми се одговори зошто не отпочнуваат работите во Зеф Љуш Марку и во Никола Штејн во средното медицинско училиште во Тетово. Знам дека имате проблеми со тие фирми како Леснина инженеринг и ЕУРО, не знам како се вика таа другата фирма, но јас мислам дека органите на правдата треба неопходно да бидат поенергични и да ги исправат работите. Бидејќи кога станува збор за школски албански објекти, сите проблеми се натоваруваат и се пасивизира работата до максимум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам колеги да бидеме порационални во исказите. Нема многу пријавени и со порационални искази ќе можат сите прашања да бидат одговорени. Сепак, да бидеме рационални, го надминавте и времето што е обично предвидено.

Значи, првото прашање беше поставено до министерот за надворешни работи.

Заменик министерот Фуад Хасановиќ е тука.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Навистина е неупатно за еден пратеник да врзува цело министерство и работата на едно министерство, а притоа да спомнува внатрешна организација на Министерството и некој делокруг од работата на Министерството да се врзува со едно име, односно со министерот за надворешни работи. Сакам на почетокот да кажам дека изнесеното од страна на пратеникот Матоши е убав микс на информации и дезинформации спакувано за јавноста. Фактичката состојба е сосема поинаква.

Прво, и на минатата седница посветена на пратеничките прашања со егзактни бројки излеговме за застапеноста на етничките заедници во Министерството за надворешни работи. И ако сега повеќе го интересира, можам да кажам дека застапеноста на етничките заедници во ДКП, а кога зборувам за застапеноста на етничките заедници, зборувам пред се за албанската етничка заедница е 13,7%, значи застапеност во ДКП на сите нивоа. Во рамките на Министерството за внатрешни работи во организационата структура, она што значи органограм на Министерството имаме еден државен советник раководител на област кој е наследен, односно раководител на област кој си ја извршува својата функција и по доаѓањето на министерот Митрева на таа функција и имаме уште други двајца

припадници на албанската етничка заедница кои исто така ја носат титулата, односно се државни советници од кои едниот е поранешниот амбасадор во Загреб кој е постојано вработен во Министерството за надворешни работи.

Во однос на имињата кои се спомнати во излагањето на г. Матоши сакам да кажам дека не е добро да се дезинформира јавноста, затоа што прво лицата кои се спомнати не ги носат функциите кои тој ги наведе. Едно лице за кое рече дека е раководител на сектор, не е раководител на сектор, туку е раководител на одделение и тоа лице е преминато од МВР во Министерството за надворешни работи во времето кога пред доаѓањето на госпоѓа Митрева за министер за надворешни работи и си ги извршува работните обврски онака како што тоа го бара правилото на работата.

Во однос на хоризонталното поместување на албанците на припадниците на етничките заедници во Република Македонија  можам да кажам дека сега се извршени, значи дадени се решенија за сите вработени албанци пред септември 2002 година, сите се распоредени и за прв пат се распоредени на работни места кои дотогаш не биле потполнети со припадници на етничките заедници, особено она што значи областа колективни системи за безбедност, односно Секторот кој го покрива НАТО и Секторот, односно областа која ја покрива Европската унија. Со оглед на тоа дека во завршна фаза е изработката на новата систематизација на Министерството за надворешни работи, при изработувањето и при новата кадровска проекција на многу пати е разговарано да биде пополнето и ќе биде пополнето согласно потребите, согласно процентот, ќе бидат раководните места и по хоринзонтала и по вертикала ќе бидат пополнети со припадници на етничките заедници.

Што се однесува до конкурсите преку кои припадниците на Министерството за надворешни работи, се упатуваат на работа во ДКП, ние досега тие места ги пополнувавме согласно потребите на Министерството и пополнети се  со вработени кои исполнуваат одредени услови кои се регулирани со внатрешни правилници кои ги регулираат условите под кои може еден вработен од Министерството за надворешни работи да конкурира за тоа место и да биде поставен  на работа, да биде испратен на служба во нашето ДКП.

Да резимирам. Од доаѓањето на министерот за надворешни работи, госпоѓа Митрева има само едно вработување кое е согласно законските прописи. Сите вработувања во Министерството, зборувам за постојан работен однос се направени пред нејзиното доаѓање 2002 година, септември месец. Сите тие вработени меѓу кои најголем број се припадници на албанската етничка заедница се успешно

инкорпорирани во Министерството и имаат решенија и работат во одредени сектори и одделенија, кои согласно должината на нивниот работен стаж и образованието кое го поседуваат се распоредени во Министерството. Интенцијата е, тоа набрзо ќе се види, ДКП да се пополнуваат со албанци, согласно потребите на дипломатско конзуларната мрежа на Република Македонија.

Уште еднаш би го замолил господинот Матоши да не спомнува имиња на луѓе кои навистина не го заслужуваат тоа а се вработени во Министерството, да не бидат спомнувани во негативна конотација, односно да не биде дезинформирана јавноста за нивната положба и работно место во МНР.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Матоши дали сте задоволен од одговорот?

РУЖДИ МАТОШИ:

Госпоѓа потпретседателке овде треба да владее вистината. Нека на писмено се наведат сите, МНР, амбасадите и ДПК кои се пополнети со тоа што го реков јас, првите секретари, со административни работници, со советниците во Министерството. Нека ми даде на писмено госпоѓа Митрева што има донесено, откако ја зема должноста до сега. Јас имам информации дека сите вработени се македонци. Нека ме демантира ако може со колку албанци се пополнети амбасадите. Ние имаме информација дека само амбасадорот Махи Несими го има именувано амбасадор, кој го има заменето исто така амбасадор албанец, во Хрватска. Немаме друга измена. Овде се забележува дека постои тотална дискриминација на албанците во работата на МНР. Ова не е одговорност само на министерката Илинка, туку одговорноста е и на албанскиот партиципиент, ДУИ. Незнам кој е тој кадар кој работи за да бидат застапени албанците во ова министерство. Значи и албанскиот партиципиент, ДУИ има висока одговорност во тој правец.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Хасановиќ.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Само да напоменам дека освен амбасадорот во Република Хрватска, Владата донесе одлука за именување на амбасадор во Швајцарија, кој е од албанската етничка заедница, меѓутоа се чекаат документите од Швајцарија за Агреман.

Јас го поканувам господинот Матоши да дојде утре во мојот кабинет, со сите имиња што денес ги изнесе овде во Собранието и со местата што ги заземаат во МНР, да провериме дали е тоа така. Одговорно тврдам дека ниту едно место што го

спомна на вработените во МНР, за кои рече дека ги носат тие позиции, не е точно. Ниту споменатиот господин е раководител на сектор, ниту другите што ги спомна се раководители на сектори. Дури спомна и лице кое не работи, кое волонтираше одреден период, а го споменува како постојано вработување. Тоа е една работа.

Второ, спомна лице на починат наш колега за кое уште нема никаков работен однос во МНР. Дури се чудам од каде информациите, бидејќи ние разговаравме во потесен круг, заради смртта на нашиот вработен кој беше упатен на работа во амбасадата во Украина, поради тешката материјална состојба во која се наоѓа семејството на починатата, да ја разгледаме можноста член од нејзино семејство да биде евентуално примен на работа во МНР.

Повторувам уште еднаш, го повикувам господинот Матоши да дојде со сите имиња спомнати. Одговорно тврдам дека ќе му биде дадена на располагање целата документација, да се види дека тие лица не се носители на решенија за распоредување во МНР, по тоа како што тој тврди.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше за министерот за внатрешни работи, господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

На минатата седница на Собранието, Собранието усвои измени и дополнувања на Законот за државјанство на Република Македонија. Ниту во овој новиот закон, ниту во претходната верзија на законот не видов ниту еден член, незнам член 5, член 6 и тн. во кој би стоела формулација дека пратеникот Ружди Матоши одлучува кое станско лице ги исполнува условите за стекнување на македонско државјанств, затоа што дискусијата од овде што ја имаше само ги наброи список на луѓе, како телефонски именик, за кои тој констатирал дека ги исполнуваат условите.

Во првостепена постапка може МВР да одлучи. Постои второстепена комисија, постојат судови и тие судови на крај можат да утврдат дали лицето исполнува услови или не, а не пратеникот Ружди Матоши да ни кажува дека луѓето исполнувале услови, ама биле малтретирани и не им се давало државјанство.

Како што тој прочита десетина имиња, претпоставувам по дикцијата на имињата се луѓе албанци. Јас исто така можам да му прочитам имиња зата што во текот на декември и јануари МВР ги расчисти сите заостанати предмети кои повеќе од четири-пет години се мотаа во МВР и особено во периодот, да речеме, кога и

неговата партија имаше заменик министер во МВР и кога токму тогаш голем број предмети не беа завршени, токму тоа мислење по член 7 од Управата за безбедност и контраразузнавање. Значи во текот на декември и јануари сите заостанати предмети се решени, што не значи дека сите ќе добијат позитивно мислење и позитивно решение.

Во текот на декември дадени се 273 позитивни решенија за 312 лица. Меѓутоа во исто време дадени се и 124 негативни решенија за 150 лица. Според тоа како што тој читаше такви имиња, јас можам да му читам исто така, дека во одбиените барања односно во негативните решенија за 16 муслимани, 15 турци, 8 срби, 5 бугари, 3 роми, 2 словенци, 1 румун и тн.

Во текот на јануари, токму заради тоа решавање на сите заостанати стари предмети, издадени се 460 позитивни решенија за 517 лица и 116 негативни решенија за 138 лица. Според тоа да бидеме на јасно, решавањето на предметите не значи дека сите ан блок ќе добијат позитивни решенија, туку она што барем во првостепена инстанца, МНР смета дека се исполнети условите, а натамошната постапка се знае преку второстепената комисија и судовите, доколку некој смета дека не се остварени неговите законски права.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Матоши повелете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ме чуди фактот зошто се смени Изет Ризау, лице кое вршеше утврдување во втор степен за лицата кои бараат да стекнат државјанство. Сите тие за кои даде позитивно мислење секторот на Изет Ризау, Секторот на Хари Костов и Ерол Салиу ги изнесуваат како негативни. Значи даваат негативни одговори. Овде имам 15 имиња што е срамно да кажам зошто тие луѓе немаат стекнато државјанство на Република Македонија.

Сите овие што ги спомнав со имиња, овде се и нивните досиеја, а игосподинот Хари ги има во Министерството овие досиеја и смешно е зошто тие не го уживаат правото на државјанство. Сите овие лица што ги спомнав имаат контактирано и со меѓународниот фактор, со УНХЦР и со други. Тие им рекле, единствената надеж е да извршите пресија врз политичките партии, таму каде што сте, за тие да вршат притисок врз органите на Владата, вие ќе стекнете право на државјанство. Јас имам обврска НДИ, американска организација овде, за демократија има отворено неколку канцеларии и има многу луѓе кои доаѓаат во тие канцеларии и бараат да им се решат нивните проблеми околу државјанството.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Оваа Влада беше таа која ги реши и заостанатите предмети, која предложи и измени и беа усвоени измените на Законот за државјанство, а не само некои декларативни заложби.

Второ, законот што беше предложен и усвоен во ова Собрание, беше разгледан и од сите претставници на Меѓународната заедница овде и со нивна согласност, исто позитивно мислење, верзијата која беше во Собранието тоа беше усогласување со европското законодавство.

И на крајот, Владата не го смени Изет Ризаковски од функцијата, не ни знаев дека е второстепена односно претседател на некоја второстепена комисија во Владата, туку тој беше заменик секретар во Владата, па сменет е секретарот и заменик секретарот на Владата. Според тоа, по фунција, кога веќе не е на тоа место, автоматски не е претседател на второстепената комисија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Третото прашање беше упатено до Министерството за образование и Министерството за финансии, да се даде објаснување.

Има збор заменик министерот за образование Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Прашањето кое го постави пратеникот, по однос на двата проекти, за изградба на нови училишни згради во Никола Штејн во Тетово и Зеф Љуш Марку во Скопје, веќе е поставувано и во јавноста, заради противречни информации се крена доста бука.

За веродостојност на податоците ќе се обидам во кратки црти, без презнтирање, се разбира на некои бројки за кои, ако пратеникот инсистира, ќе ги добие и на писмено, или со помош на заменик министерот за финансии ќе бидат целосно објаснети причините зошто сеуште не е продолжена работата на овие два проекти.

Двата пректи се наследени од претходниот состав на Министерството каде после распишаниот тендер, работата ја добила фирмата “Леснина Инженеринг” за потоа со интерна спогодба фирмата “Леснина” да го префрли тоа “ЕВРОНАЦИОНАЛ” во Охрид, без да има писмена согласност од министерот или распишување на друг тендер, што претставува своевиден прекршок.

На оваа фирма и се префрлени, авансирано, значителна сума на пари преку банковни гаранци и после одредени притисоци работата е започната на двата објекти. Иако имаат некои заеднички црти, сепак имаат и соодветни разлики  кои не можат еднакво да бидат третирани.

Имено за Зеф Љуш Марку работата не можела да започне бидејќи не биле решени имотно правните односи додека за Никола Штејн во Тетово не се започнати работите од чисто субјективни причини.

После повеќекратни разговори кои се водени со сопственикот на фирмата ЕУРОНАЦИОНАЛ, во кој се дадени усмени ветувања од негова страна дека ќе ги започне работите во висина на средствата авансирано исплатени, некои активности веќе се преземени, направени се првични обиди за потоа градежните работи да имаат застој.

После последните разговори кои беа водени пред новогодишните празници, беше договорено работите да продолжат, особено на Зеф Љуш Марку во Скопје. Иако беше дадено ветување од страна на сопственикот на фирмата ЕУРОНАЦИОНАЛ дека тие ќе продолжат, ние согласно законските форми кои ни стојат на располагање, упативме писмо во кое дадовме рок и за Никола Штејн и за Зеф Љуш Марку додека во одреден период од месец дена не започнат повторно градежните работи тогаш Министерството за образование и наука ќе ја прекине соработката со ЕУРОНАЦИОНАЛ и ќе бара враќање на авансираните средства. До ден денес немаме одговор, ниту се повторно започнати градежните работи на овие два објекти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има заменик министерот за финансии, господинот Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Да се надоврзам на она што заменикот министер за боразование го изнесе.

За господин Ружди Матоши да знае, фирмата ЕУРОНАЦИОНАЛ - Транс започнала со градба на овие објекти. Тие се финансирани од ТЕЛЕКОМ  проектите и од екс министерот за образование прилично дарувана со аванси. Што значи во претплата е за неколку проекти кои ги изведува оваа фирма, од 90 милиони и неколку стотици илјади денари. Тоа значи дека има добар аванс кај оваа фирма кој стои скоро година дена, има реална основа. Не само усмено треба тоа и писмено да го потврди и да ги одработи тие и за Никола Штејн и за Зеф Љуш Марку и на Природноматематичкиот факултет информатичкиот центар што е започнат да се

гради. Меѓутоа направени се тука многу престапи во однос на спроведување на Законот за јавни набавки, од аспект на прекршување на законските одредби, во смисла на преотстапување на добиениот тендер, а законот е прецизен, доколку пролангираниот се откаже, се повикува второрангираниот и со него се заклучува договор, што фирмите тоа не го направиле, но заклучиле договор и добиле согласност од екс министерот и добиле дури и авансни средства. Сметам дека оваа работа треба што побрзо да се заврши. Интенција на Владата е ТЕЛЕКОМ проектите да се расчистат и да се завршат објектите. Тоа и ќе го направиме. Меѓутоа низ сета правна процедура и низ сите процедури кои ги налага Министерството за финансии, овие пари треба да се расчистат, да се спроведе процедура која ќе значи авансираното да се одработи, дозволите потребни за градба да се добијат и да се завршат училиштата затоа што тоа е интерес и на Министерството за образование и на наставниците и на учениците и на Министерството за финансии кое во еден дел е вклучено во оваа процедура.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Матоши имате коментар.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ние треба да објасниме пред јавноста што се прави во тој правец, на аналитички и на елементарен начин, што се работи со овие објекти, бидејќи има една дилема, како може во објектите во кои учат ученици албанци да се одолговлекуваат работите, оваа фирма ја дава работата на друга фирма, таа фирма не работи, не ги извршува работите, бидејќи некој бара провизија и други работи. Затоа јас констатирам дека овие прашања треба да бидат јавни, да се каже пред јавноста зошто работите не се одвиваат натаму и зошто имаме проблеми токму со објекти како што е објектот за вода, објектот Никола Штејн, Зеф Љуш Марку, работи кои се однесуваат на албанците, а државата не реагира. Тој што ја зема работата и не ја завршува треба да го приведеме. И ние овде како пратеници кои имаме имунитет од државата треба да се заложиме овие работи да бидат потранспарентни и тие кои вршат криминал да одат во затвор, а работата не треба да престане.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Всушност ние ги пегламе работите и односите во законска форма, ги доведуваме во законска форма и ги бришеме сите оние недостатоци и аномалии кои што претходната Влада, и претходното Министерство ги направило преку низза погрешни чекори во однос на овие два проекти. Дека оваа фирма нема аномалии само во однос на овие два проекти, односно на тн., албански проекти, како што вие

така ги нарековте. Може да ви дадеме и писмена листа на сите оние други објекти во кои што оваа градежна фирма навистина има направено огромни аномалии, незавршени работи и со неа имаме намера да поведеме повеќе судски спорови. Значи не станува збор заради етнички пристапи, туку овдека станува збор за надостатоци кои што од друга природа се покренати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега на ред е г-динот Коце Трајановски. Јас уште еднаш колеги апелирам да бидеме пократки и по децидни во одговорите и во дополнителните прашања, за да можеме повеќе пратенички прашања да поставиме.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, потпретседателке, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе поставам три пратенички прашања.

Првото прашање ќе биде до министерот за труд и социјална политика, или ако не е тука до Владата на Република Македонија. Имено, деновиве е актуелен штрајкот во образованието и во детските градинки. Министерот за труд и социјална политика кој во исто време е и претседател на економско социјалниот совет во Република Македонија, сметаме дека го крши законот за работни односи, законот за штрајк, и колективните договори во Република Македонија, со тоа што нема дијалог со социјалните партнери, иако знаеме дека колективниот договор е света работа и за тоа нешто паѓале и влади. Според најавите на синдикатот постои обемна документација, што тие ќе ја презентираат пред странските мониторинзи за извршените притисоци за време на штрајкот.

Имено, имаме сознанија дека се работи за притисок врз директорката на школите и градинките, за тие да извршат притисок врз наставниците и професорите, како и во детските градинки, за да може наставата да се одвива нормално. Последиците од ваквиот начин на немање на дијалог меѓу Синдикатот и ресорните министерства најмногу го чувствуваат учениците во Република Македонија, кои што сега не одат на настава, а преку нив и родителите и фамилиите на тие ученици.

Моето прашање ќе биде: Зошто ресорното министерство не презема никакви мерки во врска со законската обврска на Владата, за почитување на колективните договори со надлежните синдикати и со сојузот на синдикатите на Република Македонија и каква ќе биде сликата на Република Македонија пред меѓународната заедница од ваквото однесување на Владата и на ресорните министерства.

Второто прашање, се однесува до Владата на Република Македонија, а се однесува за раселените лица во нашата држава. Имено, јас ова прашање го поставувам неколку пати и ќе го поставувам се додека не видам дека има решение или има начин како ќе се реши овој проблем. Имено, повеќе од две години, повеќе од 2000 раселени лица се надвор од своите домови во скопско, од Арачиново, од Сарај, во кумановско од Матејче и од другите села, во тетовско, тие живеат во прифатни центри, или во приватни куќи, во многу лоши или крајно лоши услови каде што по осум члено семејство живее на 8 квадрати, значи по еден квадрат за еден член, со заедничка кујна, со заедничко ВЦ, со заедничка перална, значи крајно лоши услови. И поради вака лошите услови и жалоста која што ја имаат спрема своите домови, само од Арачиново до ова време има починато во овие домови околу 15 луѓе. Главна причина за нивното не враќање тие ја споменуваат безбедносната состојба од таму од каде што доаѓаат, и исто така, немањето на услови таму каде што треба да се вратат. Имено, нивните куќи се разрушени, и нема каде да се вратат да живеат.

Моето прашање до Владата гласи.

Кога и како планира Владата на Република Македонија да го реши враќањето на раселените лица во нивните домови и кога ќе им ги подобри условите во времените живеалишта, со оглед на тоа што тие времени живеалишта веќе полека стануваат и трајни живеалишта за овие раселени лица.

Третото прашање ќе го поставам до министерот за економија. Прашањето гласи: кога министерството за економија ќе го реши, или планира да го реши снабдувањето со квалитетна електрична енергија на приградските скопски населби, т.е. села. Ќе спомнам само дел од нив. Тоа е во општина Петровец, село 'Рженичино, село Огњанци и останатите села во општина Петровец. Во општина Илинден, голем број на села, во општина Гази Баба, тоа се Трубарево, Јурумлери, Колонија, Скопско поле, Идризово, Стајковци, Смирковци, Цришево, Виниче, Булачани, Раштац. Во општина Чаир исто така, во општина Чучер Сандево исто така, во општина Ѓорче Петров. Сите овие се од изборна единица 2, што јас како пратеник имам обврска да го кажам ова. Тие имаат електрична енергија со напон помалку од 110 волти, или скоро половина од потребната, па им прегоруваат основните апарати за домаќинство, телевизори, фрижидери и останато. За затоплување со електрична енергија не може да стане збор. Тие исто така, поднесуваат тужби до Електростопанство на Република Македонија за последиците и штетите кои ги трпат од ваквата електрична енергија. Зборувам за редовни

плаќачи за електрична енергија. Од друга страна сведоци сме дека има извештаи од некои региони во Република Македонија каде што налатата на електрична енергија е помалку од 10%, а сепак добиваат квалитетна електрична енергија. Пред извесно време беше пуштена и трафостаницата Бутел или Скопје 3, меѓутоа селата кои се блиску до неа Смирковци, Црешево, Раштак, Булачани, Стајковци, воопшто не ја почувствуваа полезноста или користа од ваквата инвестиција. Сметам дека е крајно неправедно и крајно време е да им се реши снабдувањето со електрична енергија на жителите на овие населени места, бидејќи во крајна линија зборуваме ние за децентрализација и доколку им се укинат и општините каде што некаде се планира, незнам кој ќе се бори за овие луѓе. Исто така и нашите определби дека луѓето ќе треба полека од градот да се враЌаат во селата а не од село да одат во градот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше поставено до Министерството за труд и социјална политика.

Ќе одговори г-динот Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Не е точно дека не отпочнавме дијалог со социјалниот партнер, бидејќи во текот на вчерашниот ден имавме сериозен 12 часовен разговор со претставниците на СОНК во кој што навистина, во тој 12 часовен разговор отворивме многу сериозни прашања и дилеми, кои што се однесуваат на реализзација на обврските во однос на постојните колективни договори, односно прашањата за потребата од измени и дополнувања на колективните договори и потпишување на нови колективни договори.

За јавноста и за почитуваниот пратеник да знае заеднички констатиравме дека откако општиот колективен договор е потпишан и Рамковните колективни договори се потпишани, никогаш не се реализирала обврската од 25% за исплаќање на хранарина, што значи дека и во минатиот состав и претходната Влада не ја исполнувала оваа обврска и не исплаќала таков износ. Што не значи дека оваа влада ја избегнува таа обврска и започнавме дијалог на кој начин, согласно со реалните услови и можности, кои што сега во Република Македонија постојат да се одговори на ваквите обврски и да се задоволат барањата на огромниот број вработени во овој сектор.

Мене ми е жал што во јавноста беа пласирани такви информации, бидејќи согласно со сите оние барања, кои што беа поставени на дневен ред во тој дијалог на партнерите, реализиравме речиси 95% од нивните барања, кои што се однесуваат навистина, на суштински проблеми, кои што тие ги потенцираат. Заради јавноста, да не елаборирам пошироко, само ќе спомнам дека Владата се согласи да пристапи кон потпишување на четири нови колективни договори во делот на социјала и труд, каде што се однесува за детските градинки, за културата, но колективен договор за високото образование, нов колективен договор за наука, и измени и дополнувања на стари колективнидоговори за основно образование и за средно образование. Владата се согласи да ја дефинира минималната плата која што ќе биде дефинирана во сите овие шест колективни договори по однос на соодветна методологија за која што требаше дополнително да разговараме. Владата се согласи да исплати надоместок за пат на над 2 километри, онака како што стои во колективните договори со анализа на досегашните исплаќања по однос на овој надомсток. Владата потенцираше дека сите буџетски институции кои што примаат плата и надоместоци од Буџетот, примаат еднаков износ од 20% согласно со Законот за извршување на Буџетот.

За да не настане дезинформација во јавноста дека во делот на здравството, значи се прима поголем износ, здравствените работници примаат плата од Фондот, кој што не е со ист третман како буџетските корисници кои што го примаат овој надоместок. Значи во делот на исплатата на 25% од просечната плата во Република Македонија за надоместок за исхрана владините претставници заклучија дека во овој момент во Буџетот не се располага со толку големи средства од 9,2 милиони евра, со кој што ќе се изврши надоместок во однос на сите 70 илјади буџетски корисници и препорача до Синдикатот да се отпочне дијалог за изнаоѓање на посоодветна форма преку пристапување на измени во одредбите на општиот колективен договор чии што важност истекува за три месеци. Значи, да се пристапи веднаш кон измени во овој дел и изнаоѓање на заедничко решение кое што Владата ќе може согласно реалните услови кои што сега постојат да го реализира со цврсто дадени гаранции на презамените ингеренци. Значи, во овој момент од страна на синдикатот беа прекинати разговорите, бидејќи не беше одговорено позитивно само на ова барање, иако се покажа спремност и беа предложени други моделитети во трансферирање на овие надоместоци со вградување во плата, разговори за клои што беше најавено како интересна тема од Синдикатот дека во друга прилика ќе се

разговара. Тоа е вистинскиот одговор за сите збиднувања кои во текот на вчерашниот ден се случија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трајановски дали имате дополнително прашање.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мојата дилема е зошто толку чекавте. Значи зошто чекавте дури вчера да биде тој 12 часовен состанок, кога знае целокупната јавност дека овој штрајк уште минатата година се најавуваше. Пред неколку месеци мислам дека се најавуваше, меѓутоа, упорно се чекаше, се додека не испадна како на сила да е седнато и тоа го почувствуваа сите деца, сите ученици во Република Македонија. Сега сите деца знаат што е штрајк. Каде сте, ние сме на штрајк. Значи не се професорите на штрајк, излегува, малку во жаргон кажано учениците се на штрајк. Значи многу лоша порака, многу лошо воспитување. Затоа би и препорачал на Владата, бидејќи има најавувани и многу други штрајкови, тие преговори околу колективните договори, околу нивните барања тие навреме да се прават, а не како сега да почнат дури откако ќе се затворат школите и градинките. Очигледно веќе последиците се направени. Сега ние само ги исправаме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На следното прашање ќе одговори г-динот Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Зошто толку се чекаше а се чекаше 8 години за да биде имплементирана оваа одредба од колективните договори? Одговорот е прост, се чекаше заради тоа што така му се даде одговорот на Синдикатот, затоа што во буџетот сега за оваа намена нема обезбедено средства за исплата на хранарина во висина од 25% од просечниот личен доход во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање беше упатено до Владата, се однесуваше на раселените лица, меѓутоа, не е тука министерот Владо Поповски. Ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање беше до Министерството за економија. Меѓутоа, не го гледам министерот Јакимовски доколку се врати ќе одговори, доколку не, ќе ви се одговори писмено.

Одиме понатаму.

На ред е г-динот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Госпоѓо потпретседателке, овој револт доаѓа поради лошата програма направена тука на компјутерите и таа програма ја наметна тука мнозинството. А знаете, кога некое мнозинство го онеправдува малцинството, тоа се нарекува тиранија. А, кога тиранијата поприми догматска нетолеранција, се нарекува диктатура. Затоа јас ќе ве молам, да не доаѓа до вакви нервози и стравувања и деградација на пратениците, вие давате збор онака кој како ќе се јави. Или пак нека се направат броеви, нека се каже кој кога ќе дојде на ред, а не тука 5-6 часа седиме се појавуват едни те исти, еден блок, друг блок. Каде сме ние што не припаѓаме на блоковите. Мислам дека ова веќе не може да се толерира.

Јас ќе поставам некои прашања. Во меѓувреме решив да ги скратам, затоа што веќе никој нема трпение.

Првото прашање го упатувам до Министерството за транспорт и врски, градежништво и незнам се како се вика, а тоа е дали тоа Министерство располага со студии, со анализи, со проекти кои од економски и стручен аспект ќе ги оправдаат намерите за давање на национални концесии на повеќе ТВ канали во Република Македонија при што треба да се има во обзир и ставот на Советот на Европа кој укжува дека прво треба да се донесе закон, на многу владини и невладини организации што укажуваат дека секоја хиперпродукција и трошење на средства во непотребни правци практично нанесува штета, поширока штета на заедницата.

Може усмено, може и писмено да се одговори.

Второто  прашање што сите го гледаме тука во Скопје, на сите раскрисници во Скопје настанува голема гужва од деца, малолетни деца воглавном, кои просат. Да биде трагедијата уште поголема, тука се појавуваат и мајки или сестри кои носат деца од 3-4-5-6-7-8 и година дена старост кои плачат на тие раскрсници. Тие глетки се многу тешки.

Јас поставувам прашање до Министерството за труд и социјална политика зошто не презема мерки тие случаеви да ги решава? Тие малолетни деца кои уште не прооделе практично на -8 или на -10 степени се борат за свој гол живот. Мислам дека тоа е првата глетка со која што се среќава секој  странец кој доаѓа во нашата држава. Тие деца не доаѓаат поради некое задоволство, туку доаѓаат затоа што се гладни.

Мислам дека Министерството за труд мора итно да преземе мерки. Дури на запад постојат форми кога се одземаат таквите деца на родителите кои ги

злоупотребуваат или ги користат во вакви цели или не им обезбедуваат живот и стандард. Оваа држава и по Уставот е социјална држава.

Третото прашање го упатувам до Министерството за земјоделие. Сакам да прашам дали ова Министерство има проект за излез од земјоделието од овие тешки состојби во кои се наоѓа? Ако нема, дали подготвува такви проекти?

Земјоделието е најважна гранка на секоја држава, на секоја земја. И најразвиените земји кога ќе ги погледате по гранки, после автомобилската индустрија земјоделието остварува најголеми приходи. Затоа што асортиманот за производство е огромен. Затоа што таму е обновлива енергијата, обновливо е производството. Земјата не се троши. Се користи водата, сонцето. Во толку повеќе, во толку посложена е ситуацијата што преку 70% се увезува храна во Македонија. Знаеме до што доведува еден таков увоз. Прво е неквалитетна храна, а второ земјата се задолжува девизно. И, при таков еден проект да се види на кои гранки ќе се даде еден приоритет, како ќе се решава производството, како ќе се поврзуваат системите меѓу себе, примарното производство, преработката итн. Крајно е времето да се зафатиме со практижни решенија во оваа држава. Инаку, нема да ни помогне ништо во приближување кон Европа ако не ја развиеме економијата во државата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Првото прашање беше поставено до Министерството за транспорт и врски.

Повелете господине Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

На пратеникот ќе му доставиме писмен одговор со еден преглед за досегашните активности од страна на Министерството за транспорт и врски, а пред се во процесот на изработка на законот како за радио дифузија така и за телекомуникации и во воведување ред во радиодифузната дејност. Значи, ќе доставиме писмен одговор до пратеникот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше поставено до Министерството за труд и социјална политика.

АЛИ МАКСУД:

Пратеникот Љубисав Иванов потполно е во право. Постојано центрите за социјална работа прават напори барем овој проблем да се минимизира. Но, една убава вест, од оваа година ќе почне да профункционираат дневните центри за

улични деца. Со профункционирањето на дневните центри, барем колку-толку ќе се минимизира овој проблем. Но и ако не се минимизира, барем ќе имаат добри услови во тие центри. Сепак, факт е дека центрите за социјална работа не беа во состојба овој проблем потполно да го исклучат. Факт е дека не се соочува само Македонија со овој проблем. Низ цел свет има вакви проблеми. Но, мислам дека со дневните центри ќе имаме едно подобрување во овој поглед.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Иванов дали сте задоволни од одговорот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Да, задоволен сум и од двата одговори но сакам ефикасни мерки во таа насока.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Третото прашање е поставено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменикот министер, повелете.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Што се однесува до развојот на земјоделството во 2004 година, во Секторот за земјоделство се наоѓаат сите средства од Фондот за земјоделство што се трансферирани и тие средства од околу 460 милиони денари ќе бидат распределени врз основа на Програмата за развој на земјоделието во 2004 година што ќе треба да биде подготвена до 31 март оваа година.

Што се однесува до другите проекти, како што е ГТЗ, Водостопанство ИФАТ итн, каде што исто така има големи инвестиции, пратеникот Иванов ќе добие писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Иванов, дали сте задоволен од одговорот?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Да, само јас сакав еден комплетен одговор затоа што земјоделието е комплетно и не го решаваат средствата за оваа година. Туку, дали постои еден проект за долгорочно решавање на овој проблем, како од аспект на производството, од аспект на преработката, во обезбедување на средства и во која насока сите инвестиции ќе се вложуваат?

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Прашање поставува г. Џезаир Шаќири.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Госпоѓо потпретседателке, не сакам да се заблагодарам за зборот што ми го дадовте. Причината е дека е многу јасно и на јавноста и е сосема јасно, од 11,00 часот сум тука, а вие на двете најмали партии или на двајцата пратеници им обезбедивте само половина час пред завршување на денешната седница. Сите се сведоци дек ана една или друга партија не знам колку пратеници поставија прашања, но се надеваме дека во иднина ќе ги почитувате нашите права и дека ќе ги исправите грешките не само вие, туку и претседателот на Парламентот. Верувам дека ќе сакате можеби да ги оправдате овие однесувања но мислам дека немаат место.

Моето прво прашање се однесува до министерот за култура, но не гледам дека е тука присутен претставникот, но не знам на кого да го поставам прашањето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тука е заменикот министер госпоѓа Мелпомени Корнети.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Првото прашање се однесува до Министерството за култура. Станува збор за 2001 година. Иако некој региони не беа опфатени со кризата, Прилеп и Битола, особено станува збор за чаршиската џамија во Прилеп што во 2001 година од неколку вандалисти беше опожарена. Имајќи предвид дека овие објекти се многу стари, датираат од 1465 година, значи од 15, 16, или 17-ти век, што направи Министерството за култура за нивно обновување или зачувување на овие објекти? Или пак има некој друг план за некои други објекти?

Ја спомнав 2001 година. Ја спомнав џамијата во Битола. Значи џамијата Ишакија во Битола што е навистина доста оштетена и џамијата Асан Баба во Битола исто така, така што поминаа неколку години, а Министерството за култура ништо не прави за нивно одржување или зачувување на ова богатство на културата и архитектурата. Тоа е од корист на државата.

Второто прашање се однесува до Министерството за транспор и врски.

Во проектот на Буџетот на Владата постои еден буџет од 840 германски марки за патот Скопје - Танушевци. Во ова Министерство е потпишан договор со “Бетон”. Како причина или како образложение на моето поставено прашање да кажам дека мислам дека оти не е постигнат некој ефект, не е преземена никаква акција за

изградба на овој пат. Но, сведоци сме дека пред 3 месеци по три средби со една фирма од Куманово сега започнаа со изградба на тој пат, но започнаа со изградба на првите 5 км. Од тендерот јасно се гледа, што беше објавен од Министерството, од Бетон до фирмата во Куманово, значи помина низ многу раце, преку многу комисии и остана само 1/4 од тој Буџет од 804 иљјади германски марки за изградба на овој пат, на оваа релација. Мене ми изгледа дека овој проект од 5 км. со вредност од 804 иљјади германски марки навистина е многу скап пат и не знам дали се инвестирани во овие 5км. еден дел од овие пари. Затоа би побарал од Министерството за транспорт, по можност писмено да ми се одговори што навистина се случува со овој проект.

Последното, трето прашање е упатено до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со селата Танушевци и Малино, жители кои се оставени надвор од сите проекти на Владата. Тие, навистина страдаат секојдневно во однос на нивната егзистенција, што се вели за корка леб. Прашањето е дали имаат предвид да им излезат во пресрет и да има дадат некоја симболична помош на жителите на овие села кои се соочуваат со големи проблеми и каква е таа поомш?

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

И давам збор на заменикот министер за култура г-ѓа Мелпомени Корнети.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Почитувана г-ѓо потпретседател, почитувани пратеници, колеги министри,

Да, точно, за жал, како што е познато во текот на конфликтот од 2001 година настрадаа голем број споменици на културата. Сето тоа е евидентирано, направени се проекти за санација. До сега добар дел од нив се санирани, дел со средства од Министерството за култура, а дел благодарејќи на меѓународната поомш.

Во однос на конкретните објекти за кои г. пратеник прашува, информациите би биле следни:

Џамијата во Прилеп, објектот , обезбедени се средства и таа е еден од приоритетите од Програмата на Министерството за култура за 2004 година. За не се предвидуваат средства за целосна реконструкција.

Што се однесува до џамијата во Битола таа е сеуште на листата објекти кои чекаат на санација. Дали тоа ќе биде во текот на годината со средства што дополнително ќе би обезбедиме или дел од средства што ги бараме преку

меѓународни фондации за што всушност чекаат и други објекти што беа оштетени во тој период. Сеуште неможам да одговорам. Кога ќе имаме сознание, ќе можеме и лично да го известиме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам,

Господине Шакири, дали сте задоволен?

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Да, делумно сум задоволен.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Второто прашање е поставено до Министерството за транспорт и врски.

Има збор г. Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Пратеникот побара писмен одговор, така што таков одговор ќе добие.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На третото прашање ќе одговори заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Кризните подрачја како што се Брест, Танушевци и Марино првенствено се занимаваат со земјоделство и сточарство. Врз основа на тоа минатата година нешто помагавме преку Фондот за земјоделие со неповратни средства, со семенски материјал, сточна храна итн. Што се однесува до оваа година исто така планираме да помагаме. Најверојатно тоа ќе биде преку стапката за рурален развој од Секторот за земјоделство, од средствата, каде што тие места се бават таму со садење со семенски компир. Има нешто сточарство, но во секој случај би сакал да ги земат тие средства што ќе се потрудиме да им ги поделеми, а после тоа да кажеме дека е завршено.

Во секој случај во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кредитната линија ИФАТ-2 е во тек што е отворена за сите граѓани во Република Македонија и можат да конкурираат сите земјоделци. Нашиот момент е завршен, оваа кредитна линија до банките каде треба да се обратат граѓаните.

Понатаму, за време сеидбената сесоза од Министерството се прави список за поделба за вештачко ѓубриво што оди преку некои агенции, така што тука можат да се вклучат. Исто така и за другите моменти што се отворени за сите граѓани.

Ќе потенцирам уште еднаш дека од почетокот, ако некој бил горе во Танушевци, Брест и Марино, тоа било Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство токму за тоа што е тоа земјоделски и сточарски крај, а истото ќе го имаме предвид и оваа година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Шаќири дали сте задоволен.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Вистина е тоа што заменикот министер го кажа дека вие сте единствените кои направивте нешто. Ние сме сведоци за тоа. Ви благодарам за помошта минатата година. Помогнавте толку колку што можевте. Не зависи од вас. Имаше неколку килограми семенски компри, потоа компири, грав итн. Но би сакал да направите нешто повеќе, бидејќи тие луѓе навистина имаат потреба и навистина најмногу страдаат. Тие живеат исклучиво од хуманитарна помош.

Барањето е да имате повеќе проекти. Кога ќе видам во Скопје дека претседателот во Скопје Ристо Пенов иако има неколку спортски сало со едно движење на прстот дава неколку милиони евра за изградба на нова спортска сала а нема неколку илјади евра да им помогни на тие села. Не треба да заборавиме дека Владата им вети многи, а досега нема ништо направено.

Значи, секогаш, тие луѓе кога се незадоволни, но тоа се чувствителни, кротки луѓе кои очекуваат да им се помегне од сите влади, но навистина мора да се признае дека воопшто не е направено ништо или  многу малку е направено. А, во сета оваа работа одскокнува вашето минисатерство, дека сепак дало некаква помош.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму.

Беа пријавени господата Назми Беќири, Зоран Томиќ и Коста Прешоски, но тие се откажаа.

Сега сум на ред јас. Имам две кратки прашања и дозволете ми да се обратам како пратеник.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Двете прашања се однесуваат до Владата.

Првото се однесува на тоа дали Владата размислува или подготвува некоја програма за планирање на човекови ресурси. Тоа е нешто што е вообичаено во организирани земји, затоа што сите ние даваме и издвојуваме средства за едукација на млади луѓе, меѓутоа, со оглед на тешката економска состојба не сите или недоволен број од тие луѓе понатаму се вовлекуваат во системот, посебно недоволен број од оние најквалитетните врвни луѓе успеваат да влезат во државната администрација или во одредени институции за да можат да работата дикретно за државата, во нејзина корист и да ја унапредат. Затоа, сметам дека такво нешто е многу потребно. Знаеме дека човековите ресурси се дел, еден сегмент од човековиот развој што го покриваат Обединетите Нации преку УНДП програмата и веројатно би можело да се разговара на тој план и со таа институција, а можеби и со некои други.

Она што можам да го кажам афирмативно за Владата, тоа е секако дека најголемо внимание на младите кадри се посветува во Секторот за европска интеграција, каде преку специјални обуки дел од младите луѓе се праќаат на доедукација надвор. Меѓутоа, со оглед на буџетските рестрикции што ги имаме поради аранжманите со ММФ, реално не сме во состојба сега да ги воспримеме сите тие високоедуцирани кадри. А нам во државната администрација ни треба навистина една природна смена на еден природен тек да тече, за да можат младите луѓе да научат од оние високоедуцирани луѓе што сега работат во администреацијата пред тие да заминат во пензија, но истовремено со својата свежина и нов приод во работата да ни помогнат побрзо да се приближиме до светските стандарди.

Значи би замолила за одговор на прашањето дали Владата размислува на овој план  за некоја програма за планирање на човековите ресурси. Има многу позитивни примери во светот. Да не должам, имам и некое кратко истражување кое би можело исто така да биде доставено.

Второто прашање се однесува исто така до Владата: дали Владата размислува за флексибилно работно време. Со оглед дека на некој начин го иницирав размислувањето и во Владата за промена на времето за администрацијата, од 7,00 или 7,30 часот да биде подоцна, да се усогласи со европските стандарди, меѓутоа, притоа мојата дискусија беше во насока на тоа дека тоа време треба да биде флексибилно на почетокот и на крајот на работата, со

определени фиксни периоди за работа со странки, за внатрешно обавување на задачите и слично. Се соочувам со непријатна ситуација кога од една страна голем дел афирмативно го примија поместувањето на работното време, меѓутоа, се јавуваа одредени реални проблеми со сообраќајниот хаос и со некои реални потреби на вработените, така што би сугерирала ако може да се воведе флексибилно работно време. Претпоставувам дека тоа е работа на техника и прашањето е дали Владата размислува во таа насока.

Во име на Владата претпоставувам дека ќе одговори Радмила Шеќеринска, потпретседател на Владата.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Вие споменавте едно од прашањата кое навистина неможе да се упати на еден ресор, туку покриваат работа во повеќе различни ресори. Во држвата во претходниот период од неколку аспекти е разгледувано прашањето на капацитетите на државната администрација и од аспект на реформи во јавната администрација, кои по малку се диктирани или определени со соработката што ја имаме со Светската банка и во поглед на ограничувањата на бројот на вработени во јавната администрација, дефинирани со нашиот аранжман со ММФ, меѓутоа, и преку работата на специјална институција која е задолжена за спроведување на вакви програми за планирање и развој на човечките ресурси, а тоа е Агенцијата за државни службеници на Република Македонија. Неколку проблеми беа детектирани од сите страни.

Прво, сите се согласуваат дека имаме преголема јавна администрација, која и покрај тоа што е голема на број, не може ефикасно да ги пружи на граѓаните услугите што од неа се бараат. Значи, многу се, меѓутоа, недоволно ефикасни. Заради тоа во рамките на програмата со Светската банка ќе тече процесот на реформи во јавната администрација, чија цел нема да биде само намалување или доаѓање до некоја оптимална бројка во јавната администрација, туку пред се зајакнување на нејзините капацитети. Трошоците што ќе се направат при обука на кадрите на јавната администрација секогаш се исплатливи според сите досегашни искуства. Според наши сознанија и она што Агенцијата за државни службеници го предлага, секоја од овие обуки значи подобрување на капацитетот на администрацијата. Ние до сега се обидувавме во партнерство со некои други влади и организации да ја направиме цената на тие обуки колку што е можно пониска за државниот буџет. Така, од страна на Агенцијата за државни службеници веќе

неколку години тече Програма за развој на јавната администрација во соработка Француската Влада. Неодамна заврши едниот турнус на обуки на државни службеници и очекувам во наредните две недели да го означиме почетокот на новата година на обуки во државната администрација.

Со организацијата што и вие ја споменавте, а тоа е УНДП, разговараме околу можна програма со која ќе ги поттикнеме и граѓаните на Република Македонија кои заминале во странство на соодветен начин или со соодветни привилегии или подобри понуди да се приклучат на јавната администрација во одрдени сектори и поддршка, на пример на странските инвестиции, поддршка на претприемаштвото, сектори каде што ни треба малку и надворешно знаење, да ги поттикнеме да се вратат во Република Македонија и да и помогнат на јавната администрација.

Во делот на обуките, точно е дека акцентот во следните две години ќе биде ставен на специјализираните обуки од ЕУ - ориентација, кои ќе бидат на располагање на голем дел државни службеници. Досега проценките се дека околу 1600 државни службеници ја минале оваа обука, меѓутоа, во следниот период таа бројка мора да се зголеми и од една општа обука од ЕУ прашања ќе треба да се специјализираме во разни сектори, особено во секторите како што се економија, финансии, земјоделство и слично кои се најпотребни за приближување на Република Македонија кон ЕУ.

Се обидовме и на дополнителни начини да изгледаме привлечни како администрација за младите таленти во Република Македонија. Од минатата година ја започнавме програмата на стипендирање на постдипломски студии за европски интеграции на сите оние млади кои се запишаа на некоја од високообразовните институции во ЕУ, им нудиме целосна стипендија за време на нивниот престој на овие универзитети, а за возврат бараме тригодишен ангажман во јавната администрација, каде што ќе треба да работат на овие прашања и сметаме дека овие стипендии се секогаш исплатливи.

Меѓутоа, клучното прашање кое што вие делумно го поставивте, а ја измачува јавната администрација на Република Македонија е како да успееме да ги задржиме најдобрите кадри во администрацијата. Конкуренција е неиздржлива. Во приватниот бизнис овие кадри се барани и се добро платени. Кај јавната администрација важат правилата кои на сите ни се познати и кои се прилично ограничувачки.

Јас можам само да најавам дека Владата веќе неколку пати дискутираше околу овој проблем. По Законот за државни службеници е предвидено дека од 2004 година ќе почне процесот на декомпресија на платите во јавната администрација,

кои се однесуваат на државните службеници. Владата веќе подготви неколку информации во оваа смисла и очекувам дека во следните два месеци тие ќе бидат точка на разгледување и во Собранието на Република Македонија. Нашето барање односно нашето мислење е, доколку не создадеме механизам на позитивна конкуренција во администрацијата, каде што оние кои се подобри, поискусни, со подобри резултати не се и соодветно наградени, дека трендот на намалување на ефикасноста на администрацијата, трендот на намалување на знаењата во администрацијата ќе се намалува и дека административните капацитети и понатаму ќе продолжат да се намалуваат. Административниот капацитет ни е клучен и за економските реформи, административниот капацитет ни е клучен и за политички реформи, административниот капацитет е четвртиот предуслов и за влез во ЕУ. Ќе има и прашања кои што дополнително ќе можат да се отворат, меѓутоа, во следните два месеци очекувам ова прашање да биде предмет на дискусија и во Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ако може накусо да одговорите и на второто прашање и за работното време.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Во овој дел би ви дале како Влада како писмена информација, бидејќи немаме на тој план дефинитивен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има уште двајца пријавени за поставување прашања, бидејќи еден голем пакет од шесмина од опозицијата отидоа, вклучително со претставниците кои имаат од партиите по еден претставник, тие се исто така од опозицијата. Од позицијата е пријавен само еден, а тоа е Слободан Најдовски, а од опозицијата е пријавена госпоѓата Силвана Бонева, Илјаз Халими, но го нема тука, Ѓорге Паљошковски и Драго Шајновски. Ако може накратко само по едно прашање барем да слушнеме. (Реакции) Вие писмено доставете ги, а господинот Најдовски да го слушнеме.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКи:

Прашањето ќе биде сосема кратко. Деновиве прочитавме во весник дека веројатно последниот апарат за компјутеризирана томографија е вон употреба и моето прашање е конкетно.

Дали се преземаат мерки за поправка на апаратот за компјутеризирана томографија или најнародски речено компјутер за снимање во Медицинскиот центар

во Битола. Овој апарат не работи од октомври 2001 година. Со оглед на времето не би давал образложение.

Со оглед на тоа што сакам да дадам можност и на опозицијата, за вработените во Службата 988 го поставив завчера кога дискутиравме за телекомуникациите и писмено ќе го поставам. Значи, барам одговор само на прашањето за апаратот за компјутеризирана томографија што е во Медицинскиот центар во Битола дали има шанси и кога ќе се поправи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор министерот за здравство, господинот Реџеп Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Во интерес на времето јас ќе бидам краток со одговорот. Точно е дека подолго време овој апарат за компјутеризирана томографија во Битола не беше во функција. Пред два месеци е добиена согласност од Фондот за здравствено осигурување за одобрување на средствата. Избран е најповолниот понудувач, односно сервисер, а тоа е Сименс и очекуваме дека во месец февруари овој апарат ќе биде ставен во употреба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Најдовски, дали сте задоволен од одговорот?

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Да задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред да постави прашање е госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Моето прашање е до Владата на Република Македонија.

Со цел успешно да се справиме како држава со организираниот финансиски криминал, Владата и посебно Министерството за финансии, во согласност со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, си постави конкретни мерки односно активности за спречување на организираниот криминал. Меѓу нив, измена на законодавството, соработка на финансиската полиција со Дирекцијта за спречување за перење на пари и Одделот за организиран криминал на Министерството за внатрешни работи и екипирање на финансиската полиција. Како прв чекор е поставеното кадровското екипирање. Знаеме дека во финансиската полиција има девет вработени, кои се сместени во една просторија.

Понатаму, како втор чекор на Владата е утврдено техничкото опремување, немаат апсолутно никаква техничка опрема, а зборуваме за финансиска полиција и,

како трет нејзин чекор во конкретните мерки кои таа ги има предвидено е едукацијата и тренингот. Благодарение на Американската влада и УНДП се врши обука на овие финансови полицајци, меѓутоа, овде нема многу вработени, но за да бидат ефикасни неопходно е потребно нивно техничко опремување, создавање основни услови за работа и згора на се веќе подолг временски период од оставката на нивниот директор до денес нема именувано директор на финансовата полиција. Значи, како тогаш ќе може воопшто да има некаква соработка на финансиската полиција, Дирекцијата за спречување на перење на пари, а камо ли со Одделот за организиран криминал на Министерството за внатрешни работи кога финансиската полиција нема ниту директор, реков за опремата и кацелариите, значи апсолутно е оневозможена да работи. А бидејќи Владата постојано зборува дека се залага за борба против финансискиот криминал и најголемите забелешки од ЕУ се токму на тоа, значи успешно да се справиме со организираниот криминал во државата.

Моето прашање до Владата е:

Кога Владата ќе го изврши кадровското и техничкото екипирање на финансиската полиција, со цел да овозможи конечно да профункционира финансиската полиција и да имаме еден солиден основ за борба против криминалот и корупцијата во државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот Димко Кокароски, сака да одговори на поставеното прашање.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Во интерес на времето, накратко ќе дадам некои напомени. Финансиската полиција функционира. УСАИД и Американскиот трезор направија соодветни обуки за луѓето кои се вработени, точно 9 и мислам дека таа екипа е подготвена да понесе товар и да стартува дефакто со активностите и задачите кои и припаѓаат според Законот за финансиската полиција. Директор ќе поставиме во најскоро време, тоа не е едноставна работа само така да поставиме директор. Во процедура е сето тоа прашање. Го решаваме и прашањето со простор и опрема. Според тоа, имаат услови за работа до одреден степен, од кој и јас не сум задоволен, треба да имаат уште подобри услови, меѓутоа, за почеток бидејќи се создава нова институција, се она што се прави во еден доволен степен е доволно за да можат тие да стартуваат со вистинските активности.

Исто така, со донесувањето на законот за спречување на перењето на пари ќе ја комплетираме, и со новата систематизација на Министерството за финансии,

Дирекцијата за спречување на перење на пари, така што овие два органи од наша страна ќе бидат подготвени да ги извршуваат законските обврски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Госпоѓо Бонева, дали сте задовона од одговорот?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Се надевам дека сето тоа што го кажа заменикот министер ќе биде реализирано во интерес на државата Република Македонија и справување на криминалот во државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Писмено најавија дека ќе бараат одговор господинот Паљошкоски и господинот Шајновски. Можете да ги кажете прашањата.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОСКИ:

Почитувана потпретседателке,

Моето прашање е до министерот за образование.

Пратеничкото прашање е: Со образложение дека таков е ставот на Министерството за образование, на 29.01.2004 година, во Основното училиште "Мануш Турновски" во Ново Село при прием на нови наставници по одделенска настава е извршена проверка на познавањето на македонскиот јазик и кириличното писмо, па го прашувам министерот за образование и наука по кој закон на основното образование е направено тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Доколку сака министерот, може и веднаш да одговори.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Нема ниту усмено ниту писмено некое упатство од Министерството такво нешто тие да направат. Ако тоа го направиле, тоа е одговорност на директорот кој тоа го спровел, а ние можеме да провериме како дошло до тоа и можеме ли писмено да ве инфромираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Паљошковски претпоставувам дека сте задоволен од одговорот.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОСКИ:

Од одговорот на министерот сум задоволен, меѓутоа, ќе барам во писмена форма да бидам известен и да проверат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И последното прашање ќе го постави пратеникот Драго Шајноски и со тоа завршуваме.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Моето прашање е до министерот за транспорт и врски.

Кон актуелноста на прашањето околу корупцијата и митото за издавање на меѓународните транспортни дозволи ЦЕМ за камионџиите и неажурноста на Министерството во издавањето на истите, се надоврзува и криминалот во продажбата на црно на тие дозволи, кој директно е поврзан со луѓе на високи позиции во Министерството а за ваквата состојба е запознат и самиот премиер. Кон ова само се надоврзува како пример неодамнешниот случај на уапсени граѓани во Неготино при продажба на ЦЕМ дозволи.

Прашањето е: какви мерки се преземени или се преземаат за уништувањето на оваа појава и за отстранувањето на инкриминарите кадри.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Гледам дека веќе е заминат заменикот на министерот, господинот Дејан Кошутиќ, така што ќе добиете одговор во писмена форма.

Со ова ја заклучувам Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 18,10 часот.)